УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

СКОПЈЕ

Институт за педагогија

Последипломски студии по менаџмент во образованието

# ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА - СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

-Магистерски труд-

студент

Верче Чапова

досие бр. 4319/11

ментор

Проф. д-р Елена Ризова

СКОПЈЕ 2019

**Апстракт**

Честите промени на пазарот на труд, брзиот развој на нови знаења и технологии ја наложуваат потребата од постојано вложување во процесот на доживотно учење, обука и едукација. Системот на стручно образование и обука како многу важен  чинител во развојот на работна сила е соочен со предизвикот да им понуди на младите флексибилни можности за учење и стекнување вештини коишто се совпаѓаат со потребите на пазарот на трудот.

Овој магистерски труд претставува компаративна анализа на системот на стручно образование и обука во Република Македонија и Сојузна Рапублика Германија и притоа ги анализира двата образовни системи во однос на нивниот историски развој и реформи, организација, раководење, управување и финансирање,  наставни плановови и програми и образовна политика во однос на стручното образование и обука.

Тргнувајќи од фактот дека СР Германија е земја со најниска стапка на невработеност кај младата полулација, овој труд врши увид и споредба на механизмите на организација на средното стручно образование со цел истакнување на позитивните практики коишто можат да придонесат за унапредување на нашиот систем на средно стручно образование и обука како и доближување  на образованието со потребите до пазарот на трудот.

Трудот ја истакнува потребата од вложување на понатамошни напори  и осовременување на системот на средно стручно образование во однос на подобрување и актуелизирање на наставните програми како и изведување ефективна практична обука со што учениците би стекнувале вештини и компетенции коишто се во согласност со брзо променливите потреби на пазарот на трудот.

**Клучни поими**: стручно образование, практична обука, компетенции, партнерство,  работоспособност, пазар на трудот.

**Abstract**

Frequent changes in the labour market and the fast development of new knowledge and technologies impose the need for constantly investing in the process of lifelong learning, training, and education. The system of vocational education and training as an extremely important factor in the labour force development is faced with the challenge to offer young people flexible opportunities for learning and acquiring skills concurring with the needs of the labour market.

This master paper presents a comparative analysis of the system of vocational education and training in the Republic of Macedonia and the Federal Republic of Germany. Therefore, it makes an analysis of both education systems in terms of their historical development and reforms, organisation, leadership, management, and financing, curricula and syllabuses, and education policy regarding the vocational education and training.

Starting from the fact that the Federal Republic of Germany is a country with the lowest rate of unemployment of the young population, this paper makes an inspection and comparison of the organisational mechanisms of the secondaryvocational education. It has an aim to highlight the positive practices that can make a contribution into promoting our system of secondaryvocational education and training and getting the education closer to the labour market needs.

The paper emphasises the necessity for making further efforts and upgrading the system of secondaryvocational education in terms of improving and highlighting the syllabuses and carrying out an effective practical training that would help the students acquire skills and competences being in accordance with the rapidly changing labour market needs.

**Key points**: vocational education, practical training, competences, partnership, capacity for work, labour market.

ВОВЕД ........ 7

1 СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 10

1.1 Образовен систем на Република Македонија ........ 10

1.1.1 Предучилишно воспитание и образование ........ 12

1.1.2 Основно образование ........ 13

1.1.3 Средно образование ........ 15

1.1.4 Високо образование ........ 17

1.2 Историски развој, реформи и промени во средното образование и обука ........ 19

1.2.1 Реформи и состојби во системот на стручно образование и обука во Република Македонија по ослободувањето ........ 24

1.3 Организација на стручното образование и обука ........ 27

1.3.1 Цели на стручното образование и обука ........ 29

1.3.2 Надлежности во стручното образование и обука ........ 30

1.3.2.1 Центар за стручно образование и обука ........ 30

1.3.3 Видови на стручно образование и ниовоа на стручни квалификации ........ 31

1.3.3.1 Стручно оспособување ........ 31

1.3.3.2 Стручно образование за занимања ........ 33

1.3.3.3 Техничко образование ........ 37

1.3.3.4 Постсредно образование ........ 41

1.3.4 Образование на возрасните ........ 42

1.3.5 Организација на практичната настава ........ 45

1.4 Курикулум ........ 47

1.4.1 Наставни планови за стручно образование и обука ........ 47

1.4.2 Сличности и разлики во наставните планови помеѓу стручно и гимназиско образование ........ 48

1.5 Раководење и управување ........ 49

1.6 Финансирање ........ 50

1.7 Образовна политика, атрактивност на средното стручно образование ........ 53

1.7.1 Анализа на актуелната состојба, средно стручно образование во однос на гимназиското образование ..... 53

1.7.2 Делување во склад со Европската унија ..... 55

1.7.3 Промоција на стручното образование и обука ..... 56

2 СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ..... 58

2.1 Образовен систем на СР Германија ..... 58

2.1.1 Предучилишно воспитание и образование ..... 62

2.1.2 Основно образование ..... 63

2.1.3 Средно образование ..... 64

2.1.4 Видови на нижи средни училишта - Sekundarbereich I ..... 66

2.1.4.1 Hauptschule ..... 66

2.1.4.2 Realschule ..... 67

2.1.4.3 Гимназиско образование ..... 67

2.1.4.4 Gesamtschule ..... 68

2.1.5 Видови на виши средни училишта - Sekundarbereich II ..... 68

2.1.5.1 Gymnasiele Oberstufe – више гимназиско образование ..... 69

2.1.6 Високо образование ..... 70

2.2 Историски развој, реформи и промени во средното и стручното образование и обука ..... 71

2.3 Организација на стручното образование и обука ..... 74

2.3.1 Цели и задачи на стручното и професионалното образование ..... 76

2.3.2 Надлежности во стручното образование и обука ..... 76

2.3.2.1 Сојузно министерство за образование и истражување ..... 77

2.3.2.2 Федералниот институт за стручно образование и обука ..... 78

2.3.2.3 Покраиниски министерства за култура и наука ..... 78

2.3.2.4 Конференција на министрите за култура ..... 78

2.3.3 Видови на стручно образование и обука ..... 79

2.3.3.1 Berufsfachschule – Стручно училиште ..... 79

2.3.3.2 Fachoberschule – Вишо насочено училиште ..... 80

2.3.3.3 Berufliches Gymnasium / Fachgymnasium – стручна гимназија .......................... 80

2.3.3.4 Berufsoberschule – Вишо стручно училиште ..................................................... 81

2.3.3.5 Дуален систем ........................................................................................................ 81

2.3.5 Образование на возрасните .........................................................................................83

2.3.4 Организација на практичната настава .......................................................................84

2.4 Курикулум ........................................................................................................................ 87

2.4.1 Наставни планови за стручно образование и обука .................................................. 87

2.4.2 Сличности и разлики во наставните планови помеѓу стручно и гимназиско образование ........................................................................................ 88

2.5 Раководење и управување .............................................................................................. 89

2.6 Финансирање ................................................................................................................... 90

2.7 Образовна политика, атрактивност на средното стручно образование ................................ 91

2.7.1 Анализа на актуелната состојба, средното стручно образование во однос на гимназиското образование ........................................................................................ 91

2.7.2 Делување во склад со Европската унија ..................................................................92

2.7.3 Промоција на стручното техничко и професионалното образование и обука ..........93

3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

3. 1 Предмет на истражувањето ..................................................... **Error! Bookmark not defined.**

3. 2. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување ...... **Error! Bookmark not defined.**

3.3 Цел и карактер на истражувањето .......................................... **Error! Bookmark not defined.**

3.4 Задачи на истражувањето ........................................................ **Error! Bookmark not defined.**

3.5 Хипотези ........................................................................................................................... 100

3.6 Варијабли на истражувањето ............................................................................................ 100

3.7 Методи, техники на истражувањето ....................................... **Error! Bookmark not defined.**

4 АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ................. **Error! Bookmark not defined.**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ................................................................ 117

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ................................................................ **Error! Bookmark not defined.**

ПРИЛОЗИ ........................................................................................ **Error! Bookmark not defined.**

## ВОВЕД

Во денешното современо општество на брз глобален технолошко-технички развој, секоја национална економија и нејзиниот развој најмногу зависат од квалитетот на нејзините човечки ресурси. Од таа причина вложувањето во едукација и образование на човечките ресурси со цел да се одговори на новите предизвици и побарувања на стручни знаења, вештини и компетенции е неопходно и од голема важност.

Со развојот и промените во општеството се менувала и дефиницијата на поимите знаење, учење и образование. Во минатото луѓето имале едно работно место и професија во текот на целиот живот. Денес во нашето секојдневно живеење и професионално делување постојано се соочуваме на нови предизвици коишто ни ја наметнуваат потребата од доживотно учење, односно од постојано учење, надградување на веќе стекнатите и стекнување со нови вештини и компетенции. Оттаму се поставува прашањето како образовниот систем преку соодветни образовни програми треба да одговори на овие потреби, а во тој контекст се менува и дефиницијата на поимите знаење, учење и образование.

Образовниот систем и прилагодувањето на наставните планови и програми на промените и брзиот развој на општеството, особено на стручното образование е клучниот фактор преку којшто секоја држава, односно национална економија ќе одговори на потребата од нови занимања, профили и работни позиции во согласност со потребите на пазарот на трудот.

Во Р.Македонија системот на стручно образование и обука е дел од системот на средно образование којшто според Законот за стручно образование и обука „обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието."[1]

Стручното образование и обука се остварува преку наставни планови и програми за четиригодишно техничко образование, тригодишно стручно

[1] Член 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013; 41/2014 и 145/2015)

образование и стручно оспособување со двегодишно траење коешто е наменето за возрасни лица без калификации и истото е во фаза на развивање.

„Во минатото, луѓето имале едно работно место и професија во текот на целиот живот. Меѓутоа, со промените што се случуваат на пазарот на трудот, луѓето денес се задржуваат на едно работно место во просек по шест месеци.“[2]

„Во тој контекст на брзото растење на знаењата и променливите барања на пазарот на труд, Р. Македонија се стреми да го темели својот развој на јакнење на знаењата, вештините и на развојот на човековите потенцијали. Во таквите околности во коишто се наоѓа, Р. Македонија е принудена да воведува промени во целокупниот образовен систем, особено во системот на стручното образование и обука.“[3] Од тие причини во последните години во системот на стручно образование и обука се направени значајни реформи, коишто ќе продуцираат квалификувани млади кадри потребни за новото општество базирано на знаење.

Од друга страна пак системот на средно стручно образование и обука на СР Германија има поинаква структурна и организациска поставеност во споредба со системот на стручно образование и обука на Р.Македонија од што произлегуваат значителни разлики во повеќе сегменти.

Со оглед на фактот што СР Германија е федерална држава надлежноста за образованието и образовните институции ја имаат покраините. И покрај тоа што постојат закони коишто важат на сојузно ниво, сепак државата на сојузно ниво има само координативна функција. Тоа значи дека секоја сојузна покраина одлучува за своите образовни политики, а законодавството, организацијата и управувањето е во надлежност на министерствата за образование и култура на секоја од покраините. Секоја покраина дејностите поврзани со воспитно-образовниот систем ги уредува со посебен закон за образование. Од таа причина во СР Германија постојат разлики во однос на образовните системи на покраините.

По завршувањето на основно училиште учениците во СР Германија преминуваат во пониското средно образование. Притоа шесто и седмо одделение се нарекуваат *Orientierungsstufe* или фаза на ориентација, а

---

[2] Ризова, Е. (2008) Доживотно учење (интерен материјал), Филозофски факултет: Скопје стр.8

[3] МОН, МТСП, British Concil (2014), *Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија*, Скопје: МОН, МТСП, British Concil, стр. 6

понатамошно образование во нижо средно образование можат да го продолжат на едно од следните типови училишта: Gymnasium (гимназија), Realschule (нижо средно училиште, припрема за стручно образование  за речиси сите видови занимања), Hapuptschule (нижо средно училиште, припрема за стручно образование претежно за занаетчиски занимања) и Gesamtschule (сеопфатно училиште без диференцијација на нивоа).[4]

Потсистемот на вишо средно образование е гимназиско или стручно образование коешто може да биде со целосна настава или комбинирано настава со работа односно платена пракса. Поради тоа што СР Германија се состои од 16 покраини, надлежноста за образовните институции е поделена помеѓу покраините и државата и од таа причина во различните покраини се јавуваат различни видови стручни училишта за вишо средно образование.

Како во секоја земја, така и образовниот систем во СР Германија, особено системот на средно стручно образование исто така се соочува со предизвиците коишто ги носат брзите и постојани промени на општествено-политички, економски и технолошко-технички план со што стручното образование и обука добива се позначајна улога да создава услови за стекнување на квалификации коишто ќе бидат усогласени со реалните пазарни потреби.

Поради тоа сметам дека ова истражување ќе даде придонес во компаративната анализа на системот на стручно образование и обука на нашата земја со системот на средно стручно образование и обука на СР Германија со цел да се анализира големата разноликост на двата системи, да се утврдат заедничките карактеристики и позитивни страни на двата системи и да се потенцираат  позитивните специфичности на системот на средно стручно образование на СР Германија која токму преку моделот на средно стручно образование и обука успешно се справува со глобалниот проблем со невработеноста. Во трудот ќе бидат анализирани двата системи на средно стручно образование и обука од аспект на организација, структура, како и начинот на нивното управување, раководење, финансирање и актуелност на средното стручно образование и обука.

[4] Слободен превод од германски јазик

# 1 СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1.1 Образовен систем на Република Македонија

Воспитно-образовниот систем во Р.Македонија е организиран во согласност со општествените состојби и економскиот систем, современите тенденции, потребите на граѓаните, стопанството и услужните дејности, образовната понуда и побарувачката на пазарот на работната сила.

Тој се состои од следниве потсистеми:

- предучилишно воспитание и образование
- основно образование
- средно образование
- високо образование
- образование на возрасни.

Системот на воспитание и образование во Р. Македонија е во процес на децентрализација, односно во процес на префрлување на ингеренциите и одговорностите за образованието од централната на локалната власт. Генерално за системот на воспитание и образование одговорно е Министерството за образование и наука во чиј состав како посебни органи работат ралични образовни институции: Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, Државен испитен центар, итн..

Целта на воспитно-образовниот систем во Република Македонија е преку институциите на образовните потситеми да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво, знаења и вештини коишто се во согласност со состојбата на пазарот на трудот.

***Структура на образовниот систем во Република Македонија****(согласно МРК)*




Извор: Сеопфатна стратегија за образованието 2018-2025 и акциски план

### 1.1.1 Предучилишно воспитание и образование

Предучилишното воспитание и образование во Р.Македонија е дел од воспитно-образовен систем со статус на незадолжително воспитание и образование. Овој систем има огромно значење за успешно вклучување на учениците во натамошнте степени на образование.

Дејноста згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст е регулирана со Законот за заштита на децата, а е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика (организирање, управување, финансирање) и Министерството за образование (воспитно-образовна дејност). Според Законот за заштита на децата, целите и задачите на предучилишното воспитание се остваруваат во јавна установа детска градинка и детска градинка во приватна сопственост.

Воспитно образовната работа со децата опфатени во организираните форми на предучилишно воспитание и образование се изведува во воспитни групи според возраста: јаслена возраст (6 месеци до 2 год.), мала група (од 2 до 3 год.), средна група (од 3 до 4 год.), голема група (од 4 до 5,8 год.), мешани возрасни групи (од 3 до 5,8 год.) Бројот на децата во група зависи од нивната возраст. Во јаслена група треба да има од 6-8 деца додека во големата група од 20-25 деца. [5]

Програмите по коjшто се реализира воспитно-образовниот процес во предучилишните установи се така структурирани, пред сé, да ги почитуваат возраста на децата, нивните афинитети и склоности. Според тоа постојат повеќе видови на програми за воспитно-образовна работа како што се: целодневни, полудневни, кратки форми на опфат, пилот програми и вонинституционални форми на опфат.

Во врска со програмската поставеност, во Р.Македонија функционираат повеќе модели а постојано се прават напори за внесување нови модели на воспитно-образовната работа. Како најзначајни се одвојуваат: „Чекор по чекор", „Активна настава-интерактивно учење", „Инклузија на децата со посебни потреби", „Граѓанско образование" и други модели на воспитно-образовна работа. Во согласност со Законот за заштита на децата во 2014 г. Министерството за труд и социјална заштита донесе Програма за рано учење и

[5] Член 64 од Законот за заштита на деца, („Службен весник на Република Македонија", бр.163/17)

развој со која се уредуваат теоретските основи и принципи за рано ичење и развој засновани врз Стандардите за рано учење и развој. Со децентрализацијата што започна во јули 2005 година, дејноста на предучилишното воспитание во нашата земја е организирано во 51 предучилишни установи со 181 објекти во 40 општини. Со воведување на деветгодишното основно образование, подготвителната година организирана во забавиштата при градинките и забавиштата при основните училишта стана дел од основното задолжително образование.

И покрај бројните успешни промени и подобрувања, сепак системот на предучилишното воспитание и образование се соочува со предизвици за некои од клучните подрачја за интервенција се со цел зголемување на квалитетот на дејноста на предучилишното воспитание и образование, а истите се однесуваат на: обезбедување услови за максимално зголемување на опфатот на децата, подобрување на условите за учење во предучилишните установи и спроведување на нормативите и стандардите, подобрување на степенот на образование и квалитетот на воспитно-образовниот кадар, како и зголемување на бројот на работници и останат персонал во предучилишните установи како и на зголемување на ефикасноста со раководењето и упарувањето со ситемот на предучилишно образование .[6]

### 1.1.2 Основно образование

Основното образование е од општобразовен карактер и претставува темел на којшто се надградуваат сите понатамошни нивоа на образование и стручна обука. Основното образование е задолжително и бесплатно за сите и се уредува согласно Законот за основно образование и подзаконските акти коишто произлегуваат од истиот.

Воспитно-образовната дејност на основното училиште се изведува според наставен план и програма што ги донесува министерот за образование и наука.

„Со измените и дополнувањето на Законот за основно образование од учебната 2007/2008, времетраењето на процесот на основното воспитание и

[6] МОН (2016), Сеопфатна стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2016-2020, Скопје: МОН, стр. 27

образование изнесува 9 години и со него се опфатени деца на возраст од 6 до 15 години, со тоа што првата година е подготвителна година и е задолжителна за сите деца на 6-годишна возраст (нулта група); 4 години се изведува во паралелки од страна на еден наставник, а останатите 4 години наставата ја изведуваат повеќе наставници, по принципот на предметна настава."[7] Притоа е донесена Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование.

Со наставниот план и наставните програми на основното училиште одредени се задолжителните предмети, нивниот распоред по одделенија и неделниот и годишниот фонд на часови за учениците. Задолжителните предмети во основното училиште се од обласа на јазикот и литературата, странските јазици, општествените науки, математика, природните науки, биологија, физика, хемија, техничко образование, информатика, уметност, физичко и здравствено образование. Започнувајќи од учебната 2007/2008 г. во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование воведени се повеќе нови наставни предмети: иновации, работа со компјутери, англиски јазик во 1во одд., втор странски јазик во 6то одд., етика во религиите, и класична култура на европската цивилизација.[8]
Исто така од учебната 2014/2015 беше воведена прилагодена верзија на наставната програма Кембриџ за математика и природни науки во сите училишта.[9]

Освен редовната, во основните училиште се организира и дополнителна настава за учениците коишто се соочуваат со потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на наставните содржини, и додатна настава за особено надарените и талентирани ученици.

Наставата во основното училиште трае 38 недели, односно 180 работни дена. Наставните часови траат 40 минути.

Програмата за основните училишта опфаќа и вонаставни активности и слободни ученички активности, ученички натпревари, општествено-корисна и хуманитарна работа и ученички екскурзии.

---

[7] Гоцевски, Т. (2007), Образовните системи во Европската унија, Скопје: Филозофски факултет, стр.15
[8] МОН (2016), Сеопфатна стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2016-2020, Скопје: МОН, стр. 29
[9] Исто

Дејноста на основното образование во нашата земја е организирано во 993 училишта, а опфатот на деца во учебната 2016/2017 година изнесувал 192715 деца. [10]

Современата настава во основното образование наложи водечката улога во наставниот процес да ја има ученичката интеракција, активното вклучување на ученикот во наставата преку поттикнување на самостојно и критичко учење, индивидулана, партнерска и работа во групи, проектно учење, вештина на користење на повеќе извори на знаење и други видови наставни активности преку коишто учениците активно ќе учат и ќе ги усвојуваат предвидените наставни програми.

### 1.1.3 Средно образование

Средното образование е следниот систем на образование којшто се надоврзува на системот на основно образование.

Средното образование во Р. Македонија се организира во училшта за гимназиско образование, средно стручно и техничко образование, уметничко образование и средно образование за ученици со посебни потреби и е во времетраење од 3 односно 4 години.

Гимназиското образование има општообразовен карактер и има за цел да овозможи проодност кон сите видови високо образование како и постепено насочување на учениците кон определени области од науката. Во гимназиското образование се изучуваат задолжителни и изборни и предмети, при што учениците во III година имаат можност да се определат за една од трите академски насоки, односно подрачја со понудени две комбинации на изборни предмети во секое од нив:

-општествено-хуманистичко

-природно-математичко

-јазично подрачје

Со измените и дополнувањето на Законот за средно образование од учебната 2007/2008 година, средното образование станува дел од задолжително образование. [11]

---

[10] Државен завод за статистика, Основни и средни училишта во Република Македонија на почетокот на учебната 2017/2018 година, Соопштение 2.4.18.04 895 стр. 2

[11] Службен весник на Република Македонија, бр.49 од 18.04.2007 година, страна 2, Закон за изменување и дополнување на законот за средно образование, член 1

Со овој закон овозможена е хоризонтална и вертикална проодност на учениците. За да се овозможи еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, обезбедени се бесплатни учебници, комјутер за секој ученик, бесплатен превоз или бесплатно сместување во ученички домови. Како дополнителна поддршка обезбедни се бесплатни преносливи компјутери за секој наставник и интернет до сите училишта и ученички домови.[12]

Образовните програми кои се реализираат во средното образование се насочени кон стекнување на знаења, компетенции, способности и потенцијали што ги бара пазарот на трудот, високообразовните институции и индивидуалниот развој на ученикот. Во последните години исто така направени се одреден број подобрувања на содржината на средното образование. Со цел промовирање на претприемачкото образование, воведени се два задолжитени предмети Иновации и претприемништво и Бизнис и претприемништво.

Во Р.Македонија средното образование се организира во 116 средни училишта, повеќе од 100 се јавни, а другите се приватни или религиски. Приближно 14% од средните училишта се гимназии, 34,5% се стручни, додека 29% нудат и гимназиско и стручно образование; 4 училишта се за деца со посебни образовни потреби и 5 се уметнички училишта.[13]

Стручното образование и обука во Р. Македонија се остварува преку наставни планови и програми за:

-стручно оспособување

-стручно образование

-техничко образование

-постсредно образование

-образование за возрасните

Стручното образование и обука во Република Македонија е дел од системот на средно образование кој обезбедува индивидуален личен развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

[12] МОН (2016), Сеопфатна стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2016-2020, Скопје: МОН, стр. 35

[13] ЦСОО (2016), Торино процес 2016-2017, Национален извештај на Р.Македонија, стр 15

Цел на стручното образование и обука е оспособување за работа, односно за продолжување на образованието.[14]

Дејноста на стручното образование и обука се состои од теоретска настава и практична настава која се изведува во училиштата за средно стручно образование како и во претпријатија, фирми и институции.

Уметничкото образование има примарна функција на континуирано развивање на предиспозициите на учениците за уметничко творештво (ликовно, музичко, балетско).

Средното образование за ученици со посебни потреби се организира во посебни образовни институции според видот и степенот на попреченоста на оваа категорија ученици.

Системот на средно, особено системот на средно стручно образование има многу значајна функција во современото општество на енормно брзиот технолошко-технички развој и глобални општествено-економски промени, со тоа што преку соодветни образовни програми треба да одговори на овие потреби и да продуцира образовни профили коишто ќе бидат конкурентни и ќе ги задоволуваат потребите на пазарот на трудот.

### 1.1.4 Високо образование

Високото образование е образование преку коешто се овозможува стекнување со високообразовни квалификации потребни за продолжување на образованието или за започнување со вршење на одредена професија. Тоа се остварува преку студиски програми на високообразовните установи, организирани како универзитети, високи стручни школи.

Високото образование има многу голема улога за развојот на секоја земја. Тоа значи дека повисокото образовно ниво на поединците и на општеството во целост овозможува создавање повисок национален доход по жител во државата, со што се подобрува општата благосостојба на граѓаните и постојано остварување на проширена општествена репродукција кон која се стремат сите современи држави.[15]

---

[14] Член 2 и 4 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013; 41/2014 и 145/2015)
[15]Гоцевски, Т. (2009), Економика на образованието, Скопје:Филозофки факултет, стр.120

Дејноста на високото образование во Р.Македонија се организира на високите стручни школи, факултетите и академиите на 5 државни универзитетити во Скопје, Битола, Тетово, Штип и Охрид и неколку приватни универзитети и колеџи.

Во високообразовните установи во нашата земја може да се изучуваат студиски програми според студиски пордачја организирани во три последователни нивоа на образование идентификувани со Болоњскиот процес како прв, втор и трет циклус. Студиските програми според студиски подрачја се распределени во едниците на универзитетот, односно факултетите чијешто работење е уредено со правилник кој е во согласност со статутот на универзитетот.

Универзитетите и единиците во нивниот состав и самостојните високообразовни установи ја вршат својата дејност врз принципот на академската автономија. Автономијата на универзитетот вклучува академска слобода, автономија на управувањето и неприкосновеност на автономијата.[16]

Високото образование е достапно за сите државјани на Р.Македонија под еднакви услови.

Процесот на голбализација и динамиката што ја развива пазарот на трудот иницираат промени во целиот образовен систем, особено во ситемот на средно и високо образование. Со тоа се наметна потребата од флексибилни и динамични образовни понуди, а на високобразовните институции им се наложува неопходноста од промена на структурата и организациската поставеност.

Во 1999г. со донесувањето на Законот за високо образование Република Македонија започна со измените во системот на високото образование, а „со преземањето на обрските од Болоњскиот процес на 19 септември 2003 година, се обврза да ги следи препораките за заедничката определба за креирање единствен европски простор на високо образование“.[17] Во тој контекст во последните години направени се повеќе промени и постигнувања во сферата на поддршка на научните истражувања и меѓународна соработка,

---

[16] Член 11 од Законот за високо образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008... 30/2016

[17] МОН (2005), Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни документи, Скопје: МОН, стр. 263

подобрување на пристапот до високото образование, основање на Одбор за акредитација и осигурување на квалитетот во високото образование, основање на Фонд за иновации и технолошки развој и низа останати постигнувања коишто имаат а цел да го подобри квалитетот и да го доближат високото образование до образованието на високоразвиените европски земји.

## 1.2 Историски развој, реформи и промени во средното образование и обука

Вистинскиот развој на образованието во Македонија започнува по завршувањето на Втората светска војна кога се создадени поволни услови за развој на образованието на македонски јазик. По создавањето на македонската држава во рамките на тогашната Федерална Југославија започнале забрзани реформи во обласа на школството и образованието.

Првите години по ослободувањето се години на сеопшта обнова и изградба на државата. Последиците од војната се чувствувале во сите сфери од животот, меѓу кои и во образованието. Во тој период Македонија се соочува со многу потешкотии и недостатоци во поглед обезбедување стручни кадри, недостиг на наставни програми, наставни материјали и учебници, но позитивно е тоа што конечно во Македонија, било овозможено наставата да се изведува на мајчин македонски јазик.

Системот на средното образование во Македонија ќе биде конституиран врз основа на бројни програмски и организациони акти донесени на Седницата на Президиумот на АСНОМ, одржана од 2 до 5 септември 1944 година.[18]

Уште пред конечното ослободување, на целокупната територија на Република Македонија, на 3 ноември 1944 година, Президиумот донел одлука за основање гимназии во повеќе градови во Македонија: Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид а на 18 јануари 1945 година и во Кавадарци.[19] Во почетокот на 1945 година започнале со работа повеќе средни училишта 10 гимназии со 4172 ученика, една учителска школа со 310 ученика, уметничка школа со 83 ученика и музичка школа со 84 ученици. Наствата ја изведувале 171 наставник. [20]

[18] Зборник на документи на АСНОМ 1944-1964, 353, 361, Скопје, 1964
[19] Камберски, К. (1994) Од буквар до универзитет, Скопје, стр. 36
[20] Исто стр. 96

Исто така по ослободувањето на седниците на Президиумот на АСНОМ, односно на Поверенството за просвета биле донесени одлуки за отварање стручни училишта за средно образование за задоволување на потребите од стручни кадри потребни за општествени дејности од областа на економијата, индустријата, градежништвото, земјоделието, здравството.

Карактеристично за приодот по ослободувањето до Школската реформа од 1958 година е дека системот на средно образование се развива врз истата организациона поставеност од времето на Кралството Југославија, систем во којшто не е издграден унифициран развој на средното образование, така што одделните видови училишта се развивале наполно автономно. Во овој период постоеле и работеле следните видови училишта за средно образование:

-Гимназии

-Средни стручни училишта (технички и други стручни училишта)

-Училишта за образование на наставници

-Уметнички училишта

-Нижи стручни училишта (училишта за квалификувани работници)

-Работнички техникуми

Гимназијата имала општообразовен карактер, со исклучителна улога да ги подготвува младите за продолжување на образованието на високошколските установи.[21]

„Нижите стручни училишта имале задача да оспособуваат квалификувани работници за потребите на индустријата, занаетчиството и за другите стопански гранки, како и за некои општествени дејности, како на пример здравството и сл. По начинот на школување се делеле на: училишта за ученици во стопанството и училишта со практична обука. Разликата меѓу овие два типа на училишта се состоела во тоа што училиштата за ученици во стопанството давале само теоретски (општи и стручни) знаења, а практично учениците се подготвувале непосредно во претпријатијата и занаетчиските работилници, додека во училиштата со практична обука учениците добивале и

[21] Камберски, К. (2002), Средното образование во Република Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 55, Скопје, стр. 24-25

теоретски (општи и стручни) и практични знаења од онаа струка или занимање за кое се подготвувале во самото училиште.“[22]

Важно да се спомене е дека во овој период се јавуваат работничките техникуми како посебен вид на средни училишта коишто имале за задача на најдобрите квалификувани работници од производството да им овозможат здобивање со средна стручна подготовка и соодветно општо образование. По реформата од 1958 година, целиот образовен систем ќе претрпи значителни промени со што започнува и нова фаза во развитокот на системот на средно образование.

Како најзначајна промена од реформата од 1958 се смета прифаќањето на осумгодишното основно образование како задолжителна образовна основа за сите видови понатамошно средно образование.

Со решенијата од оваа реформа се напушта концептот на нижи и средни училишта, а дотогашните нижи стручни училишта, односно училиштата за квалификувани работнци се подигаат на ранг на средни училишта.[23] По реформата стручното образование исто така претрпува одредени промени кои главно се однесуваат на тоа што постепено започала да се напушта дотогашната практика да се образува општ профил на стручњак и постепено да се преминува кон оспособување специјализирани стручни кадри. Оттаму од стручните училишта се барало преку своите програми да се доближат до потребите на стопанството.

Средното образование во Р. Македонија претрпува најрадикални промени со реформата од крајот на седумдесетите и почетокот на осумдесетите години. Со оваа реформа гимназијата, техничките и училиштата за квалификувани работници како средношколски институции се укинуваат и наместо нив се воспоставува единствено средно училиште во рамките на кое учениците се оспособуваат за одделни занимања за натамошно образование. Овој концепт на средното образование е познат како насочено средно образование.

Целосно преструктурирање на средното образование според концепцјата на насоченото образование во Р. Македонија започнува во учебната 1982/83

[22] Камберски, К. (1994) Од буквар до универзитет, Скопје, стр. 100
[23] Исто, стр. 150

година. Воспитно-образовната дејност на насоченото образование се изведувала во организациите за здружен труд за средно образование, односно училишта за средно образование.[24]

Според законот за насочено образование, насоченото образование претставува програмска целина на различно насочени и меѓусебно поврзани планови, програми и форми на воспитно-образовната дејност за подготвување на кадри потребни за здружениот труд, за другите општествени потреби и за задоволување на потребите за образование на поединецот.

Во согласност со Резолуцијата за образование на стручни кадри, донесена од Сојузното собрание во 1960 година, организациската форма на насоченото средно образование претставувале образовните, односно училишните центри коишто започнале да се формираат во учебната 1961/62 кои подоцна станале единствена институционална форма на насоченото средно образование. Во рамките на овие центри биле застапени следниве струки: [25]

1. Металско-машинска
2. Машинско-енергетска
3. Електротехничка
4. Сообраќајна
5. Градежно-машинска
6. Градежно-геодетска
7. Рударско-геолошка
8. Металуршка
9. Графичка
10. Хемиско-технолошка
11. Неметална
12. Текстилна
13. Кожарско-гумарска
14. Дрвопреработувачка
15. Шумарска
16. Земјоделска
17. Прехрамбена
18. Ветеринарна
19. Здравствена
20. Физичка култура
21. Угостителско-туристичка
22. Козметичко-фризерска
23. Трговска
24. Економска
25. Правна
26. Биротехничка
27. Уметничка
28. Музичко-балетска
29. Математичко-информатичка
30. Физичко-техничка
31. Културолошка
32. Биотехничка
33. Просветна

Паралелно со концепциските промени се вршеле и преструктурирања на мрежата на средното образование и на внатрешната организација на училиштата. Во учебната 1987/88 веќе фунционирале 96 училишни центри

[24] Член 11 од Законот за насочено образование („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 16, стр. 346)
[25] Камберски, К. (2002), Средното образование во Република Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 55, Скопје, стр. 30

со наведените 33 струки и голем број занимања а биле опфатени вкупно 74232 ученика меѓу кои најатрактивни биле металско-машинската, електротехничката, економската, текстилната, здравствената и угостителско-туристичката. Меѓутоа во развојот на училишната мрежа и внатрешното преструктурирање се јавиле сериозни проблеми во поглед на неприлагоденоста на структурата и капацитетите на одделните струки во однос на кадровското прашање и материјално-техничката опременост и други недостатоци. [26]

Нови концепциски, структурни и организациски промени во средното образование во Р. Македонија настануваат по нејзиното осамостојување и општествено-политичките и економски промени. Од учебната 1991/92 година повторно се воведува гимназиското образование и со тоа започнува нова фаза во развојот на средното образование.[27]

[26] Камберски, К. (2002), Средното образование во Република Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 55, Скопје, стр. 31
[27] Исто, стр. 33

### 1.2.1 Реформи и состојби во системот на стручно образование и обука во Република Македонија по ослободувањето

Во последниве две децении, системот на стручно образование и обука во нашата земја е постојано реформиран и модернизиран со цел поуспешно да одговори на предизвиците на глобализацијата со кои се соочува и Р.Македонија.

Во учебната 1989/90 година врз основа на Концепциските основи и општата програмска структура на средното образование се реализираат нови наставни планови и програми според кој секој вид и степен на образование по основното образование треба да оспособува за работа и за продолжување на образованието.

Со овој концепт од учебната 1989/90 започнуваат да се применуваат наставни планови и програми за 172 образовни профили за III и IV степен на стручна подготовка од кои најбројни се од машинската, електротехничката, земјоделската, хемиско-технолошката, текстилната струка и др. Важно да се спомене е дека наставните планови кои се дефинирани според Концептот од 1989 коишто се состоеле од: настава по задолжителни предмети од општото и стручното образование, практична настава, професионална и феријална практика, факултативна настава, консултативна настава, дополнителна и додатна настава, воннаставни ученички активности, работа со надарените и талентирани ученици, екскурзии, заштита и унапредување на здравјето на учениците.

По осамостојувањето на Р. Македонија во 1990 година се наметнува потребата од корекции на новиот Концепт кои се наметнуваат од новите општествено-политички промени и донесувањето на новиот Устав и воведување на гимназиското образование од учебната 1991/92 година. [28]

Во овој период направени се повеќе промени во делот на содржините на наставните планови и програми, во програмата и називот на одредени предмети и број на часови, укинати се природно-математичката и културолошката струка, воведени се приемни испити при запишување на учениците во средно образование, а од 1995 година наместо III и IV степен на

[28] Спасовски, Л. (2006), Пазарот на трудот и стручното образование, Скопје, стр. 111

стручна подготовка воведено е тригодишно и четиригодишно средно стручно образование.

Како резултат на бројните промени во општествено-економските односи и во структурата на трудот како и бројните расправи, стручни и научни анализи, според кои средното, особено средното стручно образование не ја остварува на задоволителен начин својата функција, изработени и усвоени се документите Програмска структура на средното образование и Образовни профили во средното стручно образование. Со овие документи се редефинирани повеќе образовните профили и се редефинирани струките во средното стручно образование.

Во текот на учебната 1997 и 1998 повторно се иновирани и усовршени наставните планови  програми во стручното образование во образовните профили во четиригодишното и тригодишното средно стручно образование. Во оваа фаза направени се измени во сите струки и повеќето образовни профили.[29]

Во учебната 1999/2000 година во 16 пилот-училишта во Република Македонија во 8 струки и 19 образовни профили се применуваат програми по неколку предмети од програмата ФАРЕ за интегрална трансформација на стручното образование. Всушност се работи за ревидирање на постојните наставни програми и збогатување со нови наставни содржини и за поинаков начин на работа во образовниот процес, во рамките на истиот фонд на часови во постојниот наставен план. Целта на ФАРЕ програмата е да се осовремени постојниот систем на средното стручно образование, да се прилагоди на потребите на поединците и претпријатијата ориентирани кон пазарната економија како одговор на глобалните промени во производството, технологијата и светските пазари. Во рамките на оваа програма реализирани се повеќе активности  во смисла на изработка на стратешки документи, развој на курикулуми, обуки за наставниците и директорите на училиштата, опремување на училиштата и останати активности. Особено значаен чекор е што воспитно-образовните содржини според оваа програма се групирани во седум програмски подрачја: општо образование, стручно образование, практична

[29] Спасовски, Л. (2006), Пазарот на трудот и стручното образование, Скопје, стр. 113

обука, изборна настава, задолжителни активности, факултативна настава и слободни часови на училиштето. [30]

Со имплеметирањето на оваа програма е направен квалитетен скок во реформскиот пристап во средното стручно образование во Р. Македонија, пред сè во однос на усогласувањето на средното стручно образование со тековните, новите и развојните потреби на пазарот на трудот.

Оваа реформа беше целосно прифатена од носителите и стана интегрален дел од Нацрт-стратегијата за развој на образованието во Р. Македонија. Во периодот по завршувањето на првата фаза започнува втора фаза во рамките на ФАРЕ програмата во која беа вклучени уште шест нови училишта. Спроведувањето на оваа програма придонесе многу придобивки во подобрувањето на квалитетот на средното стручно образование во повеќе аспекти а една од главните придобивки  е богатото учење од сопствените искуства. [31]

Тргнувајќи од потребата за градење квалитетен систем на техничко образование,  во последните десетина години следуваа низа обиди за воведување промени и осовременување и подобрување на системот на средно стручно образование и обука.

Направени се повеќе анализи и истражувања и изготвени се неколку стратешки документи меѓу кои најзначајна е Концепцијата за модернизација на техничкото образование во Р. Македонија.

Оваа Концепција има за цел да развие еден поконзистентен и делотворен систем на техничко образование и обука и ги препознава препораките произлезени од европските иницјативи за развој на стручното образование и обука.[32]

Според оваа Концепција воведувањето стратешки промени во техничкото образование, неговото модернизирање мора да вклучи флексибилно и транспарентно ниво на образовние засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на индивидуалните потреби  и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Вака конципирано, техничкото образование треба да го поддржи општествено-

[30] Општ државен курикулум за реформирано средно стручно образование и обука, Скопје 1999, стр. 9
[31] Спасовски, Л. (2006), Пазарот на трудот и стручното образование, Скопје, стр. 107 - 117
[32] МОН (2016) Концепција за модернизација на техничкото образование, Скопје: МОН, стр. 11 и 13

економскиот развој на Р.Македонија, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења, вештини и компетенции за вршење работа, односно за продолжување на образованието.[33]

За таа цел потребно е ревидирање на постојните наставни планови и програми и развивање на модуларни наставни програми преку коишто ќе се дефинираат нови квалификации усогласени со потребите на пазарот на трудот и стопанството и економскиот развој.[34] Се очекува целосна имепелментација на насоките од Концепцијата во однос на модуларниот приод да започне од учебната 2019/2020 г.

## 1.3 Организација на стручното образование и обука

Мрежата на средни стручни училишта во Р. Македонија во изминатите дваесетина години е во континуиран процес на промени поради разни причини поврзани со промените во структурата на потсистемот на средното образование, новите концепциски решенија за одделни видови средно образование, ревидирањето на образовните профили, честите измени на наставните планови и програми, намалувањето на бројот на учениците во стручното образование, забавениот процес на одделни единици на локалната самоуправа и сл.[35]

Стручното образование е вид на образование кое овозможува усвојување на знаења, умеења, вештини од одредена наука кои имаат применлива употреба при извршување на одредено занимање. Неговата основна функција е подготвување кадри за вклучување во пазарот на трудот, односно продолжување на образованието.

Организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука е уредено со Законот за стручно образование и обука. Според член 5 од овој закон стручното образование и обука го вршат образовните установи за стручно образование и обука, работодавачите и социјалните партнери.

---

[33] МОН, (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, Скопје: МОН, стр. 18
[34] Исто, стр. 36
[35] МОН, МТСП, British Concil (2014), Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија, Скопје: МОН, МТСП, British Concil, стр.8

Средните стручни училишта во Р.Македонија функционираат како хомогени средни стручни училишта, односно средни стручни училишта во коишто се реализираат наставни планови и програми за една струка и хетерогени средни стручни училишта во коишто се реализираат наставни планови и програми за неколку струки. Хомогените средни стручни уличишта се сместени во поголемите градови, а хетерогените во помалите места и се развиваат на барање на пазарот на трудот.[36]

Како посебни институции за средно стручно образование дејноста на средното образование ја остваруваат училиштата за средно уметничко образование, уметничките и музичко-балетските училишта и училиштата за средно образование на учениците со посебни образовни потреби.[37]

Според Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2016/2017 година средното образование се остварува во 99 јавни, од кои 10 државни училишта, 21 училиште на град Скопје и 68 општински училишта. Исто така дејноста на средното образование се остварува и во 13 приватни училишта.[38]

Исто така според Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2016/2017 година, во однос на наставните планови и програми кои се реализираат во јавните училишта во 16 училишта се реализира гимназиско образование, во 40 училишта се реализира стручно образование, во 34 се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование, 4 училишта се за ученици со посебни образовни потреби, а 5 се уметнички училишта.[39]

Средното стручно образование се реализира по струки и тоа:

- земјоделско-ветеринарна во 11 училишта,
- шумарско-дрвопреработувачка во 8 училишта,
- геолошко-рударска и металуршка во 7 училишта,
- машинска во 25 училишта,
- електротехничка во 20 училишта,
- хемиско-технолошка во 15 училишта,

[36] МОН, МТСП, British Concil (2014), Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија, Скопје: МОН, МТСП, British Concil, стр. 10,11
[37] Исто, стр. 11
[38] Конкурс за запишување на ученици во учебната 2016/2017, МОН, Скопје, 2016 г.
[39] Исто

- текстилно-кожарска во 17 училишта,
- графичка во 7 училишта,
- лични услуги во 9 училишта,
- градежно-геодетска во 8 училишта,
- сообраќајна во 11 училишта,
- угостителско туристичка во 12 училишта,
- економско-правна и трговска во 17 училишта,
- здравствена во 16 училишта,
- спортска гимназија во 3 училишта и
- уметничко образование се остварува во 6 училишта.

### 1.3.1 Цели на стручното образование и обука

Средното образование како систем којшто ги поврзува потсистемот на основно и високо образование има повеќе функции и улоги. Преку овие функции и улоги и гимназиското и средното стручно образование се остваруваат целите на средното образование. Целите и задачите коишто преку својата дејност треба да ги остварува  средното стручно образование се однесуваат на:

- да ги подготвува младите за вработување во занимања од различен вид и сложеност;
- да ги подготвува младите за продолжување на образованието;
- да овозможи стекнување со знаења, вештини, способности, преку коишто младите успешно ќе одговорат на барањата на работните позиции и ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот;
- да овозможи доквалификување на оние кои завршиле друг вид на средно образование, а не сакаат или не можат да го продолжат своето образование во високото образование;
- да овозможи преквалификување, специјализирање и усовршување во струките и занимањата и да ги оспособува младите за променливите услови за работа и живеење.

### 1.3.2 Надлежности во стручното образование и обука

Според Законот за стручно образование и обука надлежноста за стручното образование и обука им припаѓа на следниве институции односно тела: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Советот за стручно образование и обука и социјалните партнери во областа на стручното образование и обука. [40]

Како најзначајна институција којашто ги усогласува јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Р. Македонија и извршува други важни дејности поврзани со стручното образование и обука е Центарот за стручно образование и обука.

#### 1.3.2.1 Центар за стручно образование и обука

Центарот за стручно образование и обука е јавна установа која обезбедува поддршка и развој на стручното образование и на сите субјекти заинтересирани за стручното образование во Р. Македонија. Центарот извршува дејности во доменот на стручното образование кои се однесуваат на: развој на стручното образование и обука, поддршка на социјалното партнерство, развивање на европската ориентација на стручното образование, развивање на наставни планови и програми за сите нивоа на стручното орбазование и обука, истражување на пазарот на трудот во соработка со социјалните партнери како и други стручни работи повразани со развојот, функционирањето и организацијата на стручното образование и обука[41]

Овој центар се состои од повеќе организациски единици. Со истиот управува Управен одбор, а неговата дејност е финансирана од Буџетот на Р. Македонија, како и од сопствени приходи. Центарот е основан од владата на Р. Македонија и е тесна соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за образование, Агенцијата за вработување на Р. Македонија како и со установите за стручно образование и обука и Универзитетите во Р. Македонија.

[40] Член 6 од Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015)
[41] Исто, член 30, 31 и 32

### 1.3.3 Видови на стручно образование и ниовоа на стручни квалификации

Системот на стручно образование се заснова на 4-годишното техничко стручно образование и 3-годишното средно стручно образование, коишто се остваруваат преку наставни планови и програми во траење од 3 и 4 години. Како посебен вид на стручно образование се смета стручното оспособување коешто се остварува преку наставни планови и програми за стручно оспособување во траење до две години, како и постсредното образование и стручното образование за возрасни.

Организацијата, функционирањето и управувањето на системот на стручно образование и обука генерално е уредено со Законот за стручно образование и обука, а целите, задачите, функцијата и содржината на одделните видови стручно образование се утврдени со соодветни концепциски и програмски документи.

#### 1.3.3.1 Стручно оспособување

Според Законот за стручно образование и обука стручното оспособување е наменето за работа со пониски барања кое дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот. Ова оспособување се смета за најнизок облик за стручно работно оспособување. Во зависност од сложеноста на занимањето, стручното оспособување трае до две години, а со завршувањето на овој вид на образование кандидатите се стекнуваат со I ниво на стручни квалификации.

Тоа има за цел да ги оспособи кандидатите за вршење едноставни работи од помал број различни и краткотрајни операции коишто се вршат со едноставни постапки и средства за работа. Преку стручното оспособување всушност корисниците се стекнуваат со работни компетенции и се здобиваат со прво занимање и право на работа.[42]

Образование за стручно оспособување може да посетуваат лица со и без завршено основно образование при што корисниците кои немаат завршено основно образование имаат обврска паралелно со завршувањето на стручното оспособување да ја совладаат и посебната програма за основно образование.

[42] ЦСОО (2010), Концепција за стручно оспособување, Скопје: ЦСОО, стр. 3, 4

Најчести косисници на овој облик на стручна обука се лицата без квалификации.

Според Концепцијата за стручно оспособување од 2010 година стручното оспособување треба да се стандардизира во три форми и да се остварува врз основа на:

- наставни планови за образовни профили во траење од една година (функционална обука, занимања од I категорија сложеност);
- наставни планови за образовни профили во траење од две годнини (стручна обука, занимања од I категорија сложеност);
- наставни планови за функционално основно образование (стекнување на основно образование и образование за прво занимање) во траење од најмногу две и пол години. [43]

Според постојната номенклатура на занимањата, во најголем број дејности на I категорија на сложеност има само едно занимање – манипулант во одредена дејност, кое се извшува преку едноставни работи и задачи, односно стекнување работни навики и умеења за практична работа во конкретни работни процеси. Стручното оспособување во траење од две години овозможува стекнување компетенции за вршење помалку сложени работи во производството, администрацијата кои се повторуваат и изведуваат со едноставни средства и машини за работа.

Во однос на програмската структура стручното оспособување е компонирано од три програмски подрачја и тоа општо образование, стручнотеоретско образование и практична обука, со што се опфатени двете функции на стручното оспособување, подигање на општата култура и подготовка за работа. Практичната обука во сите наставни планови за стручно оспособување е застапена до 50% од вкупниот фонд часови. За образовните профили во траење од две години се организира феријална практика во текот на летните месеци. Дејноста на стручното оспособување се остварува во институциите за стручно образование и наука по соодветни наставни планови и програми. Во зависност од расположливите капацитети на установите за стручно образование истото може да биде во целосна училишна организација при што и теотетското и

[43] Исто, стр.5,6

практичното образование се реализираат во училиштето и во делумна училишна организација при што теоретското образование се реализира во училиштата, а практичното образование во претпријатијата.

Стручното оспособување завршува со полагање на испит за стручна оспособеност и се добива уверение за стручна оспособеност од I ниво стручни квалификации. По завршувањето на стручното оспособување корисниците своето образование можат да го продолжат во средното стручно образование за занимања.

Според Концепција за стручно оспособување од 2010 година, овој облик на образование е во фаза на развивање.

#### 1.3.3.2 Стручно образование за занимања

Стручното образование за занимања претставува посебен вид на средно стручно образование кое се стекнува за време од тригодишно школување. Неговата примарна функција е да обезбеди компетентни кадри за извршување на одреден вид и сложеност на работа во стопанството, услужните дејности и занаетчиството. Во согласност со тоа, програмите што се реализираат во рамките на стручното образование за занимања се насочени кон образовни излези кои претставуваат јасно дефинирани знаења, умеења и способности, односно стручни компетенции што ги бара пазарот на трудот и индивидуалниот развој на ученикот.[44]

Тргнувајќи од потребата на соодветен начин да обезбеди стекнување со компетенции за изршување на одредено занимање и стручни квалификации за работа во одредено подрачје на трудот, стручното образование за занимања исто така беше предмет на реформи во текот на изминатите дваесетина години со цел да се подобри функционирањето на овој вид на образование и истиот да овозможува поквалитетно образование во услови и на начини кои се во согласност со реалните потреби на пазарот на трудот и општествениот живот.

Дејноста на стручното образование за занимања се остварува во училиштата за средно стручно образование и обука, парктичната обука се изведува во училиштата и во претпријатијата и фирмите.

[44] ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО, стр. 13

Во реформираното стручно образование за занимања образовните профили се групирани во струки според заедничките содржини и заеднички стручни наставни предмети во 14 струки односно подрачја на трудот или образовни сектори.

- Економско-правна и трговска струка;
- Здравствена струка;
- Текстилно-кожарска струка;
- Графичка струка;
- Електротехничка струка;
- Лични услуги;
- Угостителско-туристичка струка;
- Шумарско-дрвопреработувачка струка;
- Градежно-геодетска струка;
- Земјоделско-ветеринарна струка;
- Сообраќајна струка;
- Геолошко-рударска струка и металуршка струка;
- Хемиско-технолошка струка;
- Машинска струка

За сите профили од овие струки од страна на Центарот за стручно образование и обука се изработени стандарди на занимање во кои се опишани работните задачи и активности за извршување предвидени за тој образовен профил, како и компетенциите коишто се очекува да се стекнат со завршувањето на истиот образовен профил.

Според Концепцијата за стручно образование за занимања образовниот профил претставува комплетна спецификација за определена квалификација во стручното образование и служи за изработка на наставните планови и програми. Со цел да се обезбеди јасна комуникација помеѓу субјектите во процесот на стручното образование за занимања, воведени се стандарди на занимања што ќе овозможи задоволување на поставените барања во однос на знаења, умеења, способности, опрема, квалификации и сл.

Стандардите поконкретно ќе обезбедат усогласување помеѓу очекувањата и потребите на работодавачите од една страна и стекнатите квалификации на

учениците од друга страна, како и мерење на квалитетот на образованието преку дефинирани процеси и индикатори на образованието.[45]

Со цел да се дефинираат нивоата и видовите на квалификации и нивното усогласување со Европската рамка на квалификации, изработена е Националната рамка на стручни квалификации која ги опфаќа сите нивоа на квалификаци кои се стекнуваат во формалното и неформалното образование. Според националната рамка на стручни квалификации стекнувањето со диплома за завршено стручно образование на занимања значи стекнување со III ниво стручни квалификации, осносно со квалификации од III ниво на сложеност.

Она што е осбено важно како карактеристика да се истакне за реформираното стручно образование за занимања е дека овој вид на образование е насочен кон образовните излези, резултати, постигнувања и остварените ефекти како постигнувањето на знаења, умеења, вештини, способности а тоа значи поквалитетно образование кое ќе придонесе за стекнување компетенции потребни за извршување на конкретна работа а со тоа и полесно вработувње и вклучување во општествениот живот.

Програмската структура во стручното образование за занимања се состои од општо образование, стручно-теоретско образование и практична обука. Вкупниот број на часови изнесува до 33 часа неделно во траење од 45 минути, а часовите по практична настава траат 60 минути. Функцијата на општото образование во стручното образование за занимања е развивање на општата култура, вредностите на граѓанското општество, како и општа подготовка за вклучување на работа и подготовка за доживотно учење.

Наставни предмети кои го сочинуваат општото образование се: мајчин јазик и литература, странски јазик, историја, информатика, математика, природни науки, уметности и спорт и спортски активности. Стручно - теоретското образование опфаќа стручно-теоретски наставни предмети, специфични за секој образовен профил посебно. Практичната обука се однесува на практичните активности за стекнување компетенции потребни за извршување на конкретна работа. Таа претставува организирана училишна форма на практична обука во која се реализираат дефинирани дидактички

[45] ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО, стр. 20

работни вежби во кои се сретнуваат утврдени репрезентативни работи и задачи во образовниот профил. Таа се реализира како практична настава во училишни објекти (работилници, лаборатории, училишни компании и сл.) и практична настава во реални работни процеси, односно соодветни претпријатија. Најмалку 1/3 од вкупниот фонд на часови за практичната настава во трите години треба обврзно да бидат реализирани во реални работни процеси во соодветни претпријатија. Исто така застапена е и феријална практика која се изведува по завршувањето на учебната година во соодветни претпријатија.[46]

Стручното образование за занимања завршува со полагање завршен испит со што се стекнува диплома за средно стручно образование за занимања за определена струка, односно група струки и образовен профил.

Со оглед на тоа што стручното образование за занимања треба да ги задоволи кадровските потреби на стопанството, но и на занаетите и услугите, во поглед на организацијата и надлежностите тоа може да се дефинира во следниве два подвида: образование за занимања и образование за занаети.

Образованието за занимања содржински се определува според потребите на претпријатијата, а образованието за занаети се организира за оние занаетчиски профили коишто ќе се јавуваат во регистарот на занаети.

Во зависност од условите стручното образование за занимања може да се реализира според два модела: училишна организација, каде што и теоретската настава и практичната обука целосно се организира во училиштата и дуален систем на образование кадешто теоретското образование се изведува во училиштата, а практичната обука кај соодветен работодавач. Услов за запишување во дуален систем е потпишување на индивидуален договор помеѓу ученикот, родителот на ученикот и работодавачот со кој ученикот добива статус на вработен.[47]

Учениците по завршувањето на стручното образование за занимања своето образование можат да го продолжат во четврта година во техничкото образование или преку соодветна диференцијална програма и работно искуство од три години да се вклучат во програми за постсредно образование.

---

[46] ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО, стр. 25,26
[47] Исто, стр. 30

### 1.3.3.3 Техничко образование

Основната платформа на која се гради системот на стручно образование и обука го сочинуваат 3-годишното стручно образовние за оспособување и 4-годишното техничко образование. Техничкото образование е образование кое првенствено подготвува кадри за вработување во сите сфери на трудот, но и за продолжување на образованието.[48] Овој вид на средно стручно образование кое се стекнува за време од четиригодишно школување. Од техничкото образование се генерира најголемата бројка на идни универзитетски студенти и баратели на работа т.е. идната работна сила на државата.[49] Во услови на брза динамика на техолошкиот развој и иновации и брзи промени на работните места се налага потребата системот на стручно образование да и понуди на младите и возрасните можности за учење преку коишто тие ќе можат да се вклучат и да одговорат на потребите на пазарот на трудот. [50]

Дејноста на стручното образование за занимања се остварува во училиштата за средно стручно образование и обука, парктичната обука се изведува во училиштата и во претпријатијата и фирмите. Како кај стручното образование за занимања така и кај техничкото образование, образовните профили се групирани во струки според заедничките содржини и заеднички стручни наставни предмети во 14 струки односно подрачја на трудот или образовни сектори. Од страна на Центарот за стручно образование и обука исто така се изработени наставните планови за сите струки и образовни профили во 4-годишното техничко образование.

Наставните планови за секоја од струките и профилите содржат предмети за општо образование, предмети за стручно образование односно заеднички предмети за струката, предмети карактеристични за образовниот профил, часови предвидени за практична обука и изборна настава. Истите во различните струки и профили се застапени со околу 45-50% часови за општо образование, околу 30-35% часови за стручно образование, околу 10-15%

[48] Член 18 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013; 41/2014 и 145/2015)
[49] МОН (2016), Концепција за модернизација натехничкото образование, стр. 10
[50] МОН (2013), Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење со Акциски план, Скопје, стр. 8

часови за практична обука и околу 5% часови за изборна настава.[51] Практичната обука се програмира и организира според карактерот на дејноста на образовниот профил, а ја сочинуваат практична настава и феријална практика. [52] Практичната настава се изведува во училштата и за неа се предвидени дидактички вежби специфични за секоја од струките.

Во 2016г. донесена е нова Концепција за техничкото образование којашто е изработена поради потребата за развивање и унапредување на знаењата на граѓаните на Р. Македонија. Според оваа Концепција системот на техничко образование треба да оствари подобра рамнотежа меѓу вештините и работните места, т.е. меѓу образовната понуда и образовната побарувачка.

Оваа Концепција јасно ја нагласува потребата од воведување на стратешки промени во техничкото образование засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво и ја нагласува основната цел и задачите на техничкото образование кои пред сè се однесуваат на одговорноста на техничкото образование за развој на компетенции потребни за вработување на младите и возрасните, продолжување на образованието и остварување на општествената улога и доживотно учење.[53]

Во оваа Концепција се наведени основните принципи според кои треба да делува техничкото образование:

- инклузивност
- квалитет
- општествена одговорност
- релевантност
- вработливост и претприемништво
- флексибилност
- соработка и партнерство
- транспарентност
- автономија и одговорност на образовните установи
- доживотно учење

[51] ЦСОО (2007), Наставни планови за образовните профили во струки или група струки во четиригодишното стручно образование во Република Македонија
[52] МОН (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, стр. 27
[53] Исто, стр. 19

- стандардизација
- обезбедено и непречено финансирање и
- вклученост на меки вештини[54]

Според оваа концепција исто така сите квалификации во стручното образование и обука заклучно со V б ниво од Националната рамка за кфалификации се распоредени во 14 сектори, а за секој образовен сектор ЦСОО изготвува Стандард за образовен сектор.[55]

Оваа концепција исто така го воведува модуларниот приод во техничкото образование пришто предметите се заменуваат со модули, а модулите како независни единици на учење може да се дизајнираат како задолжителни и изборни модули. Преку овие модули акцентот се става на развивањето на индивидуален профил за доживотно учење. Со овие модули се менува самата наставна програма и од програма базирана на цели се претвара во програма базирана на компетенции а со тоа модуларниот пристап ја зајакнува врската помеѓу теоријата и практиката.[56] Покрај реформирањето на наставните планови и програми и оценувањето, оваа програма треба да се заснова на нови пристапи во однос на четирите клучни елементи:

- Општо образование
- Стручно образование
- Практично образование и обука (практична настава и учење преку работа)
- Содржини програмирани од училиштето.[57]

Техничкото образование трае четири години и овозможува стекнуввање на кавификации за IV образовно ниво, а вкупното работно оптоварување на учениците изнесува 240 ECVET. Техничкото образование учениците го завршуваат со полагање на стручна матура или завршен испит.

Се очекува ваквата програмска модуларна структура да даде позитивни резултати во учењето и усвојувањето на знаења, компетенции и вештини неопходни за современото живеење и работење.

[54] МОН (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, стр 20-23
[55] Исто, стр. 24-25
[56] Исто, стр. 37
[57] Исто, стр. 56

Најголема придобивка од модуларниот приод за учениците е што акцентот се става на развивањето на индивидуален профил за доживотно учење а истовремено овозможува флексибилно ажурирање на наставните програми во согласност со промените на пазарот на труд на локално, национално и меѓународно ниво.[58] Преку оваа модуларна структура во која целите се заменети со компетенции, при нивно стекнување учениците добиваат ECVET поени коишто претставуваат признавање на резултатите од учењето стакнати по пат на формално, неформалнно и информално учење.

ECVET се применува кај сите резултати од учењето кои можат да се постигнат преку различни форми и начини на образование и учење низ сите нивоа на Европската рамка на квалификации во контекст на доживотното учење и на тој начин особено го поттикнува развивањето на флексибилни и индивидуализирани патишта на учење. Тој трансфер на кредити треба да се овозможи преку формирање на партнерства и мрежи кои вклучуваат надлежни институции, овластени да доделуваат квалификации или кредити за постигнатите резултати од учењето, а преку вмрежување на партнерите ќе се обезбеди соработка и ќе се воспостави клима на взаемна доверба. [59]

Со цел да можат изработувачите на наставни планови и квалификации успешно да ги распоредуваат кредитите и поените, изработено е Упатство кое ќе го поддржи распределувањето на реформираните и новите квалификации во техничкото образование во Р.Македонија и истото содржи јасни и конкретни упатства за вреднувањето на наставните програми и пресметувањето на ECVET кредити.При одредувањето на кредитни вредности за една образовна програма се зема предвид Законот за Националната рамка на квалификации, која пропишува дека образовните програми треба да се вреднуваат со следниот број на кредити:

- образовни програми за стручно оспособување -120 кредити;
- образовни програми за занимања со тригодишно траење -180 кредити;
- образовни програми за техничко образование со траење од четири години -240 кредити;

[58] МОН (2016), Концепција за модернизација натехничкото образование, стр. 36,37
[59] Исто, стр. 45, 47

– образовни програми за постсредно образование 60-120 кредити;[60]

#### 1.3.3.4 Постсредно образование

Постсредното образование претставува интегрален дел на системот на стручното образование и обука. Специфично за постсредното образование е што овој вид на образование може да се стекне на различни начини.

Брзиот технолошко-технички развој и експанзијата на модерните технологии ја наложуваат потребата од флексибилен и модерен пазар на труд којшто ќе биде подготвен и ќе може да одговори на брзите општествени промени. Оттаму образовните установи на стручното образование се соочуваат со предизвикот од структурирање, трансоформација и ревидирање на наставните планови со цел да се овозможи квалитетно образование кое ќе продуцира компетентни и конкурентни работни кадри.

До 2010 година во програмската структура на постсредното образование во Р. Македонија не се направени покрупни промени. Пред изготвањето на оваа Концепција постсредното образование функционира според Концепцијата за средно образование донесена во 1989 година. Тргнуваќи од многубројни причини за воведување реформи во стручното образование, особено од фактот што постстредното образование не ја остваруваше својата општествена функција подолг период, во 2010 година е донесена Концепција за постсредно образование која се заснова на реформи и модернизација на постсредното образование во повеќе сегменти.

Според оваа Концепција постсредното образование има функција да обезбеди продлабочени знаења, вештини и оспособување за работа со покомплексна и посложена технологија, за специјализирани услуги, организирање на работата, раководни функции на прво ниво, за инструирање, менторство и сл. [61]

Исто така според оваа Концепција установите за постсредно образование треба да овозможат реализација на програми/модули од различен тип наменети за различни целни групи (лица со завршено средно стручно образование во траење од три и четири години, со завршено завршено гимназиско и стручно гимназиско образование, лица со завршено средно уметничко образование,

[60] МОН (2018), Упатство за доделување кредити и поени во стручното образование и обука, стр. 3,11,12
[61] МОН и ЦСОО, (2010), Концепција за постсредно образование, Скопје, стр. 14

вработени и невработени). При тоа реализирањето на програмите/модулите терба да биде засновано на користење на различни стратегии на учење.[62]

Во Концепцијата за постсредно образование исто така е предвидена категоризација според специфичноста на занимањата, работното искуство, како и начинот на самото стекнување во неколку типови на постсредно образование:

- технолошка специјализација;
- надзорничка специјализација;
- исնтрукторска специјализација;
- специјализација за автономни профили;
- мајсторство и
- обука за стекнување на дел од интегрална квалификација или стекнување на парцијални компетенции.[63]

И покрај предвидениот и модел на постсредно образование и важната улога и потреба од ваков вид на образование сепак постсредното образование засега останува недоволно атрактивен вид само многу мал процент на кандидати се одлучуваат за ваков вид на образование.

### 1.3.4 Образование на возрасните

Образование на возрасните е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица.[64] Во 2008 г. е донесен Законот за образование на возрасните од страна на Собранието на Р. Македонија со којшто образованието на возрасните е дефинирано како дел од единствениот систем на образование на Република Македонија.

Во Р. Македонија постојат повеќе институции кои го конституираат системот за образование на возрасните. Постојат јавни и државни институции и тела, како и приватни институции кои нудат различни видови обуки за возрасните. Образованието за возрасни опфаќа формално, неформално и информално учење. Формалното образование за возрасните се реализира во

[62] Исто, стр.15
[63] МОН и ЦСОО, (2010), Концепција за постсредно образование, Скопје, стр. 16
[64] МОН, (2008), Закон за образование на возрасните, Скопје:Службен весник на Р.Македонија бр.7/08

редовните основни училишта и специјализираните училишта за возрасни. Тоа се организира и остварува според посебни наставни планови. Исто така образованието на возрасните може да се реализира и во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење коишто се јавни, мешовити или приватни установи кои вршат дејност од јавен интерес. Формално образование на младите и возрасните лица опфаќа:

- основно образование за возрасни,
- средно образование за возрасни,
- стручно оспособување,
- стручно образование за занимање,
- техничко образование и
- постсредннообразование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација.

Во основното образование за возрасни се нудат три модели на наставни планови, два за редовна настава и еден за подготвителна настава:

- Наставен план за адолесценти од 15-24 години (трае четири учебни години);
- Наставен план за возрасни над 24 годишна возраст (трае четири учебни години со редуциранн број на наставни предмети и часови седмично. Тоа се должи на сознанијата за специфичните потреби, животни и работни обврски на возрасните над 24 години)
- Наставен план за подготвителна/ консултативна настава со возрасни (наменет за возрасните кои имаат одредени елемнтарни предзнаења, за читање, пишување, сметање, кои се оспособени за самообразование со одредена помош, вработени се и не се во можност да ја следат редовната настава).[65]

Средното образование на возрасните е интегрален дел на редовната воспитно-образовна дејност во училиштата за средно образование. Основната цел на средното образование на возрасните е: стекнување за прв пат одреден вид стручно образование (прво занимање), доквалификација на возрасните ученици, или преквалификација на возрасните ученици.

---

[65] Ризова, Е. (2015). Возрасните и писменота Скопје:Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет, стр.233

Генерално интересот за описменување и доформирување на основното образование во помалите градови во Македонија е минимален. Од друга страна поради непостоење на установи за образование на возрасните, интересите не можат да се задоволат.

Неформално образование пак претставува организиран процес на учење насочен за оспособување на младите и возрасните лица за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование за возрасни. Исто така формално и неформално образование на младите и возрасните лица може да се реализира во граѓански универзитети за доживотно учење.

Дејноста на овие установи претежно се состои од курсеви од доменот на општото и стручното образование, од неформален но и формален тип.

Најголемиот дел од активностите од кои се состои дејноста на овие установи е од доменот на неформалното образование, како општо и стручно, и тоа во доменот на општото образование во деведесеттите па и до средината на двеилјадитите доминираат странските јазици и ИКТ курсевите.

Најголем број форми од неформалното образование секако се од доменот на стручното образование. Најдоминантни форми од стручното образование се обуките за компетенции кои овозможуваат самовработување: фризери, козметичари, масери, сметководители, како и обуки од медицинската струка, како на пример болничари за кои последниве години постои зголемен интерес.

Во 2008г. исто така е основан Центарот за образование на возрасните кој претставува јавна установа за образование на возрасните во Р. Македонија, која како посебно правно лице е основана од Владата на Р. Македонија. Мисијата на центарот е да воспостави функционален, современ и ЕУ-компатабилен систем на образование на возрасните во контекст на доживотно учење којшто ќе понуди висококвалитетно образование и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението, зголемување на вработливоста и претприемништвото, потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе кон економскиот, социјалниот и личниот развој. [66]

Како и во останатите европски земји, образовната политика во Р. Македонија треба да обезбеди можности за стекнување соодветно образовно

[66] http://www.lifelonglearning.mk/, пристапено на 09.08.2018

ниво за секого и за сите возрасни групи и да се осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и на пазарот на трудот што воедно е и целта на доживотното учење. Во однос на концептот за доживотно учење во последните години во Република Македонија се одржуваат многу различни активности коишто ги прошируваат и унапредуваат можностите за неформално образование и обука на сите возрасни групи.

### 1.3.5 Организација на практичната настава

Основната функција на стручното образование е подготовка за работа и за продолжување на образованието. Програмска структура за секое од видовите стручното образование опфаќа општо образование, стручно-теоретско образование и практична обука. Практичната обука се организира и реализира во струките или група струки (образовни сектори) во сите видови и нивоа на стручно образование и обука: стручно оспособување со траење до две години, стручно образование за занимања со траење од три години, техничко образование со траење од четири години и постсредно образование со траење од шест месеци до две години.

Практичната обука се однесува на практичните активности за стекнување компетенции потребни за извршување на конкретна работа. Таа на ученикот треба да му овозжи стекнување на психомоторни способности и негово постапно вклучување во процесот на трудот. Практичната обука се програмира и организира според карактерот на дејноста на образовниот профил, а ја сочинуваат практична настава и феријална практика. [67]

Практичната настава се реализира во училиштата преку изведување на дефинирани дидактички вежби според образовниот профил. Практичната настава обврзно се реализира како практична настава во училишни објекти (работилници, лаборатории, училишни компании и сл.); и практична настава-професионална практика во реални работни процеси, односно во соодветни претпријатија во коишто треба да биде реализиран најмалку 1/3 од вкупниот фонд на часови за практична настава. Доколку не се создадени услови за реализација на практичната настава во соодветни претпријатија, овој дел од

[67] ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО, стр. 27

практичната настава може да се резлизира  во училиштето, кое е должно да создаде соодветни услови за тоа. Организацијата и реализацијата на практичната настава се изведува според специјално упатство изработено од страна на Центарот за стручно образование и обука, а истиот содржи стандарди во однос на просторните услови и опремата, стандарди за наставниот кадар, улога и одговорности на сите учесници во практичната настава. [68]

Пред почетокот на реализацијата на практичната обука кај работодавачот, задолжително се потпишува договор од страна на:

- установата за стручно образование;
- работодавачот;
- ученикот постар од 18 години ако е деловно способен, односно родителот/ старател на ученикот помлад од 18 години;
- договорот се заверува во Комората која го води регистарот на ученици на практична обука кај работодавачи.[69]

Феријалната практика по својата функција и содржина е мошне слична со професионалната  практика, со тоа што таа се организира по завршувањето на наставната година и по правило, во континуирано траење  и во соодветни претпријатија. Феријалната практика може да се организира и во училишни објекти доколку е организиран соодветен производствен или друг услужно-работен процес. [70]

Со оглед на фактот дека модерното и квалитетно стручно образование не може да се обезбеди само од страна на една организација како по примерот на развиените европски држави во коишто тоа оддамна се применува како што е пр. СР Германија, изработена е Рамка за развој на партнерство во којашто се истакнува потреба од заедничкото делување и градење на партнерства со сите засегнати страни во врска со стручното образование и обука. [71]

Во врска со самата организација на практичната настава сепак можеме да кажеме дека во последните неколку години имаме постигнато важен и значаен напредок а тоа е воведување на дуален модел на образование во кој системски ќе се вклучи практичаната настава. Станува збор за проект кој веќе започна да

[68] Исто, стр. 27
[69] ЦСОО (2012), Стандарди за изведување практична обука на учениците кај работодавачите: ЦСОО, стр. 9
[70] ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО, стр. 27
[71] ЦСОО (2010), Рамка за развој на партнерство: ЦСОО, стр. 5

се реализира со тоа што неколку средни стручни училишта во Р. Македонија започнаа да формираат паралелки за т.н. специјални паралелки или дуален систем на образование. Со ваквата организација на практичнта настава во системот на стручно образование веќе слободно можеме да кажеме дека нашиот систем на стручно образование и наука се приближува кон ефективно исполнување на целите, задачите и функцијата на системот на стручно образование и обука.

### 1.4 Курикулум

#### 1.4.1 Наставни планови за стручно образование и обука

Наставните планови и програми за стручно образование и обука во Р. Македонија се во надлежност на државата. Нив ги предлага Бирото за развој на образованието во соработка со Центарот за стручно образование и обука, односно Одделението за наставни програми и планови а ги донесува министерот за образование и наука.

Земајќи го во предвид фактот што наставните планови и програми за образовните профили треба да бидат прилагодени на потребите на пазарот на трудот, важен сегмент претставува соработката меѓу образовние установи и бизнис секторот на ниво на политики и законски регулативи којашто во последно време успешно се остварува. Исто така Законот за стручно образование и обука посочува можност Коморите да доставуваат предлози до Центарот за стручно образование и обука за иновирање на наставните планови и програми и доставување предлози за изработка на нови стандарди на занимање.[72]

Наставните програми и планови за сите видови на стручно образование и обука ги изработува Центарот за стручно образование. Зависно од тоа дали се работи за тригодишно образование за занимања – стручно оспособување или техничко (четиригодишно) обрзаование, наставните планови за сите четиринаесет струки и образовни профили се изработени според програмски подрачја и се состојат со определен фонд на часови во секоја година на изучување на предмети од општо образование коишто се застапени со 40%,

[72] МОН (2013), Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013-2020 со акциски план, Скопје: МОН, стр. 29

стручно-теоретско образование кај 3-годишното образование со застапеност од околу 20%, и определен број на часови за практична обука и феријална практика со застапеност од околу 40%. [73]

Наставните планови за 4-годишното-техничко обрзаование за сите образовни профили или група струки се изработени од страна на ЦСОО и процентуалната застапеност е следнава: околу 45-50% часови за општо образование, околу 30-35% часови за стручно образование, околу10-15% часови за практична обука и околу 5% часови за изборна настава.[74]

### 1.4.2 Сличности и разлики во наставните планови помеѓу стручно и гимназиско образование

Наставните планови и програми за гимназиско образование ги изрботува Бирото за развој на образованието. Тие се состојат од определен број на часови во секоја година на изучување на задолжителни и изборни предмети зависно од соодветното подрачје (природно-математичко, општествено-хуманистичко и јазично-уметничко секое со по две комбинации А и Б). При споредба на наставните планови за гимназиско образование и стручно образование важно е да се напомене дека поголем број од задолжителните наставни предмети од гимназиско образование се совпаѓаат со предметите од општо образование во наставните планови за секоја од струките и профилите во стручното образование. Како задолжителни предмети од општо образование во гимназиското и во стручното 3-годишно и 4-годишно-техничко образование се јавуваат мајчин јазик, математика, прв странски јазик, историја, информатика, биологија, географија, ликовна уметност и спорт и спортски активности. Разликата се состои во тоа што кај одредени предмети се разликува затапеноста со определнен број на часови годишно. Така на пример задолжителниот предмет мајчин јазик во гиманзиско образование е застапен со 4 часа неделно односно 144 часа годишно, а во стручно 3-годишно за занимања и техничко 4-годишно е застапен со 3 часа неделно односно 108 часа годишно. Што се однесува до задолжителниот предмет странски јазик, од учебната 2014/2015 во средно стручно образование во сите струки се изучува англиски јазик со неделен фонд од 2 и годишен од 72 часа, само во

[73] ЦСОО (2010), Концепција за стручно образование за занимања, Скопје: ЦСОО стр. 27
[74] ЦСОО (2007), Наставни планови за образовните профили во струки или група струки во четиригодишното стручно образование во Република Македонија

угостителско-туристичка е застапен со неделен фонд од 3 и годишен од 108 часа (само во економско – правна и трговска струка и угостителско-туристичка се изучува втор странски јазик со неделен фонд од 2 и годишен од 72 часа). Исто така и предметот математика во гимназиско образование е застапен со 3 часа неделно, 108 часа годишно во сите години на изучување, а во стручното образование во некои струки е застапен со 2, во некои со 3 часа неделно, со тоа што во некои струки се смета како предмет од групата општо образование, а во некои како предмет од групата општо образование – предмети в функција на струката. Останатите предмети и во гиманзиско и во стручно образование се застапени со 2 час неделно, а некои предмети како пр. хемија, музичка уметност и други не се застапени во сите струки на стручното образование.

### 1.5 Раководење и управување

Во Р. Македонија управувањето и раководењето на средните стручни училишта е уредено со Законот за средно образование и има иста структура и организација во сите училишта за средно образование и обука, но со донесување на Законот за локална самоуправа, дел од надлежностите во однос на образовните институции коишто се однесуваат на основање, администрирање на јавните основни и средни училишта се во наделжност на општините.

Орган на управување во јавното средно училиште е училишниот одбор којшто се состои од 12 члена и тоа: четири претставника од наставниците, три претставника од родителите, три претставника од основачот на училиштето и по еден претставник од МОН и од деловната заедница. Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот кои имаат право на учество при гласање и донесување на одлуките [75]

Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Тој е одговорен и има значајна улога во организирањето и спроведувањето на активностите во училиштето. Мандатот на директорот трае

[75] Член 88 од Законот за средно образование консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996... 67/2017).

четири години. Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со Законот за средно образование. Според истиот закон, за директор на јавно средно училиште се избира лице кое покрај општите услови, ги исполнува условите за наставник, педагог или психолог во средно училиште, има високо образование, пет години работно искуство во установа за воспитно-образовна програма верифицирана од МОН и положен испит за директор.[76]

Највисок орган одговорен за поддршка и развој на дејноста на стручното образование и обука во Р.Македонија е Центарот за стручно образование и обука. Работата на Центарот, уредена со Законот за стручно образование и обука, е да ги усогласи и интегрира институциите и организациите во коишто се изведува дејноста на стручното образование и обука со јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука. Со центарот управува Управен одбор составен од девет члена кои ги именува и разрешува Владата на Р.Македонија, а нивниот мандат трае пет години, а работата на Центарот ја раководи и организира Директорот, којшто го избира Управниот одбор и исто така е со мандат од пет години.

Извршувајќи ја својата дејност Центарот соработува со: Министертвото за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статистика, Занаетчиската комора на Македонија, Синдикатот, Бирото за рзвој на образованието, Државниот испитен центар, установите за стручно образование и обука, универзитетите во Р.Македонија и меѓународните институции и организации од областа на стручното образование и обука. [77]

### 1.6 Финансиирање

Финансирањето во образованието е важен услов за квалитетен образовен систем. Тоа во Р.Македонија е регулирано со Законот за средно образование,

[76] Член 88 и 91 од Законот за средно образование консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996 ...67/2017)
[77] Член 30, 31 и 33 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013; 41/2014 и 145/2015)

Законот за финансирање на единците на локална самоупрва и други законски и подзаконски акти донесени од страна на Собранието на Р. Македонија.

Средствата за финансирање на јавното средно образование се обезбедуваат од Буџетот на Р. Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Р. Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и Законот за финансирање на единците на локална самоупрва.[78] Распределбата на средствата се врши по неколку основи и тоа обезбедување на плати на наставниот кадар, одржување на училишните згради, училишната опрема и превозот на учениците.

Финансирањето на средното образование до 1 јули 2007 година во целост е во надлежност на државата. Но со донесувањето на Законот за финансирање на единците на локална самоупрва голем дел од ингеренциииите на државата во однос на прераспределба на финансиите се пренесени на општините.[79]

Средствата за финансирање на средното образование се распределуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации. Сепак мора да се истакне дека со префрлувањето на надлежноста од централната на локалната власт финансиските средства не се намалуваат.[80]

Општините добиените средства ги распределуваат на средните училишта со цел обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Распределувањето на средствата од блок дотацијата и наменската дотација се врши според определена формула и во согласнот со фазите за фискалната децентралзација утврдени согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа[81].

Формулата за распределба на средствата се изведува во зависност од бројот на ученици во средните училишта на одредено подрачје. Влијание врз изведувањето на формулата може да имаат повеќе објективни фактори возраста на учениците, планот и програмите, типот на училиштето, локацијата

[78] Член 101 став 1 и 2 од Законот за средно образование консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996... 67/2017).
[79] Закон за финансирање на единците на локална самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11)
[80]Исто, член 12 точка 3
[81] Закон за финансирање на единците на локална самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11)

на училиштето и друго. Доколку општината смета дека не се доволни добиените средства, може истата да ја дополни добиената блок дотација односно наменската дотација за образование со средства од сопствени извори.

Па така општините кои не се преминати во втората фаза од децентрализацијата, ќе продолжат и понатаму да ја употребуваат времената формула за финансирање според која:

- Платите на наставниците во средното образование да им се исплаќаат директно од страна на државата на училиштата.
- Трошоците за одржување на училишните згради и трошоците за превоз на учениците треба да се префлат од државата на општините како наменски дотации
- Фондовите за инвестирање да се префрлат од државата на општините како капитални дотации за реконструкција и изградба.[82]

Оние општини кои влегоа во втората фаза од децентрализација ги добиваат погоре спомнатите блок дотации т.е. тие се задолжени за исплата на платите на наставниците и за одржување на училиштата. Овие средства се доделуваат директно од државниот буџет. Општините се должни да донесат правила и критериуми за распределба на средствата до училиштата, да изготват програма и буџет за образование за својата територија, распределба на финансиските средства, задоволување на легитимните потреби на училиштата, ги распределува дотациите добиени од централно ниво до училиштата, дополнува од свои сопствени средства за развој на образованието. Училиштето пак од своја страна е должно согласно подготвената финансиска рамка да изготви предлог финансов план кој го доставува до општината, која пак го прилагодува и усогласува со своите можности за подоцна и го одобри финансискиот план на училиштето.[83]

Јавните средни училишта исто така можат да стекнуваат средства од продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење основна дејност, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државната

[82] Исто
[83] Член 101 став 3 и член 101-а од Законот за средно образование консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996... 67/2017).

управа  во кои се остварува практична обука за учениците, проекти одобрени од министерот, подароци, донации и други извори.

Овие наведени средства со кои ќе се стекне средното училиште мора да бидат наменети за унапредување, осовременување и развојна дејност во јавните училишта зашто се поднесува извештај до министерството или надлежниот орган на единицата на локална самоуправа.[84]

## 1.7 Образовна политика, атрактивност на средното стручно образование

### 1.7 .1 Анализа на актуелната состојба, средно стручно образование во однос на гимназиското образование

Невработеноста е еден од најголемите проблеми на земјата и во голема мера влијае на нивото на сиромаштија, социјалната исклученост, искористеноста на ресурсите и на општото ниво на економски раст.[85]

Притоа особено е висок степенот на невработеност кај младите којшто според листата на Светска банка за 2017 година изнесува високи 50%. Постојат многу фактори коишто придонесуваат за ваквата состојба, но клучен е фактот што во Република Македонија, особено во последните 10 години постои голема хиперпродукција на одредени кадри, а од друга страна целосно исчезнување или недостаток на одредени профили и дејности. Во однос на ова прашање, професорот Зоран Велковски од Филозофскиот факултет вели:  „Анализата на проблемот со невработеноста, без оглед на просторната ситуираност, секогаш е поврзана со прашањето за работната сила. Каков било обид за толкување на невработеноста би бил некомплетен доколку не се стави во контекст на движењето нн работната сила и сите промени кои се случуваат во неа.“[86]

И покрај тоа што фактичката состојба на пазарот на трудот покажува дека повеќе струки и профили коишто се дефицитарни и за истите постојат голем број слободни работни места, сепак со исклучок на одредени струки како што се здравствена струка, економија и право, средното стручно образование

---

[84] Исто, член 103 и 104

[85]Башевска, М.  (2014) Политиките на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија  2008-2013, Скопје: Левичарско движење „Солидарност”стр.18

[86] Велковски, З. (2005), Lacrimae Mundi, Скопје:Педагошки завод на Р. Македонија,стр.75

сѐ уште не буди голем интерес. Ова особено се однесува на 3-годишното стручно образование за занимања.

Во однос на активностите коишто директно влијаат на исходите од делувањето на системот на средно стручно образование и обука се однесуваат на проекти коишто се стремат да го доближат функционирањето на системот на стручно образование и обука до потребите на пазарот на трудот, односно да го зајакнат овој образовен систем во смисла на негово приспособување кон пазарот на трудот. Во 2016г. Стопанската комора на Република Македонија го отвори прашањето за воведување на дуален модел на образование во кој системски ќе се вклучи практичната настава. Овој тригодишен проект за дуално стручно образование е поддржан од Делегацијата на германското стопанство во Македонија и овој проект ќе биде воден по германски терк. Според тоа проектот веќе започна да се реализира со тоа што неколку средни стручни училишта во Р. Македонија започнаа да формираат паралелки за т.н. специјални паралелки или дуален систем на образование. Притоа училиштата потпишаа Меморандум за соработка со одредени компании во коишто ќе се изведува практичната обука од соодветните струки и образовни профили. Така на пр. електротехничкото училиште „Мијало Пупин“ од Скопје потпиша меморандум за соработка со ЕВН. Општинскиот електро – машински училиштен центар „Св. Наум Охридски“ од Охрид пак оствари соработка со компаниите Костал, Лтх-Леарница и Одв-Електрик. Ова училиште планира да отвори паралека со дуално образование за образовниот профил Техничар за индустриска мехатроника за којшто 60% од наставата ќе биде теоретска и ќе се одвива во училиштето, а 40% ќе биде практична обука и ќе се одвива во компанииите партнери. Од учебната 2018/19 г. исто така се очекува да започе со настава и паралелката за дуално образование во стручното училиште „Киро Спанџов-Брко“ во Кавадарци, а партнер во проектот ќе биде компанијата Дрекслмајер. Понатаму како дел од проектот се очекува да се вклучат уште два региона Велес и Прилеп, односно училиштата „Коле Неделковски“ во Велес и „Ристе Ристески-Ричко“ од Прилеп.[87]

Исто така во јуни 2018г. започнат е нов проект Образование за вработување во Македонија. Овој поект е поддржан од Швајцарија и има за

---

[87] Делегација на германското стопанство во Македонија: http://mazedonien.ahk.de/mk/ausbildung/news/, пристапено на 02.12.2018

цел да прилагоди одредени елементи од швајцарскиот систем за стручно образование преку градење на партнерства помеѓу стручните училишта и приватниот сектор. Се очекува проектот да биде имплементиран во следните 10 години и истиот да помогне во развојот на стручни вештини кои ќе придонесуваат кон поголемо вработување во Република Македонија. Според овој проект којшто во следните 10 години ќе биде имплементиран од страна на Хелветас Македонија, Младинскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија, истиот ќе има за цел да овозможи повеќе граѓани, особено младите, да се стекнат со квалитетно стручно образование и обуки, како и да помогне во развојот на стручни вештини кои ќе придонесат кон зголемено вработување во земјата. [88]

### 1.7.2 Делување во склад со Европската унија

И покрај повеќето предизвици со коишто се соочува Системот на средно стручно образование и обука, сепак со повеќето реформи и промени можеме да кажеме дека во последните неколку години во Системот на средно стручно образование и обука се прават низа реформи, активности и проекти коишто се очекува да придонесат кон постигнување на гавната цел на средното стручно образовввание и обука а тоа е негово приспособување кон потребите на пазарот на трудот.

Во 2011г. изрботена е Национална квалификација на занимањата, изработена според структурата на Меѓународната стандардна квалификација на занимања, а со цел да се користи за прибирање, обработка, анализирање и пибликување на податоци кои се важни за следење на промените на пазарот на трудот во Р. Македонија. [89]

Со цел усогласување со Европска рамка на квалификации за доживотно учење и по препорака на Европскиот парламент и Советот за воспоставување на Европска рамка на квалификации за доживотно учење, во 2013г. изработена е Македонска национална рамка на квалификации и е донесен Закон за национална рамка за квалификации. На 34-таСедница на Советодавната група за Европска рамка на квалификации која се одржа во Брисел, Р.Македонија

[88] Македонски центар за граѓанско образование, достапно на http://mk.mcgo.org.mk/news, пристапено на 11.10.2018

[89] ДЗС (2011), Национална класификација на занимањата, Скопје: ДЗС, стр. 5,6

успешно го презентираше и го одбрани Извештајот за поврзување на Македонската рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации.[90]

Оваа рамка претставува инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и за признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење. Македонската рамка на квалификации има за цел да ги интегрира и да ги координира образовните потсистеми и да ја подобри транспарентноста, пристапот, напредокот и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот и граѓанското општество.[91]

Македонската рамка на кавлификации ги уредува следниве видови квалификации:

- квалификации на ниво образование (образовно ниво) и
- стручни квалификации.

Според оваа рамка стручните квалификации се стекнуваат за дел од јавно донесените образовни програми (модули, курсеви и сл.) или со завршување на посебни програми за образование, по извршена пропишана проверка.[92]

Многу значаен чекор кон подобрување на ефикасностна на стручното образование секако е изработувањето на Концепцијата за модернизација на техничкото четиригодишно образование.

Оваа концепција ги опфаќа сите сегменти во техничкото четиригодишно образование и има за цел да развие еден поконзистентен и делотворен систем на техничко образование и обука.[93]

### 1.7.3 Промоција на стручното образование и обука

И покрај тоа што според податоците од ДЗС во учебната 2013/14 57,31% од младите во Р. Македонија посетувале средно стручно училиште, со исклучок на одредени струки и образовни профили средното стручно образование сé уште не е е доволно атрактивен вид образование кај младите. За оваа состојба постојат повеќе причини меѓу кои може да се истакне фактот дека владее стереотипот дека без диплома не може да се најде работа и недоволната

[90] ЦСОО, ЕТФ(2016) Торино процес 2016-2017г. Национален извештај на Р.Македонија, Скопје, стр. 65
[91] МОН (2013), Македонска рамка на квалификации –појдовни основи-, Скопје: МОН, стр. 15,16
[92] Исто, стр. 18
[93] МОН (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, Скопје: МОН, стр. 11

информираност на граѓаните дека и по завршувањето на средно стручно образование учениците можат да го продолжат своето образование на високообразовна институција.

Иако во последните години на глобално ниво сѐ повеќе се актуелизира потребата од работна сила со техничко образовние, кај општата јавност, кај учениците и родителите во нашата држава сѐ уште постои негативна парцепција за средното стручно обраозование.

Во однос на тоа се прават напори да се создадат механизми преку кои ќе се промени јавната свест и ќе се акцентираат кариерните можности, академската надоградба и финансиските примања преку стручното образование и обука. Овие кампањи имаат за цел да го промовираат овој тип на образование со нагласување на можоста за усовршување во струката и надоградување на компетенциите и степенот на образование.

Во тој поглед во последниов период се преземаат низа мерки за зголемување на интересот за стручно образование и обука и негова промоција.

Еден таков чекор е и потпишувањето на Меморандум за соработка за заедничка медиумска кампања за промоција на стручните занимања и стручното образование, чија главна цел е јакнење на свеста за значењето на овој тип образование и занимања, како и нивна промоција кај младите луѓе и нивните родители. Меморандумот во име на Владата е потпишан од страна на Министерството за труд и социјална работа, Министерството за образование и наука, Фондот за иновации и технолошки развој, како и претставници на проекти кои се спроведуваат со поддршка на УНДП, УСАИД и Швајцарската агенција за соработка.[94]

За постигнување на поефикасни резултати потребно е да се преземат и конкретни мерки на ниво на локално ниво, пришто сите општини поактивно ќе ги промовираат стручните училишта и ќе се залагаат за остварување на повеќе партнерства помеѓу училиштата и претпријатијата и компаниите. Со еден ваков пристап значително би се подобрил квалитетот на спроведување на практичната обука а со тоа би се зголемила и атрактивноста на средното стручно образование и обука.

[94] Достапно на: https://iportal.mk/makedonija/potpishan-memorandum-za-sorabotka-za-promocija-na-struchnoto-obrazovanie-vo-makedonija/, пристапено на 09.12.2018

# 2 СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СР ГЕРМАНИЈА

## 2.1 Образовен систем на СР Германија

СР Германија е федерална држава па оттаму образовниот систем е условен од федералната структура на државата. Постојат закони коишто се регулирани на ниво на држава, но генерално, секоја од покраините самостојно раководи со законодавството, организацијата и администрацијата на образовниот систем. Во член 7, став 1 од Уставот се вели дека целото школство е под надзор на државата. Во СР Германија важи принципот на *„Kulturhoheit der Bundesländer“*. Тоа значи дека целата област на законодавството, организацијата и извршување на дејноста во културата и образованието е под водство на секоја покраина преку сојузните министерства за култура. Оттаму произлегува и фактот дека обрзовниот систем се разликува од покраина до покраина.

Со цел да се постигне подобра координација и соработка помеѓу покраините во областите образование, воспитание, високообразовани институции и истражување како и културни настани, од 1948г. постојано се одржува Конференција на покраинските министри за култура. Оваа конфренција има координативна функција и задачи кои воглавно се однесуваат на овозможување на учениците, наставниците и студентите мобилност и исти услови за развивање и учење, односно студирање во цела Германија, како и

- усогласување и споредливост на училишните дипломи и свидетелства;
- осигурување на стандардите за квалитет во училиштата, стручните и професионалните училишта и високообразовните институции;
- координација помеѓу институциите надлежни за образование, наука и култура.[95]

На сојузно ниво надлежноста за дејноста на воспитно-образовните институции ја има Сојузното министерство за образование и истражување и тоа во врска со следниве сегменти:

- Организацијата на професионалната обука којашто се изведува надвор од училиштатата во склоп на дуалниот систем на

[95] Конференција на министрите за култура на покраините во СР Германија, достапно на https://www.kmk.org/kmk/aufgaben.html, пристапено на 09.10.2018

образование, регулирано преку Законот за стручно професионално образование;

- Обезбедување на образовна помош и поддршка преку програми за образовни стипендии, регулирано преку Законот за унапредување и поддршка на образованието;
- Регулирање на влезот во високото образование и стекнување со дипломи од високообразовни институции (член 74, став 1, алинеја 33 Устав на СР Германија) ;
- Поддршка на научното истражување (член 74, став 1, алинеја 13 Устав на СР Германија). [96]

Друг важен образовен сегмент којшто има важност на сојузно ниво и е содржан во Уставот, е наставата по религија како редовен предмет во јавните училиште. Според член 7, став 2 од Уставот, родителите на деца до 14 год. година имаат право да одлучат дали нивните деца ќе посетуваат настава по предметот религија, а после 14тата година за тоа прашање одлучуваат самите деца, а ниту еден наставник не е обврзан против своја волја да држи настава по религија.[97]

Највисока институција е Сојузното министерство за образование и истражување. Под надлежност на оваа институција функционираат пониски образовни институции кои ги управуваат, поддржуваат, истражуваат или развиваат поединечните образовни системи преку покраинските надлежни институции. Подетални прописи во однос на предучилишните установи, образовните и високообразовните институции како и прописи поврзани со образованието на возрасните се утврдени во покраинските устави и закони за образование. Освен во Сојузното министерство за образовние и истражување, како важни тела во кои се донесуваат одредби и прописи за координирање на дејноста во образовниот систем на сојузно ниво и покраините се Покраинските министерства за образование, Конференцијата на министерите за култура на покраините, Покраинските совети за школство и други институции.

[96] Сојузно министерство за образование и истражување, достапно на https://www.bmbf.de/de/kooperation-von-bund-und-laendern-in-wissenschaft-und-bildung-77.html, пристапено на 07.10.2018
[97] Устав на СР Германија, достапно на https://www.bundestag.de/parlament/aufgaben/rechtsgrundlagen/grundgesetz/gg_01/245122, пристапено на 09.10.2018

Генерално образовниот систем на СР Германија се состои пет степени односно потсистеми:

- Елементарен степен кој го опфаќа предучилишно воспитание и образование
- Примарен степен на образование го опфаќа задолжителното основно образование
- Секундарниот степен I на образование го опфаќа задолжителниот дел на образование односно пониското средно образование
- Секундарниот степен II на образование го опфаќа повисокото средно образование
- Терцијарен степен на образование којшто го опфаќа високото и понатамошното образование[98]

Примарното и секундарното образовние во СР Германија е бесплатно.

Задолжителното образование во СР Германија започнува на 6 годишна возраст и трае 9 години со целосна настава во училиштата за основно и нижо средно образование. Понатаму учениците коишто своето образование нема да го продолжат во општо или стручно образование со целосна настава во училиштата, имаат обврска да започнат со посетување на стручно професионално училиште и изучување на одредена професија во дуалниот систем на образование. [99]

[98] Kai, C.,Baumert, J., Leschinsky, A., Mayer KU. & Trommer, L. (2003), Das Bildungswesen in der Bundesrepublik Deutschland, стр. 23

[99] Eurydice, Национални образовни системи, достапно на https://eacea.ec.europa.eu/national-policies/eurydice/content/germany_en, пристапено на 20.09.2018

**Шематски приказ на образовниот систем во Сојузна Република Германија**




Извор: Секретаријат на Постојаната конференција на министрите за образование и културни прашања на Сојузна Република Германија, Берлин, 2017

### 2.1.1 Предучилишно воспитание и образование

Предучилишното воспитание и образование во СР Германија има долга традиција. Овој вид на предучилишно згрижување на децата започнал да се организира уште во 19от век, кога се организирало згрижување на децата на индустриските работници. Во 1840г. Фридрих Фребел го воведува поимот детска градинка (Kindergarten) и згрижувањето на децата од предучилишна возраст добива нови аспекти на воспитување и образование[100]

Овој потситем опфаќа установи во коишто се згрижуваат деца од предучилишна возраст, односно до шест годишна возраст. Децата коишто според возраста и законската обврска треба да започнат со задолжително школување во прво одделение, но според нивните способности заостануваат по било кој основ, во секоја од покраините постојат различни видови установи како пр. детски градинки со специјални класови и адаптирана настава и истите може да ги посетуваат деца коишто се на возраст пред започување со образование во прво одделение.[101]

Сиетмот на предучилишно згрижување и воспитание не е дел сојузниот образовен систем, туку детските градинки најчесто им припаѓаат на социјални институции, слободни носители или на црковни организации. Оваа дејност на сојузно ниво од 2008г. е уредена со Законот за поддршка на децата (Kinderförderungsgesetz) а надлежноста за овие институции на сујузно ниво му припаѓа на Сојузното министерство за семејство, стари лица, жени и млади лица, додека пак на покраинско ниво одговорни се министерствата за социјала и поддршка на младите лица, а дел од надлежноста им припаѓа и на министерствата за култура, како и на локалната самоуправа на секоја од покраините. Според Законот за поддршка на децата секое дете на возраст од една година има право на предучилишно згрижување, воспитание и образование во секоја од покраините коишто пак имаат свои посебни закони за заштита и згрижување на децата.

---

[100] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 77

[101] Исто стр. 33

Основните начела за образовниот дел од работата во институциите за предшколско образование и воспитание се содржани во Заедничаката рамка на покраините за организација на раното образование во детските градинки во којашто се става акцент на ефикасно поврзување на предшколското со соновното образование како и на развивањето и зајакнувањето на индивидуалните капацитети коишто децата ќе ги мотивираат и подготват активно и одговорно да земат учество во општествениот живот, како и доживотно да учат.[102]

## 2.1.2 Основно образование

Основното образование создава основа за понатамошното учење и го помага личниот развој на децата. Со навршување на шестата година децата во СР Германија стануваат дел од задолжителното основно образование коешто освен во покраините Берлини и Бранденбург кадешто трае 6, во сите други покраини трае 4 години.

Целта на основното училиште е на учениците да им се овозможи стекнување на елементарни знаења и развивање на основни социјални вештини коишто ќе им овозможат на учениците успешно да се вклучат во понатамошното образование. Во првите четири години на образование во преден план се изучуваат читањето, пишувањето и сметањето. Учениците со посебни потреби коишто зависно од видот и степенот на попреченоста не можат да се вклучат во редовните јавни училишта, можат да посетуваат повеќе видови училишта коишто во различните покраини се наречени училишта за специјално-педагошка поддршка, центри за поддршка или училишта за деца со попреченост.

Учениците се должни да ги посетуваат јавните училишта за основно образование коишто го покриваат нивното место на живеење. Сепак во некои покраини родителите имаат право и можност на избор на основно училиште.

Планирањето и организацијата на целото основното образование е задача на министерствата за култура и останатите служби задолжени за

[102] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 82

дејности поврзани со образовниот процес. Образовните цели кои се предвидени да се исполнат според покраинските закони за образование се конкретизирани преку наставните планови за коишто е надлежен покраинскиот министер за култура. [103]

Со завршување на 4то, односно 6то одделение учениците не добиваат диплома за завршено основно образование, туку само добиваат свидетелство за завршено одделение од задолжително основно образование.

Преминот од основно во едно од различните видови на нижи средни училишта каде учениците мора да го продолжат задолжителното образование е различен и зависи од покраинските закони за образование. Успехот и покажаните резултати на ученикот во основното училиште е еден од главните предуслови според кој се одредува во каков вид на средно училиште ученикот може да го продолжи своето образование.[104]

### 2.1.3 Средно образование

Преминот од основно училиште во понатамошните видови училишта за средно образование во сојзните покраини е регулирано на различен начин. Секретаријатот на постојаната конференција на министри за култура во СР Греманија има изготвено посебен документ со информации во врска со регулирањето на процесот на премин на учениците од основно во нижо средно училиште. Според овој извештај во повеќето покраини основните училишта според постигнатиот успех на учениците даваат препорака на кој вид нижо средно училиште учениците понатаму би требало да го продолжат своето образование. Родителите следејќи ја препораката имаат право да одлучат, а учениците имаат право на пробна настава во избраниот вид на училиште, а во некои покраини предвидени се и приемни испити[105] Во повеќето покраини постојат четири вида нижо средно образование: Gymnasium-гимназиско образование, Realschule -проширено општо со насочување кон стручно

[103] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 52

[104] Гоцевски, Т/Гоцевски, С. (2009), *Образовните системи во Европската Унија,* Филозофски факултет – Скопје, стр. 186

[105] Информативен документ на Секретаријатот на конференцијата на министри за култура, достапна на: https://www.kmk.org/fileadmin/Dateien/veroeffentlichungen_beschluesse/2015/2015_02_19-Uebergang_Grundschule-SI-Orientierungsstufe.pdf, пристапено на 10.10.2018

образование, Hauptschule – претставува нижо училиште од 5то до 9то одделение како припрема за изучување на некој занает односно професија или за продолжување во стручно образование и Gesamtschule – сеопфатно интегрирано училиште. [106]

5то и 6то одделение во сите општообразовни училишта се сметаат како фаза на ориентација, посебна поддршка, набљудување на учениците кои се насочуваат кон понатамошен вид на образование.

По завршување на 15тата година од животот следува преодот во вишо средно образование. Зависно од видот на претходно стекнатата диплома, учениците имаат можност да го продолжат образованието во општообразовни, стручни училишта или пак да посетуваат професионално образование во дуалниот систем. Како општообразовни и професионални училишта во повеќето покраини се среќаваат следниве типови на училишта: Gymnasium - гимназија, Berufsschule -училиште за професионално образование, Berufsfachschule - стручно училиште, Fachoberschule – вишо насочено образование, а во одредени покраини и следниве видови училишта: Fachgymnasium – стручна гимназија, Berufsoberschule - вишо стручно училиште, Berufskolleg – колеџ за стручно образование.[107]

Системот на средно образование се дели на нижо средно образование Sekundarbereich I, кое го опфаќа периодот на образование од 5то односно 7мо до 9то односно 10то одделение и вишо средно образование Sekundarbereich II коешто опфаќа повеќе видови на образование и образовни програми за општо и стручно образование. Сите видови на нижо средно образование Sekundarbereich I ја имаат функцијата да ги подготвуваат учениците за образовните програми од вишо средно образование Sekundarbereich II, коешто пак овозможува пристап до високото образование. Соодветно на тоа, речиси сите видови на нижо средно образование имаат општообразовен карактер, додека пак во вишо средно образование, освен гимназиското образование, сите други видови се училишта за стручно и професионално образование. Според возрасната граница нижото средно образование опфаќа ученици на возраст од 10 до 15/16години, а вишото средно образование од 15/16 до 18/19години. Сите

[106] Слободен превод од германски јазик
[107] Превод на видовите на училишта според поимникот на Гете институтот, достапен на http://www.goethe.de/lrn/prj/wnd/glo/mkindex.htm#b, пристапено на 12.11.2018

видови на средно образование овозможуваат стекнување на различни квалификации и различни видови на дипломи.

Сите видови на нижо средно училиште се надоврзуваат на заедничкото за сите основно училиште. Во повеќето покраини постојат четири видови на нижо средно образование: Hauptschule, Realschule, Gymnasium и Gesamtschule. Во некои покраини овие видови на нижи средни училишта имаат различни називи, при што исто така постојат и училишта во кои од педагошки и организациски аспект заедно се опфатени Hauptschule и Realschule и истите во повеќето покраини имаат различни називи. Заеднички принципи за организацијата на образовната дејност во училиштата за нижо средно образование се регулирани со Договорот за видови на училишта и струки во нижото и вишото средно образование Sekundarbereich I и Sekundarbereich II, усвоен во 2009 г. на Конференцијата на покраинските министри за култура. [108]

### 2.1.4 Видови на нижи средни училишта - Sekundarbereich I

#### 2.1.4.1 Hauptschule

Претставува нижо училиште за образование од 5 до 9 одделение како припрема за изучување на некој занает односно професија или за продолжување во стручно образование и е наменето за ученици кои по завршување на образованието сакаат да изучат некое занимање, односно да го продожат своето образование во дуален систем. Наставата опфаќа општообразовни предмети: германски јазик, странски јазик, математика, физика, хемија, биологија, географија, историја, социологија, музичка и ликовна уметност, спорт и наука за религиите. Во некои покраини застапени се и предметите домаќинство и економија, како и други предмети со прктична употреба, но сепак акцентот е ставен на стручната обука и учењето преку практична работа. Наставата по предметите математика и странски јазик (англиски или француски) се изведува во групи, односно по нивоа во зависнот од постигнувањата на учениците. Во покраините во кои задолжителното образование трае девет години, учениците имаат можност да посетуваат и десетто одделение. Со завршувањето на девето одделение овој вид на

[108] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр.114

образование се заокржува со завршен испит – Hauptschulabschluss. Учениците имаат можност да го продолжат своето образование во *Berufsfachschule* стручно училиште со што ќе преминат во вишо средно образование или да се вклучат во дуалниот систем. [109]

### 2.1.4.2 Realschule

Претставува училиште за проширено општо образование од 5 до 10 одделение во коешто учениците се насочуваат кон стручно образование. И во овој вид на училиште наставата опфаќа општообразовни предмети, а од седмо или осмо одделение во наставата се вклучени од три до шест часови неделно коишто се задолжителни но изборни предмети  и истите според изборот на ученикот се предмети кои се поврзани со одредена стручна област.  Со завршување на овој вид на училиште се добива диплома со назив Realabschluss. Учениците коишто посетуваат Realschule имаат можност по завршувањето образованието да го продожат во стручна гиманизја (трае 3 години) и да се здобијат со право да полагаат матура со што можат да се запишат на факултет, да посетуваат Berufsfachschule стручно училиште со полагање на завршен стручен испит, или да се вклучат во дуалниот систем. Во седум покраини не постои ваков вид на училишта, туку ваков вид на образование може да се стекне на училшата со друг назив какако на пр. во покраината Шлезвиг-Холштајн училиштата за Hauptschule и Realschule се именувани во Regionalschule.[110]

### 2.1.4.3 Гимназиско образование

Во гимназиското образование учениците можат да се стекнат со продлабочено општо образование. Гимназиското образование трае осум години и го опфаќа периодот од петто до дванаесто, односно тринаесто одделение. Доколку ученикот го прекине образованието после десетто одделение се здобива со Der mittlere Schulabschluss, односно диплома за завршено задолжително гимназиско образование. Класовите од 11то до 13то

---

[109] Исто, стр. 115

[110] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 116

одделение се нарекуваат Oberstufe или вишо напредно ниво. Оние ученици коишто ќе завршат 12то. односно 13то одделение, полагаат матура и имаат право понатаму да го продолжат своето образование на универзитет или да посетуваат виша стручна школа, како и да посетуваат некоја образовна програма од дуален систем на образование. Учениците изучуваат општообразовни предмети и втор странски јазик.

#### 2.1.4.4 Gesamtschule

Овој вид на т.н. сеопфатно или интегрирано училиште е училиште во коешто не постои разлика според видот на училиштето, т.е ги опфаќа трите претходно споменати типови на училиште (Hauptschule, Realschule, Gymnasium). Во вакво училиште можат да се запишат учениците по завршувањето на основно училиште. Овој вид на училиште не ги селектира учениците врз база на претходни постигања или способности. Предноста е што учениците посетуваат курсеви на различни нивоа според нивните способности. Наставната програма исто така обезбедува и стручна настава. По завршувањето на пониско средно задолжително образование заклучно со деветто одделение во Gesamtschule учениците можат да го продолжат своето образование во повисоко средно образование во гимназиско образование и да полагаат матура или да го продолжат образованието во дуален систем.

### 2.1.5 Видови на виши средни училишта - Sekundarbereich II

Со завршувањето на нижо средно училиштo - Sekundarbereich I, учениците имаат можност да го продолжат своето образование во вишо средно училиштo - Sekundarbereich II. Според видот на претходно завршеното образование можат да продожат и понатаму да посетуваат општо образование во т.н. Gymnasiele Oberstufe – гимназиско вишо образование,
и стручно образование во следните видови училишта:

- Berufsfachschule - стручно училиште
- Berufsoberschule - вишо стручно училиште
- Fachoberschule - вишо насочено училиште
- Berufliches Gymnasium / Fachgymnasium – стручна гимназија[111]

---

[111] Превод на видовите на училишта според поимникот на Гете институтот, достапен на http://www.goethe.de/lrn/prj/wnd/glo/mkindex.htm#b, пристапено на 12.11.2018

### 2.1.5 .1 Gymnasiele Oberstufe – више гимназиско образование

Вишото гимназиско образование го продолжува и проширува воспитно-образованиот процес на општо образование чиешто успешно завршување претставува влез во високото образование. Вишото гимназиско образование трае 3 години и се дели на едногодишна вовдена фаза 11то одделение и двегодишна фаза на квалификација 12то и 13то одделение. Во нижото гимназиско образование учениците изучуваат општообразовни предмети и два странски јазици, а во вишото гимназиско образование веќе имаат можност според нивните афинитети да одберат група на предмети од одредено подрачје:

-јазично-литературно-уметничко подрачје (опфатени предмети германски јазик, странски јазици, ликовна и музичка уметност и др.);

-општествено-научно подрачје (опфатени предмети историја, географија, филозофија, социологија, политика, економија и др.);

-природно-математичко и техничко подрачје (опфатени предмети математика, физика, хемија, биологија, информатика и др.);

Освен предметите од избраното подрачје, задолжителни за сите три подрачја се спорт и наука за религиите (овој предмет се изучува согласно со законските одредби во секоја сојузна покраина). Предметите германски јазик, странски јазик, математика, спорт, историја и една од природните науки во квалификациската фаза се изучуваат во сите подрачја. Наставата по скоро сите предмети е организирана на пониско и повиско ниво. Наставата по предметите германски јазик, математика и странски јазик на основно ниво се изведува со 3 часа неделно, со тоа што учениците мораат да посетуваат најмалку два од овие предмети на виско ниво со по пет часа неделно или трите предмети со по четири часа неделно. Овие три предмети се сметаат за базични компетенции. Исто така изучувањето на втор странски јазик во воведната фаза, односно 11то одделение е задолжително. Иако во секоја од сојузните покраини постојат одредени варијации, генерално на матурскиот испит учениците ги полагаат следниве испити:

- најмалку два предмети изучувани на високо ниво;
- два од трите предмети германски јазик, математика, странски јазик;
- најмалку еден предмет од соодветното подрачје.

Во некои покраини вишо гимназиско образование може да се стекне и на други видови училишта како во интегрирано училиште, исто така и во стручна гимназија.

### 2.1.6 Високо образование

Целта на високото образование во СР Германија е да ги подготви студентите за нивните идни професии и области на делување преку посредување на потребното стручно знаење, вештини и методи.

Тоа опфаќа високообразовни институции факултети и стручни училишта за високо образовние. Според Интернационалниот стандард за квалификации генерално се поделени на технички факултети, стручни училишта за високо образовние, педагошки, теолошки, уметнички и музички училишта за високо образовние и др. Во некои покраини застапени се и професионални академии коишто се ориентирани кон научно и практично-ориентирано професионално образование. Стручните виши средни училишта и стручните академии како и тригодишните стручни медицински училишта во покраината Баварија според интернационалната рамка на квалификации спаѓаат во групата на високообразовни институции.

Карактеристично за наставните планови на професионалните академии (Berufsakademie) е што тие се посебно ориентирани кон професионалната пракса. За време на студиите во овие високообразовни училишта особено се значајни семестрите за практична обука која се изведува надвор од овие образовни институции. Целта на професионалните академии е да оспособи стручни лица за водечки позиции во фирмите, претпријатијата, јавната администрација и други институции, кои се однесуваат на работни позиции коишто треба да извршуваат самостојна и одговорна дејност.

Образовниот процес на професионалните академии е регулиран со покраинските закони за професионални академии, а одредбите за образовните и испитните програми се пропишани од надлежните министерства за наука. За образованието во некои професии од обласа на здравство и медицина важат

законите на сојузно ниво, а одредбите за образовните и испитните програми исто така се пропишани од надлежните министерства.[112]

Во последните години особено атрактивни за студентите се техничките универзитети, а освен универзитетите на исто рамниште се и стручните виши школи (Hochschule) технички, педагошки, теолошки, како и музичките и уметничките виши школи, а како посебен вид високо образовни установи од 1970/71 се интегрирани вишите стручни школи (Fachhochschule).

Законските основи на високото образование во СР Германија се поставени во Рамковниот закон за високо образование на сојузно ниво, како и во покраинските закони за високо образование. Регионализацијата на високото образование претствува шанса за еднаков пристап кон можности за студирање.

До 1998г. дејноста на високообразовните институции е регулирана со Рамковен закон за високо образование на сојузно ниво. Во 1998г. направена е промена на одредбите од овој закон, а со овие промени регулирањето на организацијата и управата на високообразовните институции е задача на покраините пришто се настанати низа различни прописи во однос на организацијата на високообразовните институции во покраините.[113]

Од 90тите години па натаму се прават постојани напори за модернизирање како и на промовирање на германскиот систем на високо образование на интернационално ниво.

## 2.2 Историски развој, реформи и промени во средното образование и обука

Делувањето на воспитно-образовниот процес на покраинско ниво во Германија има долга традиција почнувајќи од времето на Германското царство (1871-1918) и Вајмарската Република (1919-1933). По завршувањето на Втората светска војна во Уставот на Западна Германија повторно е застапена одредба со која дејноста во областите образование, наука и култура продолжува да се извршува на покраинско ниво што значи дека надлежноста за законодавството и управувањето со погоре наведените области им припаѓа на покраините.

[112] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 162
[113] Исто, стр. 61

Во областа образование  особено заначајна за еднаков развој и соработка е Конференцијата на министри за кулура, основана 1945г.  којашто преку посебен Договор за стандардизација делува во процесот на координирање и развој на образовните системи во покраините.  Понатаму во 1970 е основана Сојузно-покраинска Комисија којашто има за цел да разгледува прашања на сојузно и покринско ниво.

Развојот на средното обрзование Sekundarbereich I по 1945г. во СР Германија и во Германската Демократска Република има сосема различен тек.

Образовниот систем во Источна Германија, основана 1949г. е строго централно управуван и раководен според принципите на Социјалистичката партија за единство на Германија. Истата година основано е Министерство за образование коешто ја добива надлежноста за училиштата и високообразовните установи. Од 1951 г. надлежноста за стручното и високото образование е префрлена на друг ресор, а од 1959 г. десетгодишното политехничко нижо средно образование станува задолжитено во сите јавни училишта.  Законот за единствен социјалистички систем донесен 1965г. во Источна Германија без позначајни реформи ќе продолжи да дејствува се до крајот на 80-тите години.[114]

Со склучување на договорот за обединување во 1990 г. помеѓу СР Германија и Германската Демократска Република, образовниот систем во петте покраини на тогашната ГДР се променува. Во учебната 1992/93 по усвојување на новите закони за школство од страна на Покраинското собрание на петте покраини на поранешната ГДР се воведува структуриран образовен систем. Министерствата за култура и образование на тогашната држава пристапуваат кон Конференцијата за министрите за култура со цел да се изгради споредлива основна структура на образовниот систем. Овој педиод се смета и за основа на реформскиот процес во  стручното образование. Воведена е регулаторна рамка за стручно образование, донесен е закон за стручно образование, посебни

[114] Van Ackern, I., & Klemm, K. (2011), Entstehung, Struktur und Steuerung des deutschen Schulsystems, Wiesbaden: VS Verlag,  стр.37

одредби за занаетчитво, како и рамковни наставни планови за дуален систем на образование.[115]

Системот на дуално образование во СР Германија за прв пат законски е регулиран во 1969г. со Законот за професионално образование (Berufsausbildung). Во 1972 министрите за култура на покраините го донесуваат т.н. заеднички протокол за резулатити од професионалното образование, и истиот се однесува на усогласување на наставните планови и изведувањето на професионалниот практичен дел од наставата. Оттогаш па натаму професиите коишто се изучуваат во овој вид на образование се спроведуваат според постапката опишана во тој протокол.[116]

И покрај тоа што СР Германија е земја со најниска невработенсот во Европската унија благодарение на системот на стручно образование, посебно на дуалниот систем, сепак експертите посочуваат на одредени недостатоци во германскиот систем на стручно образование и обука. Тие укажуваат на потребата од структурна промена со цел соодветно и брзо да може да се реагира на постојано променливите побарувања на пазарот на трудот, на отворениот европски простор за работни места и образование, како и на последиците од германската демографска промена. Некои научници пак од областа на образованието сметаат дека голем предизвик во системот на стручно образование во СР Германија претставува фактот што во овој систем директните учесници се од многу различни области како министерства, здруженија, претпријатија, синдикати, стручни училишта, институции кои спроведуваат научни истражувања во образовниот систем и други служби.

Најазначајна реформа во дуалниот систем на образование е направена со промена на Законот за стручно образование во 2005 г. Со оваа реформа целосно се изменети и се споени Законот за стручно образование од 1969 г. и Законот за поддршка на стручното образование од 1981 г. Целта на реформата на дуалниот систем од 2005 г. е осигурување и подобрување на шансите за образование на младите, како и подбрување на квалитетот на стручното

---

[115] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 23,24, 25

[116] Исто, стр.109

образование, односно професионалната обука за сите млади луѓе независно од нивното социјално или регионално потекло. [117]

Во член 2 од истиот закон се наведува дека одреден временски период од професионалната обука може да биде завршен и во странство, пришто стекнатите знаења, вештини и компетенции во странство се признати. Ова може да биде случај доколку содржините од професионалната обука во странство одговараат на дејноста односно професијата што се изучува или доколку при таа обука практикантот е во можност да стекне дополнителни важни компетенции.

Освен тоа направени се и измени во делот на полагање на завршниот испит којшто временски е поделен на два дела со што се надминува строгата граница помеѓу школскиот дел и делот од професионалната обука во претпријатијата и фирмите. На испитот можат да бидат проверувани и други дополнително стекнати компетенции. Овој завршен испит уште се нарекува и завршен испит за стручна подготовка и истиот е признат од различните професионални комори. Се очекува следнта реформа во Законот за стручно образование да биде донесена во 2020 г.[118]

### 2.3 Организација на стручното образование и обука

Сите нижи средни училишта се општообразовни. Со завршување на вишо средно училиште учениците стануваат кфалификувани за одредена струка и добиваат диплома од видот на училиштето што го посетувале.

Во СР Германија според организацијата училиштата за стручно образование може да ги поделиме генерално на два типа: училишта за стручно техничко образование (наставата целосно се изведува во училиштата) и професионално стручно образование во дуален систем за (наставта делумно се изведува во училиштата, професионалната обука се изведува во претпријатијата и фирмите).

[117] Сојузен институт за стручно образование, достапно на https://www.bibb.de/dokumente/pdf/a1_bwp_02_2005_beitrag-sondermann.pdf, пристапено на 05.11.2018
[118] Сојузно министерство за образование и истражување, достапно на https://www.bmbf.de/de/das-berufsbildungsgesetz-bbig-2617.html. пристапено на 08.11.2018

Стручното професионално образование во дуалниот систем е регулирано со Законот за професионално образование од 2005 г. Во Законот се наведени рамковните услови за стручното професионално образование, а исто така се осигурува квалитетот на образованието и се подобруваат шансите за младите луѓе независно од нивното социјално и регионално потекло.

Школскиот дел од наставата во дуалниот систем се одвива во Berufsschule – стручни училишта во стручни класови од една или од повеќе сродни струки. Учениците коишто се секнуваат со образование преку дуалниот систем имаат можност да изберат стручна обука од понудените 350 државно признати професии. Овие професионални обуки се организирани според прописи за професионална обука коишто се пропишани во Законот за стручно образование член 5. Овие прописи се однесуваат на: називот на професијата којашто е државно призната, потребно време за завршување на обуката (најмалку две а најмногу 3 години), знаењата, вештините и компетенции коишто треба лицето што се образува за одредена професија треба да ги стекне и спроведување на завршниот испит.

Во повеќето покраини генерално постојат 4 видови училишта за стручно професионално образование:

-Berufsfachschule - стручно училиште

- Berufsoberschule - вишо стручно училиште

- Fachoberschule - вишо насочено училиште

- Berufliches Gymnasium / Fachgymnasium – стручна гимназија [119]

Освен овие како најзастапени видови, во секоја од сојузните покраини учениците имаат можност да посетуваат и други специфични видови на училишта во коишто учениците имаат можност да се стекнат со различни занимања од техничките струки и да добијат диплома со која ќе можат да продолжат во високото образование или да се вклучат на пазарот на трудот.

[119] Превод на видовите на училишта според поимникот на Гете институтот, достапен на http://www.goethe.de/lrn/prj/wnd/glo/mkindex.htm#b, пристапено на 12.11.2018

### 2.3.1 Цели и задачи на стручното и професионалното образование образование

Генерално стручното образование во СР Германија може да го поделиме на стручно образование со повеќе видови на стручни училишта и професионално образование во дуален систем со теоретска настава во стручно училиште Berufsschule.

Завршувањето на образованието во стручните училишта води кон стекнување со квалификуван степен на образование и овие училишта имаат за цел да обучуваат профили на стручни кадри кои ќе бидат во состојба да преземат водечки задачи и раководни функции во компании, фирми претпријатија, како и да бидат во состојба самостојно одговорно да ја извршуваат својата дејност.

Овие училишта исто исто така ги насочуваат учениците кон претприемничка култура, самостојно работење и претприемничко учење. Стручните училишта исто така имаат за цел и да ги подготвуваат учениците за мајсторски испит.[120]

Професионалното образование во дуалниот систем има индивидуална и економска димензија преку што се дефинира и конкретзира и неговата цел а тоа е развивање на професионални компетенции и квалификации.[121]

Главната цел пак на стручното професионалното образование во дуалниот систем е да овозможи стекнување на квалификации за некоја професионална дејност, но и да овозможи продолжување на образованието во следно повисоко ниво. [122]

### 2.3.2 Надлежности во стручното образование и обука

За стручното образование важат посебни прописи, а надлежноста е поделена помеѓу државата и сојузните министерства за образование. За изведување на практичната обука, односно професионалната обука и учењето

[120] Конференција на министри за култура, Рамковен договор за стручни училишта - Одлука на министреите закултура од 07.11.2002 во ревидирана верзија од 23.02.2018, достапно на https://www.kmk.org/fileadmin/Dateien/veroeffentlichungen_beschluesse/2002/2002_11_07-RV-Fachschulen.pdf

[121] Фондација Бартелсман (2015), Berufsausbildung 2015, Eine Entwicklungsperspektive für das duale System, стр. 37

[122] Закон за професионално стручно образование, член 5, достапно на https://www.gesetze-im-internet.de/bbig_2005/, пристапено на 10.11.2018

при работа во фирмите и претпријатијата надлежноста е на страна на државата, а покраините се одговорни за организација на наставниот процес во училиштата за стручно и професионално образование. Федералната влада ја одредува рамката за организација на стручното образование и обука преку закон и прописи. На државно ниво одговорни институции за стручното образование и наука се Федералниот институт за стручно образование и обука и Федералното министерство за образование и истражување, додека пак сојузните покраини се одговорни за организацијата на образовните институции за стручно образование, видовите на училишта и наставните планови се покринските министерства за образование.

**2.3.2.1 Сојузно министерство за образование и истражување**

Сојузното министерство за образование и истражување има значајна улога на поддршка во делот на образованието, науката и истражувањето. Оваа поддршка се однесува на учесниците во воспитно-образованиот период - деца од предшколска возраст, па се до учесниците во професионалнно образование и обука и понатамошно дообразование.

Работата на Сојузното министерсво за образование и истражување е регулирана со Уставот на СР Германија пришто е поставена јасна поделба на надлежностите помеѓу Сојузното министерство и покраините. Во однос на професионалното образование исто така е издиференцирана надлежноста која е поделена така што покраините се одговорни за училиштта во кои се изведува теоретскиот односно школскиот дел од професионалната обука, а Сојузното министерство има задача за го поддржува, планира, координира и законски регулира делот на практичната обука.

Една од главните цели коишто ги има поставено Сојузното министерство за образование и истражување е поддршка на економскиот пораст во СР Германија со помош на иновативни технологии и услуги. Сојузното министерство за образование и истражување се состои од осум оддели меѓу кои за стручното и професионалното образование значајни се Одделот за стручно и професионално образование и доживотно учење. [123]

[123] Сојузно министерство за образование и истражување, достпано на https://www.bmbf.de/de/kooperation-von-bund-und-laendern-in-wissenschaft-und-bildung-77.html, пристапено на 15.11.2018

#### 2.3.2.2 Федералниот институт за стручно образование и обука

Највисок орган на сојузно ниво за стручното образование и обука е Федералниот институт за стручно образование и обука. Овој институт е основан во 1970 врз основа на Законот за стручно образование, како федерална владина институција за поддршка, развој и истражувања во областа на стручно образование и обука. Неговата функција е преку научно истражување да придонесе кон ефикасно истражување во областа на стручното образование и обука. Овој институт исто така има друга многу важна фукнција а тоа е во соработка со сојузните министерства за образование да го поддржува и помага планирањето, развојот и воспоставувањето на соработка со претпријатијата, фирмите и компаниите за реализирање на професионалата обука во дуалнот систем на образование. [124]

#### 2.3.2.3 Покраиниски министерства за култура и наука

Во секоја од покраините надлежни за областите образование, наука и култура се покраинските министерства. Во некои покраини овие министерства имаат различни називи. Овие министерства ги пропишуваат насоките на образованта политика на деловните единици од областа на образованието кои се однесуваат на: организација на училштата, високообразованите институции, библиотекарство, образование на возрасните, спорт и поддршка на младите. [125] Во десет покраини освен министерствата за образование, постојат и посебни министерства за областите наука и истражување. На пр. во покраината Баварија функционираат две министерства и тоа: Министерство за настава и култура и министерство за наука, истражување и култура.

#### 2.3.2.4 Конференција на министрите за култура

Постојаната Конференција на министрите за култура на покраините во СР Германија е основана во 1948 г. и делува како координативно тело со цел усогласување на образовната политика во СР Германија. Секретријатот на ова

[124] Закон за стручно образование, член 90, достапно на https://www.gesetze-im-internet.de/bbig_2005/, пристапено на 10.11.2018

[125] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 45

координативно тело ги анализира образовните програми, изготвува рамковни договори, правилници и прописи преку коишто се даваат насоки за извршување на образовната дејност во училиштата и другите образовните установи во покраините. Овој Секретаријат донесува одлуки подготвени од стручни комисии, пришто секоја покраина има параво на одреден број на гласови според бројот на жители. Понатаму овие одлуки во вид на препораки треба да стапат во сила преку покраинските закони и прописи за образование.[126] Во 2011г е усвоен важен правилник за развој на рамковни планови за стручно професионално образование и нивно усогласување со федералните правила за обука за државно признати занимања.

### 2.3.3 Видови на стручно образование и обука

#### 2.3.3.1 Berufsfachschule – Стручно училиште

Стручните училишта овозможуваат теоретско стручно образование за повеќе образовни профили од одредена стручна област односно професија. Во овој вид на училиште можат да се запишат ученици коишто имаат завршено Hauptschule и Realschule. Спектарот на образовни понуди од овој вид на училиште е прилично широк. На покраинско ниво постојат различни видови стручни училишта коишто нудат образование од професии од областа економија и трговија, професии поврзани со странски јазици, уметнички, занаетчиски професии и многу други професии, а според пособно пропишани правила одредени професии од областа на здравството (според посебни прописи и член 7 од Законот за стручно образование).[127] Според член 43 од Законот за стручно образование, учениците коишто завршуваат ваков вид на стручно училиште полагаат завршен испит во надлежните занатечиски и трговски комори за секоја од професиите. Овој вид на образование зависно од стручната област на изучување може да трае од една до три години.

[126] Van Ackern, I., & Klemm, K. (2011), Entstehung, Struktur und Steuerung des deutschen Schulsystems, Wiesbaden: VS Verlag, стр.108

[127] Видови на стручни училишта во секоја од покраините, достапно на https://www.deqa-vet.de/de/Berufliches-Schulwesen-3132.php, пристапено на 12.11.2018

### 2.3.3.2 Fachoberschule – Вишо насочено училиште

Вишото насочено училиште е вид на училиште со двегодишно траење. За влез во овиј вид на училиште потребно е учениците да се имаат стекнато со диплома за Mittleren Schulabschluss – диплома за завршено задолжително нижо средно училште од Realschule или други слични видови на училишта. Овие училишта нудат општо, стручно-теоретско и стручно-практично знаење и способности. Можно е овој вид на образование да се продолжи за уште една година и таквото завршено образование според Интернационалната рамка на квалификации се смета за високо образование. Овој вид на училиште нуди образование од повеќе стручни области: економија, администрација и управување, техника, здравство и соцјална заштита, исхрана, земјоделство и др. Образованието се состои од настава и стручна пракса. Наставата се реализира по предметите: германски јазик, странски јазик, математика, природни науки, економија и наука за општеството, како и за одредени предмети од струката. Стручната пракса за време на првата година од образованието се одвива во претпријатија или институции соодветно на стручната област. Учениците исто така имаат право диреткно да преминат во втората година во овој вид на образование, односно во 12-то одделение доколку претходно имаат завршено соодветно професионлно образование или имаат релевантно професионално искуство поврзано со стручната област на изучување.

### 2.3.3.3 Berufliches Gymnasium / Fachgymnasium – стручна гимназија

За разлика од општата гиманзија во стручната или во некои покраини наречена професионална гимназија, може да се запишат ученици коишто имаат завршено друг вид нижо средно образование и се имаат здобиено со Mittleren Schulabschluss со постигнат соодветен успех за да го продолжат своето образование во стручна гиманзија. Како подрачја со избор на предмети во стручната гимназија се нудат групи предмети од различни области како економија, техника, исхрана, земјоделство, здравство и социјална заштита. На матурскиот испит покрај општо образовните учениците полагаат и предмети од струката односно подрачјето на изучување. На некои стручни гимназии постои и можност за стекнување на две квалификации, диплома за зршено средно стручно образование Hochschulreife, односно квалификација за влез во

високото образование и диплома за професионално образование Beruflicher Abschluss.[128]

### 2.3.3.4 Berufsoberschule – Вишо стручно училиште

Овој вид на училиште опфаќа општо и професионално образование и има за цел на учениците коишто имаат завршено професионално образование во дуален систем да им овозможи да се стекнат со диплома за завршено средно стручно образование. Овој вид на образование е со двегодишно траење и со негово завршување учениците се стекнуваат со диплома за звршено средно стручно образование Hochschulreife, односно квалификација за влез во високото образование. За да се запишат во вакво училиште потребно е учениците да се имаат здобиено со Mittleren Schulabschluss и успешно да имаат звршено најмалку двегодишно професионално образование или да имааат најмалку петгодишно работно искуство во соодветната професионална дејност. Првата година од овој вид на образование може да биде заменета со друг вид на претходно стекнато образование. И во овој вид на образование понудени се многу стручни области на изучување, а учениците можат да одберат стручна област на изучување во зависност од областа во којашто се насоочиле во претходниот вид на образование.[129]

### 2.3.3.5 Дуален систем

Дуалниот систем е најатрактивниот вид на образование во СР Германија, со оглед на тоа што околу 60% од младите во Германија изучуваат едно, две или тригодишно професионлно образование. Системот се нарекува дуален, бидејќи образованието се изведува на две места: во претпријатијата односно фирмите и професионалните стручни училишта. Професионалното образование во дуалниот систем има за цел да обезбедни средина во која учениците ќе ги стекнат потребните вештини, знаења и способности за квалифицирано извршување на дејност од одредена област. Овој вид на образование го

[128] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 120

[129] [129] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 120

обезбедува токму потребното работно искуство. Успешното завршување овозможува учениците веднаш да бидат во состојба да се вклучат на пазарот на трудот како квалификувана и стручна работна сила. Во овој вид на образование тие имаат можност да изберат помеѓу 350 државно признати професии. На пример само за профилот технички асистент има повеќе од 30 специјализирани профили со различни називи како на пр. државно признат асистент за автоматика и компјутерска техника, државно признат инжинер асистент - машиниски техничар[130]

Влез во овој вид на образование е отворен за сите, т.е. не се потребни влезни предиспозиции. Повеќето од учениците кои го посетуваат овој вид на образование се имаат стекнато со Mittleren Schulabschluss или пак имаат завршено вишо насочено или стручно образование. Образованието се одвива така што кандидатите склучуваат договор за стручна обука со претпријатието, односно фирмата во која тие ќе се стекнат со практичното искуство во реална работна средина. На тој начин тие три до четири дена во неделата посетуваат професионална обука во пртпријатијата, односно фирмата, а два дена посетуваат настава во Berufsschule – професионално училиште. Трошоците за практичниот дел од наставата ги преземаат претпријатијата, односно фирмите и за самото извршување на обуката, тие на учениците, односно практикантите им исплаќаат паричен надомест. Овој паричен надомест најчесто изнесува околу две третини од почетна плата на лице коешто е во процес на обучување. Потребните вештини, знаења и способности и квалификации коишто треба да ги стекне лицето се утврдени во посебни цели на обуката, а истите се конкретизирани со индивидуален план за изведување на обуката.

Практичниот дел од професионалната обука се одвива во претпријатијата. Тие со договор се обврзуваат преку непосредна прктична работа на учениците да им ги пренесат потребните знаења, вештини и способности за одредена област и професија. Одговорните лица коишто ја изведуваат оваа обука се специјално квалификувани за извршувањето на обуката и истата ја изведуваат според претходно утврден план за иведување на

[130] Конференција на минстрите за култура, достапно на: https://www.kmk.org/themen/berufliche-schulen/duale-berufsausbildung.html, пристапено на 13.10.2018

практичната обука, а процесот на изведување на практичната обука е контролиран и од страна на стопанската комора.

Наставата во дуалниот систем на образование се изведува во професионалните стручни училишта. Тие заедно со претпријатијата и фирмите работат како партнери во процесот на професионалното образование. Професионалното стручно училиште има за задача на учениците да им пренесе општи и стручни содржини пришто се става акцент на барањата за стручни знаења на професионалното образование што се изучува. Оттаму задачата на стручното училиште е да посредува конкретно стручно знаење како и да го проширува претходно стекнатото општо знаење.

Наставата во професионалните стручни училишта вклучува општообразовни предмети германски јазик, општествени науки социологија и економија, наука за религијата и спорт по четири часа неделно, а предметите што се поврзани со стручната област на изучување се застапени со осум часа неделно.[131]

Претпријатијата и фирмите играат многу важна улога во делувањето и организирањето процесот на учење во дуалниот систем. Претпријатијата и фирмите се всушност во голем дел надлежни за овој систем и вид на образование. Преку изведувањето професионална обука и учење преку работа тие всушност се одговорни за професионалните капацитети на идните стручни кадри. Во таа смисла претпријатијата и фирмите имаат слобода да одлучуваат колкав број на практиканти и за кои признати образовни професии односно работни позиции тие сакаат и се во можност да примат.[132]

### 2.3.5 Образование на возрасните

Во СР Германија постојат многу поволни услови за образование на ворасните. Постојат повеќе видови вечерни училишта за возрасни коишто се особено погодни за вработените лица, бидејќи нудат можност да доформување и продолжување на образованието и стекнување на диплома за завршен степен на образование.

[131] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 122

[132] Arnold, Rolf & Münch, Joachim (2000), 100Fragen und Antworten zum Dualen System der deutschen Berufsausbildung, стр.7

Како највисок орган за образование на возрасните на сојузно ниво функционира Сојузниот институт за образование на возрасните. Овој институт претставува институција на Сојузното министерство за образование, наука и истражување и неговата функција се однесува на истражувања од областа на образованието на возрасните. Во секоја од сојузните покраини образованието на возрасните е уредено со посебни закони за образование на возрасните и постојат различни видови на училишта за образование на возрасните.

Во сојузната покраина Хесен постојат четири видови на училишта за образование на возрасните и тоа Abendhauptschule, Abendrealschule, Abendgymnasium и Kolleg (вечерни училишта насочено и општо образование). Abenhauptschule, Abendrealschule овозможуваат кандидатите да се стекнат диплома за нижо средно образование, додека вечерните гимназии и колеџите на кандидатите им нудат можност да сеткнат со ниво вишо средно образование и преку полагање на матура да се стекнат со степен на образование односно диплома која со којашто е можен влез во високото образование.

## 2.3.4 Организација на практичната настава

Практичната настава се организира според видот на училиштето. Генерално може да зборуваме за практична настава во техничките стручни училишта и практична настава во дуалниот систем.

Прктичната настава кај техничките стручни училишта се реализира во соработка помеѓу училиштата и претпријатијата односно фирмите. На пример кај Fachoberschule - вишо насочено училиште се организира зависно од неговото времетраење најчесто во 11-то одделение. Оваа практична настава се одвива во текот на целата година најчесто во првите три дена од неделата во соодветни претпријатија и фирми со индустриска, занаетчиска, услужна дејност, како во јавната администрација и во други државни односно покраински служби и институции.

Во текот на практичната настава учениците имаат можност да добијат увид во процесот на работење и да соберат искуства за методите на работа во соодветната област. За време на практичната настава учениците треба да бидат воведени во начинот на функционорањето на претпријатието или институцијата, како и да земат активно и одговорно учество во извршување на

работните задачи. Во тој процес тие треба да се стекнат со знаења во врска со организацијата, фукнционирањето, да се запознаат со начинот и текот на работата, како и да стекнат комуникациски вештини, да развијат чувство и совесност за одговорно работење и работа во тим.

За време на практичната настава учениците стануваат практиканти и имаат обврска да се придржуваат на прописите во претпријатието, фирмата или институцијата. Тие исто така се обврзани активно и одговорно да учествуваат во работниот процес за да ги исполнат целите на практичната настава. Тие треба да бидат во состојба да извршуваат едноставни задачи од стручната област поврзани со дејноста, а исто така се задолжени и да изготват извештај за нивниот напредок и постигнување на знаења и компетенции. Овој извештај треба да го достават во училиштето и во претприајтието, фирмата или институцијата во којашто се практиканти.[133]

Самата практична настава се изведува по претхдоно утврден план којшто се однесува на најмалку две основни функционални области на претпријатието или институцијата. Пред започнувањето на практичната настава учениците склучуваат договор со претпријатијата и институциите во којшто се содржани времетраењето и планот за изведување на практичната настава.

Изведувањето на практичната настава мора да биде во согласност со одредбите во Законот за младите при работа.

За извршувањето на зададените работните задачи за време на практичната настава практикантите не добиваат паричен надомест.

Доколу учениците претходно имаат посетувано практична обука од соодветната струка во дуалниот систем на образование имаат право да го прескокнат 11-то одделение и директно да преминат во 12-то одделение во коешто се подгтвуваат за полагање на стручна матура. [134]

Практичната обука во дуалниот систем започува од самото започнување на овој вид образование. Таа може да трае од една до три години колку што трае самото образование. За време на оваа практична обука практикантите извршуваат реални работни задачи и добиваат паричен надомест од страна на

[133] Министерство за култура на сојузната покраина Хесен, достапно на https://kultusministerium.hessen.de/schulsystem, пристапено на 20.11.2018

[134] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 120

претпријатијата којшто е во просек изнесува на третина од просечната плата на вработено стручно лице. За оваа практична обука исто така од страна на претприајтието е изготвен план за практична обука во којшто се конкретизирани работните задачи што практикантите треба да ги изршуваат и се дефинирани целите што треба да ги постигнат за време на работата односно обуката, а практикантите се задолжени да водат писмен дневник за извршените активности и текот на професионалната обука.

Според член 10 од Законот за професионално стручно образование, претпријатето, односно фирмата која ќе прими ученици, односно практиканти на професионална обука на реални работни места има за обврска да склучи договор за професионална обука со овие лица. Во договорот за професионална обука се содржат правни прописии и принципи како и во договорот за вработување.

Истиот содржи членови кои се однесуваат на уредување на времетраењето на обуката, предвидениот одмор, паричниот надоместок и други точки како содржинска и временска поделба и цел на професионалната обука. Според овој договор учениците односно практикантите на крајот на обуката имаат право да добијат свидетелство за завршена обука во коешто се наведува видот, времетрањето и целта на професионалната обука, како и знаењата, вештините и компетенциите коишто ученикот, односно практикантот ги стекнал за време на обуката.[135]

Исто така пред започнувањето на обуката претпријатието треба да го пријави кандидатот во т.н. „одговорни  места“ односно во надлежната професионална комора. Практиканите исто така имаат право на пробен период на професионална обука во траење од три месеци. На крајот од професионалната обука практикантите полагаат завршен испит којшто кај повеќето професии е поделен временски на два дела.

Во СР Германија младите коишто се одлучуваат да посетуваат ваков вид на образование имаат можност да изберат помеѓу 350 државно признати професии. Овие признати професии се наведени во Законот за занаетчиска дејност  и за секоја државно призната професија или група на сродни професии

[135] Закон за професионално стручно образование, член 10, достапно на https://www.gesetze-im-internet.de/bbig_2005/, пристапено на 10.11.2018

постојат стандардизирани одредби за професионална обука коишто важат за сите покраини и во истите се дефинирани времетраењето на обуката, временската и структурната органзираност на обуката, планот за изведување на обуката, завршниот испит како општи прописи за вештините и квалификациите коишто практикантот треба да ги стекне за време на професионалната обука.

Во член 71 од Законот за стручно-професионално образование за секоја од преофесиите има т.н. „одговорни места" односно професионалните комори кои се одговорни за спроведување на завршниот испит.[136]

## 2.4 Курикулум

### 2.4.1 Наставни планови за стручно образование и обука

Наставните планови и видовите училшта се во надлежност на покраинските министерства за култура. Со цел да се постигне усогласување на наставните планови и програми, министрите за култура на сојузните покраини во 2003 и 2004г. имаат усвоено заеднички договор за образовни стандарди и наставни планови во основното и нижото средно училиште. Според овој договор во нижите средни училишта вкупниот неделен фонд на часови изнесува 28 во 5-то и 6-то одделение, а 30 во одделенијата од 7-мо до 9-то. Во групата на задолжителни предмети за сите видови нижо средно училиште спаѓаат предметите: германски јазик, математика, странски јазик, природни науки, наука за општеството и спорт. Министрите за култура исто така се залагаат во сите видови нижо средно училиште да се изучува втор странски јазик.

Наставните планови во вишите стручни училишта се во зависнот од видовите на училишта кои постојат во сојузните покраини и истите ги одобрува Покраинскиот школски совет. Тие мораат да одговараат на образовните насоки и да ги исполнуваат општообразовните и стручните цели како и дидактичките принципи преку коишто треба да се постигнат стручните квалификации од одбразовната програма.

[136] Исто

Во 2011 г. на Конференцијата на министрите за култура е усвоен прирачник за развој на рамковни планови за стручно професионално образование и нивно усогласување со федералните правила за обука за државно признати занимања. Рамковните наставни планови за наставата во стручните училишта за професионално образование се во согласност со Законот за стручно професионално образование од 2005 г. и Законот за уредување на занаетчиската дејност од 1998 г.[137] Во наставните планови за изведување на наставата во стручните училишта за професионално образование се наведени предметите и бројот на часови во секоја година на изучување. Тие се состојат од општообразовни предмети, стручни предмети и предмети тесно поврзани со образовниот профил.

### 2.4.2 Сличности и разлики во наставните планови помеѓу стручно и гимназиско образование

Во наставните планови за професионалното стручно образование се застапени стручни предмети поврзани со професијата која што се изучува. Во наставните планови за стручните технички училишта исто така се застапени стручни предмети и неколку општообразовни како што се германски јазик, математика и странски јазик.

Во последните неколку години во повеќе покраини во СР Германија се нуди опција за стекнување на дуална матура во стручните гимназии. Овој нов вид на образование им нуди можност на младите истовремено да изучуваат одредена професија и веднаш по завршувањето да се вклучат во пазарот на трудот, но и да го продолжат своето образование на високообразовна институција. Во тој поглед наставните планови во општите и стручните гимназии се слични со тоа што одредени општообразовни предмети во стручните гимназии се заменети со предмети тесно поврзани со образовниот профил на изучување. Оттаму и на завршниот матурски испит во стручните гимназии мора да бидат опфатени и општообразовни и стручни предмети.

[137] Член 4а од Законот за школство на покраината Хесен, достапно на https://kultusministerium.hessen.de/sites/default/files/media/hkm/lesefassung_schulgesetz_mit_inhaltsverzeichnis_zweispaltig_stand_30.05.2018.pdf, пристапено на 17.11.2018

## 2.5 Раководење и управување на стручното професионално и стручното техничко образование

Според член 7, став 1 од Уставот целото школство е одговорност на покраините. Согласно со тоа целата организација на образовните институции во покраините е координирана од страна на Покраинските министертва за образование и култура. Во секоја од покраините во СР Германија постојат покраински училишни одбори коишто се надлежни за поддршка и надзор во работата за повеќе училишта во одредена област во одредена покраина.

Раководењето и управувањето на училиштата за стручно техничко образование и училиштата во коишто се изведува теоретската настава од професионалното образование се раководени и управувани од страна на училишното раководство коешто го сочинуваат директорот и наставници коишто имаат посебни функции како на пр. заменик директор, координатор за распоред на часови, координатор за развој и обезбедување на квалитет во наставата, координатор за администрација и организација на школски активности и настани, координатор за надворешна комуникација и др. функции.[138] Наставниците членови на училишното раководство ја координираат нивната работа преку редовни состаноци. На овие осатаноци можат да земат учество и други членови од наставниот кадар, педагошки и социјални работници, како и членови на совет на родители и претставнички одбор на ученици.

Lehrerkonferenz или наставничката конференција во кој се вклучени сите наставници и членови на раководството на училиштето дејствува во насока на исполнување на образовната и воспитната функција на училиштето, а со претседателството на наставничкиот совет раководи директорот на училиштето и има право на глас при донесување на одлуки. Директорот има право и да приговори на одлука донесена од страна на конференцијата на наставници, доколку смета дека истата се противречи на училишната програма, одредбите и прописите за организација на училиштето. Во одредени

[138] Член 87 од Законот за школство на покраината Хесен, достапно на https://kultusministerium.hessen.de/sites/default/files/media/hkm/lesefassung_schulgesetz_mit_inhaltsverzeichnis_zweispaltig_stand_30.05.2018.pdf, пристапено на 17.11.2018

случаи доколку има спорна одлука, за истата надлежност да одлучи има Покраинската училишна служба.[139]

Во училиштата постојат и други тела преку коишто се донесуваат одлуки за различни активности поврзани со воспитно-обазовната дејност како совет на родители и претставнички одбор на ученици. Советот на родители има задача да го поддржува и да помага во унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето преку давање на предлози.

## 2.6 Финансирање на стручното образование

Стручното професионално образование според Законот за професионално образование е бесплатно. Трошоците за финансирање на стручното образование во СР Германија се поделени помеѓу државата, покраините и претпријатијата односно фирмите во кои се изведува професионалната обука на реални работни позиции. Трошоците за професионалната обука може да се поделат на три дела и тоа: трошоци за професионалните стручни училиштата Berufsschule, трошоци за плата на практикантите што се образуваат и трошоци за самата обука во претпријатијата односно фирмите.

Според тоа најголем дел од трошоците во врска со самата обука како и надоместот за обуката на практикантите ги покрива самото претпријатие или фирмата. Додека пак професионалните стручни училишта Berufsschule во кои се изведува школскиот односно теоретскиот дел од наставата се финансирани од покраините, но и од основачите на училиштата.[140] Во финансирањето на професионалната обука исто така земаат учество и државата и Сојузната служба за вработување.

Финансирањето на стручните технички училшта е уредено со покраинските закони за образование. Тие се финансираат од страна на покраините и општините.

Општините како основачи на училиштата се задолжени за покривање на трошоците за: основање и одржување на училиштата, покривање на трошоците

[139] Исто

[140] Van Ackern, I., & Klemm, K. (2011), Entstehung, Struktur und Steuerung des deutschen Schulsystems, Wiesbaden: VS Verlag, стр.71

за плати на ненаставен кадар во училиштата (технички и персонал за одржување на училишната зграда, секретар, педагог, психолог, социјален работник), а пак сојузните министерства на покраините ги покриваат трошоците за наставниот кадар.[141]

За изедначување на трошоците помеѓу покраините и општините, општините како основачи на училиштата преку посебни дотации добиваат дополнителни средства за одредени намени како на пр. превоз на учениците, набавување на нагледни средства, покривање на трошоци за изградба на школски згради и други потреби на училиштата.[142]

## 2.7 Образовна политика, атрактивност на средното стручно образование

### 2.7.1 Анализа на актуелната состојба, средното стручно образование во однос на гимназиското образование

Со оглед на фактот дека во сојузните покраини во СР Германија постојат различни видови училишта за средно општо образование, стручно-професионално и стручно-техничко образование значи дека со завршување на овие видови училишта се добиваат различни дипломи коишто овозможуваат влез во високото образование или вклучување на пазарот на трудот. Со завршување на средно општо гимназиско образование учениците се стекнуваат со право на полагање на матура Abitur којашто претставува влез на многу факултети и други високообразовни институции. Со завршување на стручно-техничко образование младите се здобиваат со диплома т.н. Hochschulreife со којашто имаат можност да се запишат на некој од техничките универзитети или други видови високо-образовни институции.

И покрај тоа што професионалното образование е најпосетуван вид на образование во СР Германија за којшто се одлучуваат околу 60% од младите поради предностите кои ги нуди, сепак во последните години во СР Германија е забележано зголемување на атрактивноста на гимназиското образование

---

[141] Член 157 од Законот за школство на покраината Хесен, достапно на https://kultusministerium.hessen.de/sites/default/files/media/hkm/lesefassung_schulgesetz_mit_inhaltsverzeichnis_zweispaltig_stand_30.05.2018.pdf, пристапено на 17.11.2018

[142] Van Ackern, I., & Klemm, K. (2011), Entstehung, Struktur und Steuerung des deutschen Schulsystems, Wiesbaden: VS Verlag, стр.106

поради зголемувањето на интересот за високото образование. Според податоците од  Сојузната служба за статистика во последните години расте процентот на ученици коишто посетуваат општо нижо и вишо образование и истиот изнесува околу 40%.

Сепак како најатрактивен вид на образование кај младите сè уште останува професионално стручно образование. Тргувајќи од таа причина во последните години во некои покраини како на пр. Саксонија почнувајќи од учебната 2011/2012 освен на општите, стручните и некои видови на технички стручни училишта, право на полагање на т.н. дуална матура им се нуди во други видови училишта за професионално образование (стручна гимназија и стручно професионално училиште). Овој вид на матура претставува комбинација од општо и професионално образование и на младите им овозможува влез во високото образование, односно продожување на професионалното стручно образование на Berufsakademie – професионална академија или пак вклучување на пазарот на трудот.[143]

## 2.7.2 Делување во склад со Европската унија

Професионално образование кое е стекнато во некоја од земјите членки на Европската унија и Европската економска област е признато доколку самото образование обезбедува право за извршување на дејностите на оддредена професија и доколку завршеното образование во другата држава не се одвива на многу поразличен начин од државата во којашто практикантот треба да ја извржува својата работна дејност. Правна основа за ова обезбедува Европската Директива 2005/36/EG за признавање на професионалн квалификации, којашто беше инкорпорирана во националното право од страна на земјите членки до октомври 2007г.[144]

Оваа директива служи за претварање на европскиот внатрешен пазар на трудот во простор на признавање на професионалните квалификации. Оваа директива стапила на сила на 20-ти октомври 2005г. До 2007г. морала да биде

[143] Дуална матура, достапно на: https://www.nach-dem-abitur.de/duales-abitur.html, пристапено на: 17.11.2018

[144] Европска клаузула – член 31 од Закон за професионално стручно образование, член 71, достапно на https://www.gesetze-im-internet.de/bbig_2005/, стр.14, пристапено на: 17.11.2018

ефектуирана од страна на сите земји членки. Целта на оваа директива била дотогаш постоечките 15 директиви да се консолидираат и да се поедностават. Во 2007г. во СР Германија бил донесен закон, но не доаѓа до негово ивршување, т.е. спроведување. Од таа причина Европската комисија против Германија и против 5 други членки поднесува жалба поради неисполнување на обврската за спроведување на директивата. На 1-ви април 2012г. конечно стапува на сила Законот за подобрување, утврдување и признавање на стекнатите професионални квалификации во странство. Овој сојузен закон за признавање дозволува изедначување на квалификациите стекнати во државата и во странство доколку лицето стекнало „овластување“ за извршување на таа дејност како и доколку обуката којашто е стекната надвор од државата суштински не се разликува и соодветствува на професијата којшато треба да се извршува. Во основа овој закон им овозможува валоризација на стекнатото професионално образование во странство.

Во врска со валоризацијата на стекнатото стручно професионално и техничко образование важно е да се спомене и дека од Процесот во Копенхаген 2002 г. произлегува Европскиот кредит систем за стручно образование и обука (ЕКВЕТ) е како инструмент за промоција на взаемната доверба и мобилноста во стручното образование и обука.

### 2.7.3 Промоција на стручното техничко и професионалното образование и обука

Стручното професионално образование во СР Германија е познат и признат модел на образование и многу европски земји се обидуваат да го преземат како позитивна практика или да разработат сличен систем на стручно образование. Од 2007 г. во склоп на програмата на Еврпската унија за мобилност и доживотно учење, развиена е програма за поддршка на европската размена на ученици, студенти и наставен кадар од сите возрасни групи, како и за соработка на образовни институции во Европа. Во склоп на оваа програма функционираат поединечни програми меѓу кои најпознати се Комениус, Еразмус и Грундвиг, за мобилнот и размена во училиштата, високото образование и образованието за возрасни, а програмата Леонардо Да Винчи за мобилност и размена во стручното образование. Оваа програма има за цел да ја

поддржува соработката, развојот на квалитет и иновациите, како и јакнење на европската димензија на стручното образование. За спроведување на програмите Грундвиг и Леонардо Да Винчи во СР Германинја одговорна е Националната агенција „Образование за Европа“ при Сојузниот институт за образование. [145] Преку оваа програма младите од останатите членки на Европската унија имаат можност дел од своето стручно образование да го поминат во некоја од образованите институции во СР Германија, да се стекнат со практична обука или да бидат дел од некој проект. Исто така преку оваа програма младите од СР Германија имаат можност дел од нивното стручно образование или практична обука да го стекнат надвор од нивната држава. Со помош на овие програми за мобилност и размена се промовира стручното образование и обука и истото добива интернационална димензија, а на младите им овозможува зголемување на нивната конкурентност на еврпоскиот пазар на трудот.

# 3 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 3.1 Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е компаративна анализа на системот на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија, односно сличностите и разликите помеѓу двата система, како и моменталната состојба и перспективите на овие образовни системи.

Истражувањето се однесува на тековните состојби, перспективи, предизвиците и целите кон кои се стремат системите на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија, како и на анализа на промените и реформите коишто се направени во последните години во системот на средно стручно образование во Р. Македонија со цел подобрување на квалитетот и зголемување на ефикасноста на овој систем на образование. Исто така, истражувањето ќе се фокусира кон разгледување на спецификите на германскиот како доста успешен европски модел на средно стручно образование и обука со цел да се анализираат позитивните аспекти и да се

[145] Конференција на министрите за култура, извешатај Organisation des Bildungssystems in der Bundesrepublik Deutschland 2009/2010, Europäische Komission, стр. 317

преземат како позитвни препораки за понатамошно унапредување на системот на стручното образование и обука во Р.Македонија.

Со оглед на фактот што системот на стручно образование и обука на СР Германија има долгогодишна традиција и претставува интернационално признат и познат модел на образование, во текот на ова истражување ќе се разгледаат повеќе сегменти и начинот на којшто функционира овој систем. Истовремено ќе бидат анализирани и повеќе стратешки документи, концепции и стратегии коишто беа донесени во последните неколку години во Р. Македонија врз кои се баираат реформите во системот на стручно образование и обука во Р.Македонија.

Во текот на оваа анализа ќе се посвети внимание и на законската регулатива според која функционира стручното образование и обука.Понатаму ќе биде разгледано и изведувањето на практичната настава, како таа се спроведува и кои се засегнати страни се вклучени во реализација на истата, а која претставува клучен фактор во успешната приказна на системот на средно стручно образование на СР Германија и кои чекори во Р.Македонија се направени во таа насока.

Како друга важна разлика ќе биде разгледа поделеноста на надлежностите помеѓу државата и сојузите министерства за образование и култура  во СР Германија и надлежните органи за стручното образование и обука во Р.Македонија како и задачите и активностите на Сојузниот институт за стручно образование и обука и Центарот за стручно образование и обука, како и изворите преку кои се финансира овој систем на образование во двете држави.

На крај ќе бидат разгледани постојните наставни планови и програми во СР Германија, чекорите коишто се преземни во Р.Македонија за ниво ревидирање и адаптирање на образовните услуги со актуелните побарувања и потребите на пазарот на труд.

На крај ќе биде разгледан пристапот кон образовни профили коишто во моментот се актуелни и нудат можност за стекнување со потребните знаења, вештини и компетенции согласно потребите на пазарот на труд како и мерките и активностите кои се преземаат во двете држави со цел регулирање на вишокот и недостатокот на стручни кадри што е во директна зависност со

подобрување на состојбата со невработеноста а со тоа подобрување и на целосната економска состојба на државата.

## 3.2 Дефинирање на основните поими на предметот на истражување

**Образовен систем** – е системот на формализиран пренос на знаења и вредности кои работат во рамките на дадено општество. [146]

Според општата теорија за системите, системот претставува универзален научен метод кој подеднакво се применува во сите научни дисциплини, па оттука и во изучувањето во областа на едукацијата, воспитанието и образованието. Образовниот систем има сложена структура која ја сочинуваат повеќе потсистеми кои во формалното образовние функционираат преку институционални форми за предучилишно воспитание и образование, основно, средно и високо образование.[147]

Главните императиви на еден образовен систем се :

- подигање на образовното ниво на граѓаните,
- унапредување на квалитетот на образовните услуги и
- создавање на вработливи и конкурентни кадри.[148]

**Стручно образование** - една од дефинициите за стручно или техничко образование вели дека стручно или техничко образование е „образование кое им овозможува на корисниците да обезбедат продлабочени стручни знаења, практични вештини и компетенции кои се потребни за вработување на одредена позиција или занимање или група од позиции или занимања во согласност со современите достигнувања од областа на науката, техниката и технологијата.“[149]

Стручното образование е систем којшто преку стекнување на знаења, вештини, компетенции им овозможува на корисниците пристап кон вработување и пазарот на трудот, како и пат кон понатамошно образование и доживотно учење.

---

[146] Достапно на http://www.socialsciencedictionary.com/EDUCATION_SYSTEM, преземено на 05.01.2019
[147] Гоцевски, Т. (2007), *Образовните системи во Европската унија*, Скопје: Филозофски факултет, стр.3
[148] Мехмеди, Л. (2014), Организациска поставеност и раководењето во контекст на обуките и претприменииштво во средното образование, докторска дисертација, стр.5
[149]Државен завод за статистика на Р.Македонија (2014). Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 2011, Скопје: Државен завод за статистика на Р.Македонија, стр.17

Техничко и стручно образование и обука се занимава со стекнување на знаења и вештини за светот на работата. Техничкото и стручното образование се употребува како сеопфатен термин кој се однесува на оние аспекти на образовниот процес, кои, покрај општото образование, вклучуваат изучување на технологии стекнување на практични вештини, ставови, разбирање и знаење во врска со професии и занимања во различни сектори на економски, социјален и севкупно општествениот живот. [150]

**Училишта за стручно образование и обука** - се образовни институции во кои преку воспитно-образовниот процес се пренесуваат општи и стручни знаења од одредени области притоа со помош на дефинирани наставни планови и програми се образуваат стручни кадри од различни струки и образовни профили.

**Компетенции**–компетенцијата се дефинира како збир на стекнати знаења и вештини, односно како докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или работа.[151]Дефиницијата на OECD од 2005 г. ја сумира вака: „Компетенција е многу повеќе од само знаење и вештини. Таа ја инволвира способноста да се исполнат комплексни барања, со повикување и мобилизирање на психосоцијални ресурси (вклучувајќи вештини и ставови) во еден одреден контекст." (OECD2005). [152]

**Практична настава и обука, учење преку работа** - претствува една од најзначајните врски помеѓу установите за стручно образование и пазарот на трудот, односно работодавачите. За време на практичната обука на реално работно место, учениците учат преку работа притоа во активна средина на учење се стекнуваат со работно искуство, вештини и способности за соодветното занимање.[153]

**Формално образование** претставува образовна дејност обезбедена од страна на образовна установа или установа за обука која се спроведува според одредени одобрени програми, со цел да се унапредат знаењето, вештините и компетенциите за што се издава јавен документ.[154]

---

[150] Достапно на https://unevoc.unesco.org/go.php?q=TVETipedia+Glossary+A-Z&article=What%2Bis%2BTVET, преземено на 05.01.2019

[151]МОН(2013), Македонска рамка на квалификации -појдовни основи-, стр. 8

[152] Достапно на https://www.dvv-international.de/fileadmin/files/curriculum_globale_maz_fin.pdf , стр. 18, преземено на 08.01.2019

[153] ЦСОО (2012), Стандарди за изведување на практичната обука на учениците кај работодавачите, стр. 2,3

[154] МОН(2013), Македонска рамка на квалификации -појдовни основи-, стр. 10

**Неформално образование** претставува форма на учење која се дефинира како спроведување на  образовни активности, организирани надвор од воспоставениот формален образовен систем. За неформалното образование и учење се користат многу други термини и изрази како: вонсколско образование, неконвенционално образование, нетрадиционално образование итн.[155]

**Доживотно учење** е концепт за формално, неформално и информално учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, професионални и општествени потреби.[156]

Во одлуката на Европскиот Совет, доживотното учење е дефинирано како „секое општо, стручно неформално и информално образование и обука преземени во текот на животот кое резултира со подобрување на знаењата, вештините и компетенциите во персонална, јавна, социјална и работна смисла”.[157]

Многу често не се прави разлика меѓу термините доживотно учење (lifelong learning) и доживотно образование (lifelong education). Но суштинска разлика меѓу овие два термина постои. Самата суштина на учењето подразбира персонална одговорност за сопствениот образовен развој. За да се вработат или да станат вработени, луѓето постојано треба да следат што е ново на образовниот пазар и истото да го конзумираат на формален во некои од државните системи за образоване и обука), неформален (во некои од организациите или центрите кои оперираат во општеството) и информален начин (преземајќи самоиницијативни активности).[158]

### 3.3 Цел и карактер на истражувањето

Во рамките на ова истражување предвидено е преку компаративна споредба на системот на стручно образование на Р.Македонија и СР Германија да се анализира актуелната состојба и предизвиците со кои се соочува овој образовен потсистем во двете држави, да се направи анализа на целите кон кои

[155]Ризова, Е.(2008) *Доживотно учење* (интерен материјал), Скопје:Филозофски факултет, стр.91

[156]Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија” бр.137/2013)

[157]Journal of the European Union, 15 November 2006: Establishing an Action Pogramme in the Field of Lifelong Learning,стр6, член 29

[158]Ризова, Е.(2008) *Доживотно учење* (интерен материјал), Скопје:Филозофски факултет, стр.12

е насочен системот на средно стручно образование на СР Германија, да се утврдат некои позитивни карактеристики и практики, како и да се нагласат промените и реформите кои се случуваат во Р.Македонија во последните години и се насочени кон подобрување на ефикасноста на овој образовен потсистем. Истражувањето се однесува на тековната состојби, перспективите, предизвиците и целите кон кои се стремат системите на стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.

Ова истражување според својот кректер е дескриптивно, компаративно, теоретско и современо, односно актуелно. Во истражувањето ќе доминира дескриптивниот метод што значи ќе се врши утврдување на фактичката состојба, компарирање и генерализирање. Истражувањето е компаративно и подразбира споредбено анализирање на системот на стручно образование и обука на двете држави. Истражувањето исто така е теоретско што значи дека сознанијата ќе бидат утврдени по пат на анализа на документи и е актуелно, бидејќи го проучува образовниот систем како општествен феномен, а функцијата и значењето на стручното образование и обука како актуелно оптествено прашање.

### 3.4 Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето се конкретизира низ следниве задачи:

1. да се направи компаративна споредба во однос на организацијата на системот на средно стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

2. да се анализираат функциите на институциите чиишто дејности се однесуваат на системот на средно стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

3. да се согледаат разликите и заедничките карактеристики во однос на видовите на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

4. да направи компаративна споредба во однос на организацијата на практичната настава во средното стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

5. да се спореди начинот на раководењето и управувањето на системот на средно стручно образование и обука во Р. Македонија во однос на СР Германија;

6. да се утврдат начините на финансирање на системот на средното стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

7. да се анализира атрактивноста на стручното образование и обука во Р. Македонија во однос на СР Германија;

8. да се утврдат предизвиците со кои се соочуваат системите на стручното образование и обука во Р. Македонија и СР Германија;

9. да се дадат препораки за подобрување на актуелната состојбаво стручното образование и обука во Р. Македонија кон продолжување и развивање на реформите со цел зголемување на функционирањето, ефикасноста, и атрактивноста на овој потсистем што би водело кон подобрување на состојбата со невработеноста во нашата држава.

## 3.5 Хипотези

**Општа хипотеза**

Постојат значителни разлики помеѓу организација и реализацијата на системот на средно стручно образование и обука во Р.Македонија и системот на средно стручно образование на СР Германија.

**Помошни хипотези**

1. Постојат разлики во организациската структура помеѓу системот на средно стручно образование и обука на Р.Македонија и СР Германија.
2. Постојат разлики во однос на надлежноста во системот на средно стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.
3. Постојат разлики во однос на видовите на стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.
4. Постојат разлики во однос на организацијата на практичната настава помеѓу системот на средно стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.
5. Постојат разлики во однос на начинот на раководење и управување на системот на средно стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.
6. Постојат разлики во однос на начинот на финансирање на системот на средно стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.

7. Постојат разлики во однос на степенот на атрактивност на стручното образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.
8. Во текот на последните години системот на средно стручно образование како во Р.Македонија така и во СР Германија се соочува со предизвици и силен притисок за модернизација и реформи.
9. Системот на стручно образование и обука во Р.Македонија е во процес на реформи и промени и истите се однесуваат на ревидирање и подобрување на наставните планови и програми како и создавање на поефикасни механизми за изведување на практичната настава.

### 3. 6 Варијабли на истражувањето

Независни варијабли во ова истражување се:

- системите на средно стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија.

Зависни варијабли се:

- разликите во образовните системи на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија во однос на:

- организацијата,
- видовите на стручно образование и обука,
- наставните планови и програми,
- раководењето и управувањето,
- практичната наства
- финансирањето и
- атрактивноста на стручното образование и обука.

Истражувачки прашања:

1. Како е организиран системот на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија?
2. Какви видови на стручно образование и обука постојат во Р. Македонија и СР Германија?
3. Какви се наставните планови за стручно образование во Р. Македонија и СР Германија?
4. Како е организирана практичната настава во средно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија?
5. Како е организирано раководењето и управувањето на системот на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија?
6. Како е финансиран системот на стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија?

7. Колку е атрактивно стручното образование во Р. Македонија и СР Германија?
8. Кои се недостатоците, односно предизвиците со кои се соочува стручното образование и обука во Р. Македонија?
9. На кој начин може да се подобри состојбата со стручното образование и обука во Р. Македонија?

## 3.7 Методи, техники на истражувањето

Во истражувањето ќе доминира дескриптивниот метод со сите свои модалитети, што значи ќе се врши анализирање на состојбата, компарирање и генерализирање.

Со оглед на карактерот на предметот на истражување, поставената цел и задачи, во ова истражување ќе бидат применети следниве истражувачки методи и техники:

1. Метод на истражување:

- дескриптивен метод
- компаративен метод

Преку дескриптивниот метод ќе се опише фактичката состојба на системите на средно стручно образование и обука во Р. Македонија и СР Германија, актуелната состојба и перспективи. Преку компаративниот метод ќе се направи споредба на организацијата, структурата, курикулумите, раководењето, финансирањето и актуелноста на системот на средно стручно образование и обука во двете држави.

2. Истражувачки техники

- анализа на содржина

Преку анализа на содржина на законската легислатива и важни стратешки документи ќе се добијат информации за тоа во кои сегменти постојат заеднички карактеристики и разлики во системот на средно стручно образование и обука во двете држави, од кои ќе се извлечат заклучоци и препораки за идните текови и развој и подобрување на стручното образование и обука во Р.Македонија.

# 4 АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

**Организација на образовниот систем**

При компаративната споредба на образовните системи на Р.Македонија и СР Германија со акцент на стручното образование и обука беа користени и анализирани повеќе документи како закони, стратегии, концепции и извештаи. Во однос на организациската поставеност на образовниот систем може да утврдиме дека во двете држави се состои од следниве потсистеми:

- предучилишно воспитание и образование
- основно образование
- средно образование
- високо образование
- образование на возрасни.

Во двете држави предучилишното образование е незадолжително и надлежностите за овој потсистем се поделени во Р.Македонија помеѓу Министерството за труд и социјална политика (организирање, управување, финансирање) и Министерството за образование (воспитно-образовна дејност). Во СР Германија надлежноста за предучилишните установи исто така е поделена, на сојузно ниво делува Сојузното министерство за семејство, стари лица, жени и млади лица, додека пак на покраинско ниво одговорни се министерствата за социјала и поддршка на младите лица, а дел од надлежноста им припаѓа и на министерствата за култура, како и на локалната самоуправа на секоја од покраините. Воочлива е разликата во опфатеноста на деца, која во Р.Македонија е многу ниска и изнесува 30%, и покрај тоа што во последниот период се изградени многу објекти и се отворени многу нови предучилишни установи особено во руралните средини, сепак состојбата со капацитетите на градинките во повеќето општини не ги задоволува потребите и голем број на деца се на листата на чекање. Во СР Германија пак овој процент е многу висок и изнесува 97% (вкученост на деца во предучилишни установи на возраст 3-5 години). Во таа насока Р. Македонија треба да работи на создавање на услови преку кои би се зголемил опфатот на децата во предучилишните установи.

Во однос на основното образование коешто е од општобразовен карактер заедничка карактеристика за двете држави е што основното образование е

задолжително и бесплатно. Во Р. Македонија со измените на Законот од учебната 2007/2008 времетраењето на основното образование изнесува 9 години. Децата во СР Германија стануваат дел од задолжителното основно образование на 6-годишна возраст кое освен во покраините Берлини и Бранденбург кадешто трае 6, во сите други покраини трае 4 години. Друга разлика исто така претствува надлежноста за основното образование. Во Р. Македонија таа е поделена помеѓу Министерството за образование и наука, надлежни за наставните планови и програми (во Р.Макдонија сите училишта работат според исти наставни планови и програми) и општините, односно локалната самоуправа (со надлежност за основање на училишта, вработување на наставен кадар. Во СР Германија надлежноста за основното образование исто така е на покраините кои преку покраинските министерства се одговорни на наставните планови и програми, а преку делувањето на Покраинската конференција на министрите за култура се приближуваати и се усогласуваат предметите што се изучуваат во основното образование во сите покраини. Во однос на тоа можеме да кажеме дека наставните предмети коишто се изучуваат во СР Германија во основното четиригодишно образование во голем дел се совпаѓаат со наставните предмети кои се изучуваат во Р.Македонија во првиот период од основното образование од прво до трето одделение, односно во целиот период на одделенска настава од прво до петто оделение.

Во потсистемот на средно образование на Р.Македонија и СР Германија се забележуваат повеќе значајни разлики. Најголемата разлика е тоа што потсистемот а средно образование во СР Германија се дели на нижо средно образование Sekundarbereich I ивишо средно образование Sekundarbereich II. Во нижото средно образование учениците имаат можност да одберат помеѓу општо гимназиско образование и други два вида на училишта Realschule и Hauptschule коишто претставуваат подготовка за вклучување на учениците во некој од видовите училишта од стручно техничко образование од Sekundarbereich II или вклучување во професионално стручно образование – дуален систем. Во повеќето покраини постојаат овие три вида на училишта за нижо средно образование како и Gesamtschule или интегрирано сеопфатно училиште. Вишото средно образование може да се продолжи во училишта за гимназиско или стручно образование и најчесто трае 3 години, а во секоја од

покраините постојат различни видови училишта за вишо средно образование. Во Р.Македонија пак учениците во средно училиште имаат можност да се запишат во средно гимназиско кое трае 4 години и во стручно образование со 3- годишно времетраење и стручно техничко образование со 4-годишно времетраење. Како друга важна разлика што може да ја наведеме е тоа што средното образование во Р. Македонија со измените и дополнувањето на Законот за средно образование од учебната 2007/2008 година стана дел од задолжително образование. [159] Во СР Германија пак учениците имаат законска обврска да бидат дел од воспитно-образовниот систем заклучно со завршување на 9 или 10 одделение зависно од видот на училиштето односно со завршување на нижото средно образование. Потоа оние ученици кои нема да го продолжат своето образование во вишо средно училиште се должни да изучуваат одредено занимање од државно-признатите занимања во дуалниот систем за да се стекнат со одредени професионални кфалификации.

Високото образованиево Р.Македонија е уредено со Законот за високо образование (2008) кој меѓу другото содржи и одредби за усогласување на високото образование на земјата со Болоњскиот процес и европскиот систем за пренос на кредити, а исто така обезбедува и законска основа за проширување на наставниот кадар и мобилност на студентите. [160] СР Германија исто така е земја потписничка на Болоњскиот процес. Високообразовната дејност во Р.Македонија се реализира на 5 државни и неколку приватни универзитети. Најголем број од студиските програми се со 4 годишно траење и 240 ЕКТС кредити, а постојат многу студиски програми со 3 годишно траење и 180 ЕКТС кредити. Во склоп на некои универзитети постојат и високи стручни школи како што е Високата медицинска школа во склоп на универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола којашто нуди 3 годишно високо образование од повеќе образовни профили од областа медицина.

[159] Службен весник на Република Македонија, бр.49 од 18.04.2007 година, страна 2, Закон за изменување и дополнување на законот за средно образование, член 1
[160] МОН (2016), Сеопфатна стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2016-2020, Скопје, стр. 44

Во СР Германија високо образование може да се стекне на околу 400 институции коишто можат да бидат универзитети, училишта за виско образование и професионални академии.[161]

Надлежностите во високото образование исто така се поделени помеѓу државата и покраините. Покрините се надлежни за организирање на високообразобразовниот процес во установите за високо образование, а дражавата е надлежна за видовите на дипломи  и завршните стручни квалификации во високото образование.

**Организација и видови на стручно образование и обука**

Во однос на организацијата на стручното образование можеме да кажеме дека постои најголема разлика помеѓу Р.Македонија и СР Германија. Во Р.Македонија стручното образование и обука се остварува преку наставни планови и програми за:

- стручно оспособување
- стручно образование
- техничко образование
- постсредно образование и
- образование за возрасните

Дејноста во стручното образование и обука во училиштата во Р.Македонија се изведува врз база на наставни планови и програми изработени од страна на Центарот за стручно образование и обука.

Стручното оспособување трае до две години, а со завршувањето на овој вид на образование кандидатите се стекнуваат со I ниво на стручни квалификации кое е наменето за работа со пониски барања и дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот. Меѓутоа овој вид и степен на образование е неатрактивен за учениците и за сега е недоволно развиен.

Друг вид на стручно образование кој и покрај предвидениот модел и важната улога и потреба од ваков вид на образование сепак засега останува недоволно атрактивен и само многу мал процент на кандидати се одлучуваат за ваков вид на образование е постсредното образование. Тоа има функција да обезбеди продлабочени знаења, вештини и оспособување за работа со

[161] Достапно на: https://www.hochschulkompass.de/hochschulen.html, преземено на 08.01.2019

покомплексна и посложена технологија, за специјализирани услуги, организирање на работата, раководни функции на прво ниво, за инструирање, менторство и сл. [162]

Во иднина би требало сите засегнати чинители да се вкучат во подобрување на постојниот модел и зголемување на атрактивноста на овој вид образование, бидејќи овој степен на постсредно специјалистичко образование е многу значаен и може многу да придонесе за унапредување на делувањето и ефективноста при извршување на дејности на образовни профили поврзани со многу занимања.

Основната платформа на која се гради системот на стручно образование и обука во Р.Македонија е средното 3-годишно образование за занимања и 4-годишното техничко образование, а двегодишното образование како што спомнавме погоре е во фаза на развивање.[163]

Примарната функција на 3-годишното образование за занимања е да обезбеди компетентни кадри за извршување на одреден вид и сложеност на работа во стопанството, услужните дејности и занаетчиството. Во согласност со тоа, програмите што се реализираат во рамките на стручното образование за занимања се насочени кон образовни излези кои претставуваат јасно дефинирани знаења, умеења и способности, односно стручни компетенции што ги бара пазарот на трудот и индивидуалниот развој на ученикот.[164] Во реформираното стручно образование за занимања, образовните профили се групирани во струки според заедничките содржини и заеднички стручни наставни предмети во 14 струки односно подрачја на трудот или образовни сектори. Меѓутоа за жал и кај овој вид на образование во последните години се јавува тренд на намалување на учениците.

Најразвиен и најатрактивен вид на стручно образование и обука во Р. Македонија е 4-годишното техничко образование во кое учат повеќе од половината од младите во Р.Македонија (57,31%) на возраст помеѓу 15 и 19 години.[165] Дејноста на стручното образование за занимања се остварува во училиштата за средно стручно образование и обука, а практичната обука се

---

[162]МОН и ЦСОО, (2010), Концепција за постсредно образование, Скопје, стр. 14

[163]МОН, МТСП, British Concil (2014), Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија, Скопје: МОН, МТСП, British Concil, стр. 11

[164]ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопеј, стр. 13

[165]МОН (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, стр. 10

изведува во училиштата и во претпријатијата и фирмите. Како кај стручното образование за занимања така и кај техничкото образование, образовните профили се групирани во струки според заедничките содржини и заеднички стручни наставни предмети во 14 струки односно подрачја на трудот или образовни сектори.

Во 2016г. е донесена нова Концепција за техничкото образование со која се реформира овој вид на образование, а истата е изработена поради потребата од развивање и унапредување на знаењата на граѓаните на Р. Македонија. Оваа концепција е насочена кон подобрување на ефикасноста на техничкото образование и го воведува модуларниот приод во техничкото образование со што програмата базирана на цели се претвара во програма базирана на компетенции а со тоа модуларниот пристап ја зајакнува врската помеѓу теоријата и практиката.[166]

Образованието на возрасните исто така е многу значаен дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица.[167] Во Р. Македонија постојат повеќе институции кои го конституираат системот за образование на возрасните. Образованието за возрасни опфаќа формално, неформално и информално учење. Возрасните лица имаат можност да се стекнат со стручно образование, да се преквалификуваат или доквалификуваат и тоа можат да го направат во формалното и во неформалното образование, односно преку програмите на Центарот за образование на возрасни. [168]

Во однос на оранизацијата на стручното образование може да направиме паралела помеѓу стручното техничко образование во Р.Македонија и стручното техничко образование во СР Германија како дел од вишото средно образование кое може да се остварува во повеќе видови училишта. За видовите на училишта и наставните плановии програми надлежни се покраинските министерства преку стручните служби за образование. Како најчесто застпани во повеќето покраини се јавуваат:

- Berufsfachschule - стручно училиште
- Berufsoberschule - вишо стручно училиште

[166]Исто, стр. 37
[167]МОН, (2008), Закон за образование на возрасните, Скопје: Службен весник на Р.Македонија бр.7/08
[168]ЦСОО, ЕТФ (2016) Торино процес 2016-2017г. Национален извештај на Р.Македонија, Скопје, стр. 37

- Fachoberschule-вишо насочено училиште
- BeruflichesGymnasium / Fachgymnasium – стручна гимназија[169]

Како и во нашиот сиситем, во овие видови на училишта од средно вишо образование може да се изучуваат различни струки преку изучување на општи и стручни и тесно стручни предмети. Прктичната обука најчесто се изведува во 11-то одделение, а во 12-то одделение учениците се  подготвуваат за полагање на матура.  Понатаму учениците имаат можност да го продолжат образованието на некој од техничките универзитети или училишта за високо образование а имаат и можност да влезат во дуалниот систем и да изучуваат некое знаимање поврзано со претходното образование. Професионалното стручно образование во дуалниот систем  е специфичен вид на образование кое нуди широк спектар на преспективи и кариерни можности  и на младите луѓе им гарантира високо ново на професионална оспособеност. Во овој систем водечката улуга ја имаат претпријатијата, а важна улога игра и тесната собработка помеѓу државата, покраините и социјалните партнери. Според податоците во Извештајот за професионално стручно образование 2018 којшто го изготвува Сојузното министерство за образование и истражување, во СР Германија има 2,15 милиони претпријатија и вкупно 572.200 понудени слободни пратктикантски работни места. Според податоците од Извештајот заклучно со септември 2017г. 48.900 места останале слободни од што може да се забележи дека потребите на претпријатијата и фирмите се поголеми од бројот на лица коишто би требало да бидат вклучени во практикантски работен однос со истите. Преку отварањето на работни места за практиканти, претпријатијата и фирмите не само што имаат решение за надополнување и обновување на работниот кадар, туку имаат и други бенефиции кои ги добиваат од страна на државата.

Доколку претпријатие или фирма на млади лица коишто бараат практикантско место им понуди подолготрајна пракса, односно работно место, пертпријатието ќе добие паричен надомест којшто може да го употреби како плата за лицата практиканти. Исто така паричен бонус ќе добие и претпријатие кое ќе ангажира малди лица коишто имаат потешкотии или долго време не

[169]Превод на видовите на училишта според поимникот на Гете институтот, достапен на http://www.goethe.de/lrn/prj/wnd/glo/mkindex.htm#b,пристапено на 12.11.2018

можат да најдат практикантско место, како и доколку ангажира лица кои го загубиле своето практикантско место поради преминување на фирмата или претпријатието во стечај, банкрот или затворање.[170]

Од тие причини германскиот систем на професионално стручно образование со право се повеќе се стекнува со интернационално внимание и признание, а Р.Македонија во последниот период  прави сериозни напори постепено да се приближи и да го воведе дуалниот систем на образование како дел од стручното образование.

**Организација на практичната настава**

Практичната настава е сегментот во којшто постои голема разлика во системот на стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија.

СР Германија е земја со признат и перпознатлив начин на спроведување на практичната обука како интегриран дел од самото образование во системот на стручно професионално образование за изучување на државно признати занимања односно професии во дуалниот систем на образование.  За време на оваа практична обука практикантите извршуваат реални работни задачи и притоа се запознаваат со целиот процес при извршување на дејноста во претпријатието, фирмата или некој друг вид на деловен субјект. Практичната настава во техничките стручни училиштасе реализира зависно од нивното времетраење најчесто во 11то одделение. Оваа практична настава се одвива во текот на целата година најчесто во првите три дена во неделата и им овозможува на учениците  увид  во начинот на функционирањето на претприајтието, фирмата или друг вид на деловен субјект, како и активно и одговорно учество во извршување на  работните задачи.

Во Р.Македонија ќе ја разгледаме организацијата и реализацијата на практичната настава во 3-годишното образование за занимања и 4-годишното техничко образование. Таа се програмира и организира според карактерот на дејноста на образовниот профил, а ја сочинуваат практична настава и феријална практика. [171]

---

[170]Достапно на https://www.handwerk-magazin.de/foerdermittel-fuer-ausbildende-betriebe/150/3/31758, преземено на 10.01.2019

[171]ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје, стр. 27

Практичната настава се реализира во училишните објекти (работилници, лаборатории, училишни компании и сл.); а практична настава-професионална практика во реални работни процеси, односно во соодветни претпријатија во коишто треба да биде реализиран најмалку 1/3 од вкупниот фонд на часови за практична настава. Доколку не се создадени услови за реализација на професионалната практика во соодветни претпријатија, овој дел од практичната настава може да се резлизира во училиштето, кое е должно да создаде соодветни услови за тоа. Феријалната практика по својата функција и содржина е мошне слична со професионалната практика, со тоа што таа се организира по завршувањето на наставната година и по правило, во континуирано траење и во соодветни претпријатија. Феријалната практика може да се организира и во училишни објекти доколку е организиран соодветен производствен или друг услужно-работен процес. [172]

Заедничка карактеристика за двете држави во врска со изведувањето на практичната настава е што пред почетокот на реализацијата на практичната обука кај работодавачот задолжително се потпишува договор од страна на:установата за стручно образование и ученикот од една страна и работодавачот од друга страна. Како разлика се јавува фактот што практичната обука која се изведува во Р.Македонија според досегашниот модел е неплатена. Во СР Германија практичната обука којшато се реализира во техничките стручни училишта најчесто во 11-то одделение исто така е неплатена, но професионалната обука која е дел од дуалниот систем на образование е платена и во просек изнесува една третина од просечната плата на вработено стручно лице и истата започнува со самото започнување на изучувањето на одредено занимање во дуалниот систем.

Важно е да потенцираме дека во последниот период Р.Македонија преку формирањето на дуални паралелки во неколку стручни училишта прави значаен исчекор и подобрување во однос на практичната обука и учењето преку работа и на тој начин оди во насока кон создавање на еден поквалитетен и поефикасен систем на стручно образование и обука кој ќе им помогне на младите при преминот од училишниот во работниот свет. Станува збор за тригодишен проект за дуално стручно образование кој е поддржан од

[172]Исто

Делегацијата на германското стопанство во Македонија и овој проект ќе биде воден по германски терк. Предвидено е да се отворат вакви паралелки во уште неколку училишта во државата а секако ефектот би билоптимален доколку се изнајдат механизми за одржливост на овој проект и понатаму истиот стане интегриран дел од начинот на делување на стручното образование и обука. Тоа е остварливо доколкусите чинители во овој процес се заложат за склучување на партнерства помеѓу училиштата и деловните субјекти во сите општини и на тој начин се прошири опфатот на сите струки и образовни профилии. Во таа насока нашиот систем на стручно образование и обука на некој начин ќе се доближи кон успешниот модел на професионално стручно образование на СР Германија којшто претставува еден цврст темел врз кој се гради државната економија.

**Наставни планови и програми**

Во однос на наставните планови и програми ќе биде анализирана состојбата со наставните планови и програми за 3-годишното стручно образование за занимања и 4-годишното техничко образование.Во склоп на реформите и промените на моделот и според Концепцијата за модернизација на техничкото образование во процес на изработка се нови реформирани модуларно дизајнирани наствни планови за сите 14 струки и образовни профили за 4-годишното техничко образование како и за 3-годишното стручно образование за занаимања. На самиот процес на воведување на реформите и потребата од промена и ревидирање на постојните наставни планови му претходеше доста опсежно истражување и анализирање на состојбата и прибирање на релевантни податоци во сите 14 сектори во Р.Македонија според кои се поделени стручните области. Ова истражување и анализирање на состојбатае во сколоп на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации којшто има за цел да ја подоби релевантноста и ефикасноста на стручното образование и обука во Р.Македонија. Пред да бидат изработени новите наставни планови за реформираното техничко образование изготвена е Методологија за развој на наставните програми во техничкото образование којашто претствува практично упатство за изработка на истите. Наставните планови коишто се изработени врз база на Рамоковен наставен план – одобрен од МОН, се состои од следните пет програмски подрачја во кои се содржани

одреден број модули: 1. Општо образование 2. Стручно образование 3. Практично образование 4. Содржини програмирани од училиштето 5. Стручна матура и завршен испит.

Новите модуларни наставни планови и програми се базирани на компетенции и се така структурирани што односот помеѓу општото и стручното образование пропорционално се намалува односно зголемува од прва до четврта година и изнесува: прва година 70/30, втора година 60/40, трета година 40/60 и четврта година 30/70. [173]

Успешното усвојување на компетенциите предвидени во одреден модул или сет на модули ќе се оценува и верификува со поени односно кредити во согласност со Европскиот кредит трансфер систем за стручно образование и обука ECVET.

Новите реформирани наставни планови и програми треба да започнат да се применуваат од учебната 2019/2020 и се очекува да имаат многу позитивен исход врз севкупното подобрување на ефикасноста на системот на техничкото образование преку подобрување на техничките вештини и клучните компетенции специфични за одредено занимање коишто успешно ќе ги воведат младите во светот на работата.

Како заедничка карактеристика во врска со наставните планови и програми можеме да го сметаме тоа што и во СР Германија во наставните планови за професионалното стручно образование се застапени општо образовни и стручни предмети поврзани со професијата којашто се изучува со слична процентуална застапеност. Во наставните планови за стручните технички училишта исто така се застапени стручни предмети и општообразовни како што се германски јазик, математика и странски јазик.

Наставните планови за професионалното стручно образование за делот од наставниот процес кој се одвива во училиштата за професионално образование се изработени и усвоени врз база на прирачник за развој на рамковни планови за стручно професионално образование донесен во 2011г. од страна на Конференцијата на министрите за култура. Во овие рамковни планови се наведени целите и компетенциите што треба да ги постигнат

[173] МОН (2016), Концепција за модернизација на техничкото образование, стр. 58

односно стекнат учениците, како и предметите коишто треба да ги изучуваат во секоја учебна година.[174]

**Раководење и управување**

Во однос на раководењето и управувањето на системот на стручно образование и обука во Р.Македонија и СР Германија можеме да кажеме дека постојат повеќе сличности. Паралела во врска со овој сегмент може да се направи во однос на поделеноста на надлежностите за системот на стручно образование и обука што во Р.Македонија е помеѓу државата, односно државните органи надлежни за секторот образование и локалната самоуправа. На државно ниво најважни институции надлежни за стручното образование се Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. ЦСОО во соработка со БРО се надлежни за наставните планови и програми во стручното образование и обука и останати стратешки документи поврзани со делувањето на стручното образование и обука. Со процесот на децентрализација дел од надлежностите во однос на образовните институции коишто се однесуваат на основање, администрирање на јавните основни и средни училишта се во наделжност на општините.

Во СР Германија исто така надлежноста за стручното образование е поделена помеѓу помеѓу државата и сојузните министерства за образование. На државно ниво одговорни институции за стручното образование и наука се Федералниот институт за стручно образование и обука и Федералното министерство за образование и истражување, додека пак сојузните покраини преку покринските министерства за образование се одговорни за организацијата на образовните институции за стручно образование, видовите на училишта и наставните планови. Притоа целосната надлежност за техничките стручни училишта е на покраинските министертва, а надлежноста за професионалното стручно образование во дуалниот систем е поделена помеѓу покраиниските министерства задолжени за сите аспекти од наставниот процес, а на сојузно ниво надлежноста се однесува на обезбедување на места за релизаирање на практичната настава преку стимулирање и регулирање на

[174]Конференција на минстрите за култура, достапно на: https://www.kmk.org/themen/berufliche-schulen/duale-berufsausbildung.html, пристапено на 13.10.2018

релациите со претпијатијата и фирмите коишто примаат ученици на професионална обука.

Друга слична паралела може да направиме и во однос на раководењето со училиштата за стручно образование. Во Р.Македонија директорот е раководен орган на јавното средно училиште и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Училишното раководство во СР Германија исто така го сочинуваатдиректорот и наставници коишто имаат посебни функции.

**Финансирање**

Средствата за финансирање на јавното средно образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и постапка утврдени со Закон. Распределбата на средствата се врши по неколку основи и тоа обезбедување на плати на настваниот кадар, одржување на училишните згради, училишната опрема и превозот на учениците. Според Законот за средно образование, училиштата може да добијат финансиски средства и од сопствени приходи од извршени услуги, подароци, донации и други извори. Доколку направиме споредба со професионалното стручно образование во СР Германија ќе утврдиме дека трошоците за финансирање на стручното образование во СР Германија се поделени помеѓу државата, покраините и претпријатијата односно фирмите во кои се изведува професионалната обука на реални работни позиции. Трошоците за професионалната обука може да се поделат на три дела и тоа: трошоци за стручните училиштата Berufsschule, трошоци за плата на практикантите и трошоци за самата обука во претпријатијата односно фирмите. Трошоците за училиштата и дејноста на техничкото стручно образование се на товар на покраините.

**Атрактивност на стручното образование и обука**

И покрај тоа што процентот на запишани ученици во средното стручно образование е повисок во однос на гимназиското образование, сепак со исклучок на одредени струки како што се здравствена струка, економија и право, средното стручно образование сè уште не буди голем интерес. Ова особено се однесува на 3-стручно образование за занимања. Од друга страна стручното образование особено стручното професионално образование во СР Германија е најпосетуван вид на образование за којшто се одлучуваат околу

60% од младите и е поатрактивен вид од стручното техничко образование. Иако важно е да се напомене дека процентот на ученици коишто се одлучуваат за гимназиско образование во СР Германија во последните години е во пораст.

Евидентно е дека во Р.Македонија се преземаат низа чекори за зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука.

Стручните училишта имаат можност да креираат и реализираат програми во рамките на слободните часови преку програмите за Подготовка за вработување и работа, Учење преку работа и планирање на кариера како и да бидат дел од многу проекти. Стручните училишта исто така имаат можност да земат учество и на многу обуки коишто се организираат се почесто во последниот период.

Учениците од стручните училишта исто така имаа можност да учествуваат на различни натпревари, на манифестицијата МАСУУМ кадешто имаат можност да се претстават и натпреваруваат во повеќе дисциплини како што се: јавно говорење, музика, глума, дизајн на веб-страница, изработка и презентација на бизнис-план, модни креации и слично.[175] Исто така се пеземаат и други мерки за зголемување на атрактивноста на стручното образование како што се доделување на стипендии за ученици кои покажуваат високи резултати, реализација на телевизиски реклами и емисии за стручното образование со посебен акцент на дефицитарните струки и други мерки.[176]

Германскиот систем на стручно професионално образование исто така се соочува со предизвици. Дуалниот систем на образование од 2005г. па наваму е најатрактивен вид на стручно образование и процентот на запишани ученици во средните технички наспроти дуалниот систем изнесува 30% наспрема 70%. Меѓутоа во последните години расте трендот на виското образование и значаен податок е дека од 2013г. наваму бројот на млади луѓе коишто се запишуваат на студии е повисок од бројот на оние кои влегуваат во дуалниот систем на образование. Во 2017г. тој број се искачил на 515.300 наспрема 490.300. Исто така некои професии поврзани со областите медицина, предучилишно воспитание и социјална работа, најголем број од учениците одбираат овие професии да ги изучуваат во друг вид на стручни училишта како што се на

[175]ЦСОО, ЕТФ(2016) Торино процес 2016-2017г. Национален извештај на Р.Македонија, Скопје, стр. 45
[176]Исто

пример стручните гимназии. Друг предизвик со кој се соочува овој систем на образование е генералниот недостаток на стручни кадри во СР Германија скоро во сите области. Како најатрактивни професии коишто младите се одлучуваат да ги изучуваат во дуалниот систем се поврзани со областа безбедност и заштита, стручни професии за работа во ресторан, а како најнеатрактивни се јавуваат механичарските професии како и стручни професии од областа графика и печатење. Друг важен податок е бројот на ученици односно практиканти кои предвремено ги раскинале договорите за стручно професионално образование. Во 2016г. тој процент изнесувал 25,8%, дел од нив го продолжиле образованието во друга фирма, дел преминале на изучување друга професија, а дел го напуштиле образованието. Значаен податок исто така претставува и процентот на ученици во дуалниот систем со мигрантска позадина кој во 2017г. изнесува 27,6% наспрема ученици со германско државјанство застапени со 55,8%.[177]

Во таа насока СР Германија исто така постојано прави заложби да го актуелизира дуалниот систем на образование и да ја постигне целта истиот да биде најпосетуван вид на образование преку којшто СР Германија ќе добива најмногу стручни кадри а стручните кадри претставуваат клучен фактор за успехот и растот на економијата во државата.

Задачите кои СР Германија си ги поставува во врска со рзавојот и унапредувањето на професионалното стручно образование се модернизација и дигитализација. Дигитализацијата го менува традиционалниот процес на производтсво и услуги. Многу дејности се автоматизираат и при тој процес настануваат нови позиции и нови места и занимања. Од таа причина германскиот систем на професионално стручно образование мора благовремено да реагира и процесот на дигитализација да го интегрира во самиот образовен систем.

СР Германија исто така работи и на подобрување на механизмите за надминување на неизедначеноста помеѓу понудата и побарувачката за слободни практикантски работни места во повеќе региони преку обезбедување на финансиски надомест за сместување и патни трошоци за учениците како и

[177]Berufsausbildungsbericht 2018, Извештај за стручното професионално образование 2018, стр. 14 Сојузно министерство за образование и истражување, достапно на https://www.bmbf.de/pub/Berufsbildungsbericht_2018.pdf, преземено на 08.01.2019

обезбедување на лица за социјално-педагошка поддршка на учениците коишто ќе се одлучат да изучуваат одредено занимање во подалечно место или регион.

Друга цел на којашто работи СР Германија во однос на зголемување на атрактивноста на професионалното стручно образование е т.н. Европска отвореност на стручното образование приштo СР Германија се стреми да понуди поголема мобилност и пристапност на стручното образовани и обука пришто ќе ја измери усогласеноста на националниот систем со образовниот простор и потребите на европскиот пазар на трудот.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во Европа многу држави имаат добро струкуриран образовен систем којшто има огромно влијание врз економскиот напредок на земјата. Тоа особено важи за потсистемот на средно стручно образование којшто претствува клуч за излезот на работни кадри и најважен фактор за состојбата со невработеноста особено кај младите лица. Меѓутоа и покрај тоа што многу развиени европски земји имаат ефективни системи на средно стручно образование и обука, сепак не можеме да кажеме дека постои совршен образовен систем.

И покрај интернационалната признаеност и фактот дека се работи за особено ефикасен систем на средно стручно образование, сепак системот на средно стручно образование на СР Германија покажува одредени слабости како што е на пример неусогласеноста на понудата и побарувачката на практикантски работни места и недостигот на стручни кадри скоро во сите области.

Клучниот проблем со којшто се соочува Р. Македонија е високиот степен на невработеност којшто кај младите изнесува 52%. Секако постојат многу фактори коишто влијаат на ваквата состојба. Генерално земено во Р.Македонија законските регулативи за средното стручно образование и обука се концизни и прецизни, но нивната имплементација е она што најчесто создава проблеми понатаму. Еден од клучните проблеми е фактот што стекнатите знаења низ процесот на образование учениците потешко успеваат да ги спроведат во пракса. Меѓутоа работите во однос на стручното образование и обука во Р. Македонија во последниот период се менуваат и водат кон доста

позитивен исход. Со воведувањето на паралелките со дуално образование Р.Македонија се движи во добра насока кон подобрување на квалитетот и ефективноста на системот на стручно образование и обука. Ова особено се однесува на 3-годишното образование за занимања и 4-годишното техничко образование.

Во иднина Р.Македонија треба да продолжи со континуирана работа на ова поле со цел да се постигне долготрајно одржлив ефект. Притоа во своето делување Р.Македонија треба се концентрира на неколку важни сегменти од стручното образование и обука.

Да се стимулираат наставниците да работат на подобрување на своите стручни компетенции. Тие треба да бидат ослободени од секакви технички обрски, а за истите во поголемите училишта би требало да се вработи помошен административен персонал. На тој начин наставниците би можеле повеќе да се концентрираат на наставата и подобрувањето на личните стручни компетенции преку посетување ефективни обуки и доусовршување од нивната стручна област како и подобрување на нивните технички вештини. Потребно е да се развие платформа преку којашто наставниците ќе имаат можност да посетуваат онлајн обуки, да бидат во контакт со колеги, да разменуваат материјали, да споделуваат искуства и на тој начин да учат и да профитираат едни од други. Особено треба да се зајакнат капацитетите на наставниците коишто изведуваат практична настава во училиштата.

Училишта мора да се опремат со соодветна опрема, дидактички материјали и се што е потребно за непречено изведување на наставата, особено на практичната настава која се изведува во училиштата. Моменталната состојба во многу училишта покажува дека голем дел од опремата е застарена и неупотреблива.

Покрај другото сметам дека значаен фактор за зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука е постојаното актуелизирање на наставните планови, осовременување на постоечките и воведување на нови атрактивни образовни профили. Пристапот кон образовни профили коишто во моментот се актуелни и коишто нудат можност за стекнување со потребните знаења, вештини и компетенции согласно со потребите на пазарот на труд е начин преку кој може да се зголеми интересот за овој вид образование. Фактот

што во светот секојдневно „изумираат“ голем број знаниманја и се јавува потреба од нови профили кои ги следат побарувањата на современото општество ја наложува потребата системот на стручно образование и обука да ги следи овие побарувања и да развие механизми преку кои ќе ги прилагодува образовните услуги што ги нуди на потребите на пазарот на труд.

Да се создаваат механизми со кои државата ќе ги стимулира претпријатијата да отвораат практикантски работни места за учениците од стручното образование и на тој начин ќе се развива дуалниот систем. Р.Македонија треба да ги стимулира што повеќе претпријатија да се вклучаат во тој процес да  примаат ученици на практична обука и учење преку работа во сите општини. На тој начин ученици од сите струки и образовни профили би се вклучиле во дуалниот систем на образование. Особено треба да се обрне внимание на малите и неразвиени општини. Доколку во некои општини не е возможно да се реализира настава во дуален систем, тогаш во тие училишта особено треба да се подобрат условите и да се набави соодветна опрема за непречено реализирање на практичната настава.

Претпријатијата и фирмите коишто отвораат практикантски работни места имаат многу придобивки.Првенствено тоа претставува голем општествен придонес. Практикантите се финансиски поволна работна сила во однос на веќе искусни работници на коишто претпријатието треба да им обезбеди повисока плата. Искусните работници од фирмите конкуренти при нивниот трансфер во новата фирма или претпријатие со себе пренесуваат начин на однесување којшто често може да биде инкомпатибилен со новото работно место, додека за практикантите тоа најчесто претставува прво работно искуство и тие поедноставно ги прифаќаат рутините, текот на работата и работната филозофија на претпријатието. Од таа причина за претпијатијата и фирмите е важно да се стекнат со човечки ресурси кои на наkoj начин ќе поседуваат „уникатни“ копметенции специфични за потребите на самото претпријатие.

На тој начин ќе се создаде ефикасен систем на стручно образование кој ќе произведува работни кадри коишто му се потребни на стопанството и на бизнис секторот. Обезбедување на квалификувана работна сила за потребите на стопанството е еден од клучните предизвици во Македонија, а пак резвојот на

стопанството и бизнис секторот е во директна поврзаност со економската стабилност и благосостојбата во државата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### Книги и статии


1. Кантарџиев, Р. (2001), Историја на образованието и просветата во Македонија, Скопје: Просветно дело

2. Камберски, К. (1994), Од буквар до универзитет, Скопје: Просветно дело

3. Гоцевски, Т. (2007), Образовен менаџмент, Скопје: Филозофски факултет

4. Гоцевски, Т. (2007), Образовните системи во Европската унија, Битола: Киро Дандаро
5. Ризова, Е. (2018), Доживотно учење (скрипта за интерна употреба), Скопје: Филозофски факултет-Скопје

6. Ризова,Е. (2015), Возрасните и писменота, Скопје: Универзитет„ Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет.

7. Миовска-Спасева, С.(2009), Основното образование во САД, Скопје: Филозофски факултет.

8. Камберски, К. (2002), Средното образование во Република Макдонија, Скопје: Филозофски факултет

9. Камберски, К. (1995), Образованието на возрасните во Макдонија по ослободувањето, Скопје: Филозофски факултет

10. Велковски, З. (1995), Образованието и невработеноста, Скопје: Филозофски факултет

11. Велковски, З. (2005), Lacrimae Mundi, Скопје: Педагошки завод на Р. Македонија

12. Спасовски, Л. (2006), Пазарот на трудот и стручното образование

13. Arnold, R., &Münch, J. (2000), 120 Fragen und Antworten zum Dualen System der deutschen Berufsausbildung, Hohengehern: Schneider Verlag GmbH

14. Van Ackern, I.,& Klemm, K. (2011), Entstehung, Struktur und Steuerung des deutschen Schulsystems, Wiesbaden: VS Verlag

15. Greinert, W-D., (1998), Das deutsche System der Berufsausbildung, Tradition, Organisation, Funktion, Baden-Baden: Nomos Verlagsgesellschaft

**Закони и други документи**


1. Закон за средно образование консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2015)

2. Закон за стручно образование и обука консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013; 41/2014 и 145/2015)

3. Закон за образование на возрасните консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2009)

4. Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр.163/17)

5. Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, Закон за насоченото образование

6. МОН (2013),Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013-2020 со акциски план, Скопје: МОН

7. ЦСОО (2010), Концепција за стручно оспособување, Скопје: ЦСОО

8. ЦСОО (2010), Концепција за стручното образование за занимања, Скопје: ЦСОО

9. МОН, ЦСОО (2010), Концепција за постсредното образование, Скопје: МОН, ЦСОО

10. ЦСОО (2010), Рамка за развој на партнерство, Скопје: ЦСОО

11. МОН (2005),Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни документи, Скопје: МОН

12. МОН, МТСП, British Concil (2014), Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија, Скопје: МОН, МТСП, British Concil

13. ЦСОО, British Concil (2014), Инклузија во средното стручно образование, прирачник за работа со ученици со посебни потреби, Скопје: ЦСОО, British Concil

14. МОН (2013), Македонска рамка на квалификации појдовни основи, Скопје: МОН

15. Државен завод за статистика на Р.Македонија (2014), Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 2011, Скопје

16. Државен завод за статистика на Р.Македонија(2014), Национална класификација на занимањата, Скопје

17. Bertelsmann Stiftung (2009), Berufsausbildung 2015, Eine Entwicklungsperspektive für das duale System, Bielefeld: Bertelsmann Stiftung

18. Berufsbildungsgesetz (BBiG), (Закон за стручно образование)

19. Hessisches Schulgesetz (Закон за образование на покраината Хесен)

20. Organisation des Bildungssystems in Deutschland 2009/2010 (Извештај на европската комисија за организациската структура на образовниот систем во Германија)

21. Спасов Љ., А. & Стојановиќ-Ѓорѓиевиќ, Д. Промени во моделот и менување на перцепцијата за средното стручно образование во Р.Македонија

22. Мехмеди, Љ. Организациска поставеност и раководењето во контекст на обуките за претпиемништво во средното образование – докторска дисертција

23. МОН Сеопфатна стратегија за образованието за 2016-2020 и акциски план (2016)

24. МОН Концепција за модернизација на техничкото образование (2016)

25. Општ државен курикулум за реформирано средно стручно образование и обука (1999)

26. ЦСОО Стандарди а изведување практична обука на учениците кај работодавачите (2012)

27. Rahmenvereinbarung über Fachschulen Рамковен договор на министрите за култура за улилиштата за вишо насолено образование (2002)

28. Упатство за изработка на рамковни планови во стручното професионално образование министрите за култура за улилиштата за вишо насолено образование, Конференција на министреите за култура

29. Berufsbildungsbericht 2018, Извештај за професионалното стручно образование, Сојузно министерство за образование и истражување

30. Basic Structure of the Education System in the Federal Republic of Germany, Diagram Конференција на министреите за култура

**Користени линкови**

http://www.mon.gov.mk

http://www.csoo.edu.mk

http://cov.gov.mk/

http://bro.gov.mk

https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/eurydice/index.php/Countries

http://www.cedefop.europa.eu

https://www.bmbf.de/en (Министерство за образование на Сојузна Република Германија)

http://www.bibb.de (Сојузен институт за стручно образование и обука)

http://www.km.bayern.de (Министерство за образование, култура, наука и уметност на покраината Баварија)

http://www.bildungsxperten.net

http://www.kmk.org/bildung-schule/berufliche-bildung.html

https://kultusministerium.hessen.de/schulsystem/bildungsstandards-kerncurricula-und-lehrplaene/lehrplaene/berufliche-schulen/berufliches

https://www.bmbf.de/de/kooperation-von-bund-und-laendern-in-wissenschaft-und-bildung-77.html(Сојузно министерство за образование и истражување)

https://www.bildungsxperten.net/bildungschannels/schule/abitur-und-ausbildung-gleichzeitig/

https://www.nach-dem-abitur.de/duales-abitur.html

https://www.welt.de/print/die_welt/politik/article156291438/41-Prozent-der-Jugendlichen-machen-inzwischen-Abitur.html

http://landesrecht.rlp.de/jportal/?quelle=jlink&query=SchulG+RP+%C2%A7+40&psml=bsrlpprod.psml

https://www.handwerk-magazin.de/foerdermittel-fuer-ausbildende-betriebe/150/3/31758

https://zanimanja.mk/zanimana/alatnichari-i-srodni-zanimana/zarabotuvachka/

# ПРИЛОЗИ

## НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Сектор:** Електротехника
**Квалификација:** Техничар за индустриска мехатроника
**Времетраење на образованието:** четири години

| Ознака на прог. подр. и модули | Програмски подрачја и модули | Ознака на предметите | Предмети | Задол. (З)/ Избор. (И) | Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно нч/гч/к |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | I година | | | | II година | | | | III година | | | | IV година | | | | |
| | | | | | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | |
| | | | | | Т[1] | В | ПН | | Т | В | ПН | | Т | В | ПН | | Т | В | ПН | | |
| I. ОО | ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЗОМ | Заеднички општообразовен модул | П1 | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | З | 3 | | | 108/6 | 3 | | | 108/6 | 3 | | | 108/6 | 3 | | | 99/6 | |
| | | | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | | (2) | | | 72/4 | (2) | | | 72/4 | (2) | | | 72/4 | (2) | | | 66/4 | |
| | | П2 | Англиски јазик | З | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| | | П3 | Информатика | З | 2 | | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П4 | Историја | З | 2 | | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П5 | Граѓанско образование | З | 2 | | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П6 | Спорт и спортски активности | З | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| **Вкупно ЗОМ** | | | | | 13 (15) | | | 468/ 26 (540)/ (30) | 7 (9) | | | 252/ 14 (324)/ (18) | 7 (9) | | | 252/ 14 (324)/ (18) | 7 (9) | | | 231/ 14 (297)/ (18) | 34/1203 /68 |
| ОМЗС | Општо-образовен модул значаен за одреден сектор | П1 | Математика | З | 3 | | | 108/6 | 3 | | | 108/6 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| | | П2 | Физика | З | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | | | | | | | | | |
| **Вкупно ОМЗС** | | | | | 5 | | | 180/ 10 | 5 | | | 180/ 10 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | 14/498/ 28 |
| **Вкупно ОО (ЗОМ+ОМЗС)** | | | | | 18 (20) | | | 648/ 36 (720)/ (40) | 12 (14) | | | 432/ 24 (504)/ (28) | 9 (11) | | | 324/ 18 (396)/ (22) | 9 (11) | | | 297/18 (363)/ (22) | 48/1701 /96 |

[1] Наставата по општообразовните предмети ќе се реализира согласно насоките во наставните програми.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II. СО** | **СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ЗСМ** | **Задолжителни модули** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЗСМ1 | ПРИМЕ-НЕТА ЕЛЕКТРО-ТЕХНИКА | П1 | Електротехника | З | 3 | 1 | | 144/8 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П2 | Електротехнички материјали | З | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П3 | Електроника | З | | | | | 3 | 1 | | 144/8 | | | | | | | | | |
| | | П4 | Електрични мерења | З | | | | | 2 | 1 | | 108/6 | | | | | | | | | |
| ЗСМ2 | МАШИН-СТВО | П1 | Техничка комуникација | З | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П2 | Основи на машинство | З | 3 | 1 | | 144/8 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П3 | Хидраулика и пневматика | З | | | | | 2 | 1 | | 108/6 | | | | | | | | | |
| ЗСМ2 | ДИГИ-ТАЛНИ СИСТЕМИ | П1 | Логички кола | З | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | | | | | |
| | | П2 | Основи на дигитални системи | З | | | | | | | | | 3 | 1 | | 144/8 | | | | | |
| | | П3 | Микропроцесори и микроконтролери | З | | | | | | | | | | | | | 2 | 2 | | 132/8 | |
| ЗСМ3 | АВТОМА-ТИЗИРАНИ СИСТЕМИ | П1 | Основи на програмирање | З | | | | | 2 | 1 | | 108/6 | | | | | | | | | |
| | | П2 | Автоматика | З | | | | | | | | | 2 | 1 | | 108/6 | | | | | |
| | | П2 | Мехатронички системи | З | | | | | | | | | 3 | 1 | | 144/8 | 3 | 1 | | 132/8 | |
| | | П3 | Процесно управување | З | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 66/4 | |
| **Вкупно ЗСМ** | | | | | 8 | | | 288/ 16 | 10 | | | 360/ 20 | 8 | | | 288/ 16 | 6 | | | 198/ 12 | 32/1134 /64 |
| **Практична настава (ПН) и вежби (В)[2]** | | | | З | 4 | | | 144/ 8 | 5 | | | 180/ 10 | 3 | | | 108/ 6 | 4 | | | 132/ 8 | 16/564/ 32 |
| **Вкупно ЗСМ + ПН + В** | | | | | 12 | | | 432/ 24 | 15 | | | 540/ 30 | 11 | | | 396/ 22 | 10 | | | 330/ 20 | 48/1698 / 96 |
| **ИСМ** | **Изборни модули** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ИМ2 | | П1 | Технологија на обработка | И | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | |
| | | П2 | Обновливи извори на енергија | И | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | |
| | | П3 | Индустриска електроенергетика | И | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | |
| ИМ3 | | П1 | Енергетска ефикасност на објекти | И | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 66/4 | |
| | | П2 | Електрични возила | И | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 66/4 | |
| | | П3 | Роботика | И | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 66/4 | |
| **Вкупно ИМ** | | | | | | | | | | | | | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | 4/138/8 |
| **Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В + ИМ)** | | | | | 12 | | | 432/ 24 | 15 | | | 540/ 30 | 13 | | | 468/ 26 | 12 | | | 396/ 24 | 52/1836 /104 |
| **III.ПО** | **ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Учење преку работа кај работодавач | | | | | | | | 5 (1-1,5 дена) | | | 180/ 6 | 10 (1,5-2 дена) | | | 360/ 16 | 11 (2-2,5 дена) | | | 363/14 | 26/903/ 36 |

[2] Часовите наменети за практична настава и вежби ќе бидат распоредени во рамките на соодветните модули од стручното образование при изработката на изведбените наставни планови. Истите можат да бидат реализирани и во рамките на Учењето преку работа кај работодавач

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Феријална практика[3] | | до 20 дена | | до 20 дена | | до 20 дена | | | | |
| Вкупно практично образование (ПО) | | | | | 5 | 180/6 | 10 | 360/16 | 11 | 363/14 | 26/903/36 |
| Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В + ИМ) +ПО | | | 12 | 432/24 | 20 | 720/36 | 23 | 828/42 | 23 | 759/38 | 78/2739/140 |
| Вкупно часови неделно/годишно/кредити (ОО+СО+ПО) | | | 30/1080/60 | | 32/1152/60 | | 32/1152/60 | | 32/1056/56 | | 126/4440/236 |
| IV.СПУ | СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО | | | | | | | | | | |
| Содржини програмирани од училиштето | | СПУ | 2 | 72/4 | 2 | 72/4 | 2 | 72/4 | 2 | 66/4 | 8/282/16 |
| V.СМ - ЗИ | СТРУЧНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ | | | | | | | | | | |
| Државна/Стручна матура и завршен испит-кредитни вредности | | 3 | | | | | | | 4 | | 4 |
| Вкупно кредити | | | 60 | | 60 | | 60 | | 60 | | 240 |

Наставниот план за образовниот профил/квалификација **Техничар за индустриска мехатроника** со четиригодишно времетраење на образованието во струка/сектор – Електротехничка / Електротехника, донесен е од Министерот за образование и наука со решение бр 12-6533/4 од 06.06.2018 год.,

[3] Учениците во I, II и III година, за време на ученичките распусти, континуирано реализираат Феријална практика кај работодавач или во реална училишна компанија во траење до 20 дена, според потребите и барањата на квалификациите во одреден сектор.

НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОБРАЗВЕН ПРОФИЛ МЕХАТРОНИЧАР

| **Übersicht über die Lernfelder für den Ausbildungsberuf Mechatroniker / Mechatronikerin**<br>Преглед на областите на изучување на професионалното образование за занимањето мехатроничар | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Lernfelder**<br>Области на изучување | | **1. Ausbildungsjahr**<br>1ва година на изучување | **2. Ausbildungsjahr**<br>2ра година на изучување | **3. Ausbildungsjahr**<br>3та година на изучување |
| 1 | **Analysieren von Funktionszusammenhängen in mechatronischen Systemen**<br>Анализирање на фукционалната поврзаност во мехатрони системи | 40 | | |
| 2 | **Herstellen mechanischer Teilsysteme**<br>Производство на механички потсистеми | 80 | | |
| 3 | **Installieren eletrischer Betriebsmittel unter Beachtung sicherheitstechnischer Aspekte**<br>Инсталирање на електрична опрема под контрола од сигурносно- технички аспект | 100 | | |
| 4 | **Untersuchen der Energie- und Informationsflüsse in elektrischen und hydraulischen Baugruppen**<br>Испитување на енергетските и информациските текови во хидрауличните склопови | 60 | | |
| 5 | **Kommunizieren mit Hilfe von Datenverarbeitungssystemen**<br>Комуницирање со помош на системи за обработка на податоци | 40 | | |
| 6 | **Planen und Organisieren von Arbeitsabläufen**<br>Планирање и организирање на работни текови | | 40 | |
| 7 | **Realisieren mechatronischer Teilsysteme**<br>Реализирање на мехатрони потсистеми | | 100 | |
| 8 | **Design und Erstellen mechatronischer Systeme**<br>Дизајн и изработка на мехатрони системи | | 140 | |
| 9 | **Untersuchen des Informationsflusses in komplexen mechatronischen Systemen**<br>Испитување на протокот на информации во сложени мехатрони системи | | | 80 |
| 10 | **Planen der Montage und Demontage**<br>Планирање на монтажа и демонтажа | | | 40 |
| 11 | **Inbetriebnahme, Fehlersuche und Instandsetzung**<br>Пуштање во работа, отстранување на проблеми и поправка | | | 160 |
| 12 | **Vorbeugende Instandhaltung**<br>Превентивно одржување | | | 80 |
| 13 | **Übergabe von mechatronischen Systemen an Kunden**<br>Предавање на мехатрони системи на клиентите | | | 60 |
| | **Summen**<br>Вкупно | 320 | 280 | 420 |

Извор: Секретаријат на Постојаната конференција на министрите за образование и културни прашања на Сојузна Република Германија, Берлин, 2017